**Универзитет “Св. Кирил и Методиј”**
Филозофски факултет
Институт за безбедност, одбрана и мир

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Ментор:
Проф. д-р Оливер Бакрески

Кандидат:
Симона Нацевска

Скопје, 2019

# Содржина

# I ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

ВОВЕД ....................................................................................................5

Предмет и операционализација на основните поими................................................6

Цели на истражувањето..............................................................................................9

Хипотези на истражувањето.......................................................................................11

Методолошки пристапи и техники.............................................................................11

Безбедноста како функција на државата .................................................................14

Приватизација на безбедноста и војувањетото .......................................................18

Приватна безбедност и приватен безбедносен сектор ............................................22

Фактори за појавата на приватната безбедносна индустрија .................................26

Приватни безбедносни актери ..................................................................................30

- Поим за платеници и контрактори ......................................................................34
- Приватни воени компании (ПВК)........................................................................36
- Приватни безбедносни компании .......................................................................40
- Приватни компании за обезбедување ................................................................41

Историја и развој на приватните воени и безбедносни компании ..........................42

Однос јавна - приватна безбедност ..........................................................................46

Регулација на приватната безбедност - потреба и перспективи

Потреба за регулација на приватната безбедносна индустрија ....................49

Меѓународна регулатива.......................................................................................52

Регулирање на приватната безбедност на национално ниво........................54

# II ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

1. **Интерпретација на резултатите од истражувањето**

1.1. Основни демографски, економски и податоци за политичкото уредување во Југоисточна Европа ........................................................................58
1.2. Регулирање на приватната безбедност во земјите од ЈИЕ....................61
1.2.1. Република Македонија ..........................................................................61
1.2.2. Република Србија .................................................................................63
1.2.3. Република Хрватска ..............................................................................66
1.2.4. Бугарија ..................................................................................................69
1.2.5. Република Албанија ..............................................................................72
1.2.6. Босна и Херцеговина ............................................................................74
1.2.7. Република Црна Гора ...........................................................................77
1.2.8. Грција .....................................................................................................79
1.2.9. Романија ..................................................................................................80
1.3. Приватни агенции за обезбедување во Југоисточна Европа ..................82
1.3.1. Република Македонија...........................................................................82
1.3.1.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување ...82
1.3.1.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување ...................84
1.3.1.3. Врска со безбедносниот сектор ..................................................85
1.3.1.4. Врска со политиката ....................................................................87
1.3.2. Република Србија ..................................................................................88
1.3.2.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување ....88
1.3.2.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување…..................89
1.3.2.3. Врска со безбедносниот сектор ..................................................90
1.3.2.4. Врска со политиката ....................................................................91
1.3.3. Република Хрватска ..............................................................................91
1.3.3.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување....91
1.3.3.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување....................93
1.3.3.3. Врска со безбедносниот сектор ..................................................94
1.3.3.4. Врска со политиката ....................................................................95
1.3.4. Бугарија ..................................................................................................95
1.3.4.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување ....95
1.3.4.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување....................97

1.3.4.3. Врска со безбедносниот сектор ....................................................97
1.3.4.4. Врска со политиката ...........................................................................98
1.3.5. Република Албанија ...........................................................................................99
1.3.5.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување ....99
1.3.5.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување..................100
1.3.5.3. Врска со безбедносниот сектор ..................................................100
1.3.5.4. Врска со политиката .........................................................................101
1.3.6. Република Босна и Херцеговина ........................................................101
6.3.6.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување ..101
6.3.6.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување..................103
6.3.6.3. Врска со безбедносниот сектор ..................................................104
6.3.6.4. Врска со политиката .........................................................................105
1.3.7. Република Црна Гора ..........................................................................................105
6.3.7.1 Законски основи за формирање агенции за обезбедување...105
6.3.7.2 Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување...................106
6.3.7.3 Врска со безбедносниот сектор...................................................106
6.3.7.4 Врска со политиката .........................................................................107
1.3.8. Романија ..............................................................................................................107
6.3.8.1 Законски основи за формирање агенции за обезбедување.....107
6.3.8.2 Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување....................109
6.3.8.3 Врска со безбедносниот сектор...................................................109
6.3.8.4 Врска со политиката .........................................................................110
1.3.9. Грција ....................................................................................................................111
6.3.9.1 Законски основи за формирање агенции за обезбедување.....111
6.3.9.2 Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување.....................112
6.3.9.3 Врска со безбедносниот сектор ..................................................113

2. ЗАКЛУЧОК ...............................................................................................................114
Користена литература .................................................................................................118

# Вовед

Бебзбедноста отсекогаш претставувала предмет на интерес на научните кругови. Таа е дејност која што е во постојана динамика и за нејзиното значење сеуште се дебатира. Обидите да се осигура безбедноста се појавуваат во сите епохи на човековото живеење. Во секоја општествена заедница човекот се обидувал да постигне што поголемо ниво на лична и колективна безбедност.

Како едно од најзначајните прашања за опстанок и развој на државите отсекогаш претставува нивната безбедност. Во настојувањето на државата да одговори на сите предизвици, ризици и закани и да ја оствари својата функција, заштита на граѓаните, разбирливо е дека секоја држава посветува огромно внимание во градењето на својата безбедност

Во минатото се сметало дека државата имала централна улога во обезбедувањето на безбедноста на своите граѓани. Меѓутоа со новите процеси кои се случуваат на глобална сцена, се повеќе се менуваат ваквите гледишта. Концептот за безбедноста се менува и се проширува и се надминуваат традиционалните концепти за безбедност. На сцената доаѓа и приватната безбедност. Иако подолг период на приватната безбедност не и било давано потребното внимание и имала подредена улога во однос на јавната безбедност, денеска е повеќе од јасна нејзината улога во обезбедувањето на општеството. Со своите активности и услуги таа станува рамноправен партнер на јавниот сектор. По бројот на функции и персонал во многу држави приватниот безбедносен сектор е значително поголем од државниот.

Приватните актери даваат услуги кои порано се сметале како исклучиво државни - односно приватната безбедност денес ги обезбедува сите витални точки во збирот на добра, како критичната инфраструктура, виртуелниот простор, интелектуалната безбедност, го одвраќа криминалот, обезбедува трговски центри, училишта, болници, амбасади, учествува во мировни мисии, врши обуки и слично. Денес тие се едни од главните безбедносни провајдери во современите држави.

## Предмет и операционализација на основните поими

Приватната безбедност последниве децении доживува огромна експанзија. Се зголемува бројот и видот на услугите што ги нуди, а и бројот на припадници на оваа индустрија постојано расте и во многу случаи го надминува бројот на државните сили. Не ретко приватните безбедносни актери создаваат соработка со субјектите на системот за национална безбедност. Со активностите кои ги врши, приватната безбедност дава придонес кон зајакнување на безбедноста на локално, регионално и меѓународно ниво. На пазарот се повеќе се појавуваат приватни компании кои нудат разни безбедносни услуги, и во однос на обезбедување на внатрешната безбедност, како и учество во меѓународни воени зафати.

Предмет во рамките на магистерскиот труд ќе биде да се согледа како е регулирана приватната безбедност во државите на Југоисточна Европа. Акцент ќе се стави на правната регулатива и другите норми и прописи кои ја третираат оваа проблематика.

Од формално-категоријален аспект, во рамките на истражувањето најмногу ќе бидат експонирани следните термини:

*Безбедност* - зборот безбедност (англиски security), е во врска со латинскиот збор securitas - atas, што значи безбедност, отсуство на опасности, извесност, самодоверба, заштитеност. Според дефиницијата за безбедност од ООН, “безбедноста е состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, од политички принуди или од економски присили, така што можат слободно да се развиваат и да напредуваат”. Безбедноста може да ја третираме како состојба во која е осигуран урамнотежениот физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во однос на другите поединци, општествени заедници и природата. Безбедноста во суштина претставува иманентен структурен дел на општеството што во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, а исто така и дејност, односно систем.

*Безбедносен сектор* - Безбедносниот сектор денес покрај традиционалните конституенси (војска и полиција), ги опфаќа и сите оние органи на државата кои се

овластени да носат и да употребуваат оружје, односно применуваат сила: граничните единици, разузнавачките служби, финансиската полиција, специјални антитерористички единици, царината, судските и затворските служби. Организацијата на безбедносниот сектор опфаќа мрежа на институции и организации кои на најефикасен начин ја остваруваат одбранбено-заштитната и безбедносната дејност на сите утврдени нивоа и за сите безбедносни потреби.

*Приватизација на безбедноста* - Во осумдесеттите години на XX век во земјите од Западна Европа и Северна Америка започнува процес на приватизирање на дел од државниот имот и разни дејности во државна надлежност, а ваквиот тренд го зафаќа и безбедносниот сектор. Подемот на приватизација на безбедносниот сектор својот замав го зема кон крајот на деведесеттите години на минатиот век. Приватизацијата претставува пренесување на области од безбедносниот сектор во рацете на приватната индустрија, односно создавање на приватен пазар за нудење/набавување безбедносни услуги. Со тоа државата и нејзините институции повеќе не се единствените субјекти кои се грижат за безбедноста на своите граѓани.

*Приватна безбедност* - под приватна безбедност се подразбира планска, организирана и законски заснована, самостојна или заедничка дејност и функција на поединци, претпријатија, приватни и/или професионални агенции, насочена кон сопствена заштита или заштита на други, како и заштита на соодветни лица, простор, објекти, работење или дејност, а кои не се покриени со ексклузивна заштита на државните органи. Карактеристична област на делување на приватната безбедност е токму во доменот на обезбедување на лица, имот и работењето на претпријатијата и други правни лица, а се манифестира и преку детективската работа. Имајќи ја предвид нејзината содржина и значење, приватната безбедност може да се дефинира како потсистем на безбедносниот систем.

*Приватни воени компании* - ПВК. Генерално, приватните воени компании дејствуваат како мали советодавни фирми, но и како големи транснационални корпорации кои обезбедуваат оперативна и логистичка поддршка, потоа изнајмуваат борбени хеликоптери, обезбедуваат сили за борбени дејства,

стратегиско планирање, прибирање доверливи информации, обука, набавки и одржување. Тие се разликуваат од другите елементи на безбедносниот систем по организациската структура и мотивираноста. Имено, тие се регистрирани фирми со корпорациски структури и ги даваат своите услуги главно заради добивка, а не од политички причини.

*Приватни безбедносни компании* - ПБК ги имаат истите корпоративни одлики и командни структури како и ПВК, а главната разлика е во услугите кои ги нудат. Тие се главно свртени кон спречување на криминал и обезбедување на јавниот ред и мир. Тие нудат и чуварски услуги за затвори, аеродроми, инфраструктурни објекти и приватни лица. Нивните услуги не секогаш бараат вооруженост на приватното обезбедување, а нивните операции се прилично од дефанзивна, наместо од офанзивна природа и многу почесто се грижат за поголема група корисници, вклучувајќи и влади, меѓународни агенции, невладини и комерцијални организации.

*Приватни агенции за обезбедување* - Приватните агенции за обезбедување даваат услуги кои имаат за цел да заштитат бизнис компании и имот, и на тој начин да придонесат во спречување на криминалот. Тие постојат во многу земји и нивниот број се зголемува. Во практика, компаниите многу често ја комбинираат воената и безбедносната експертиза поради тоа што се смета дека и двете се од подеднакво значење и неопходни во одредени региони. Тие исто така нудат внатрешни безбедносни услуги почнувајќи од обезбедување места, превенција на криминал и разузнавање

*Корпоративни организации* - Се мултидисциплинарни и најчесто меѓународни претпријатија со широк спектар на дејности, кои покрај својата примарна работа се одлучуваат да нудат и услуги на воениот сектор со цел да го прошират своето работење. Ваквите претпријатија ги класифицираме како корпоративни организации кои го помагаат воениот сектор. Многу вакви претпријатија во литературата се оквалификувале како приватни воени организации, но тие не се приватни воени организации во потполност, туку поседуваат одредени способности и ги нудат своите услуги само како дел од својот широк спектар на сопствени можности.

*Платеници* - Според енциклопедијата Википедија, платеник е “лице кое учествува во вооружен конфликт, кое не е националност, или страна во конфликтот, мотивирано да земе учество во непријателствата со цел стекнување на приватна (материјална) добивка”. Со Првиот дополнителен протокол на Женевските конвенции, тие дефинитивно се ставени вон закон.

*Регулирање* - Англиски regulation, уредување, средување, внесување всушност усогласување со некои норми, прописи, стандарди или барања. Накратко, регулирањето може да биде интерпретирано како општи формални механизми на контрола кои се воспоставени со цел да го насочат однесувањето и да обезбедат универзална примена на законите. Може да се каже дека поголема регулација води кон зголемена одговорност.

## Цели на истражувањето

Истражувањето, за потребата од постоење на регулација на приватната безбедност во државите од Југоисточна Европа, има научна и практична цел.

*Научната цел* на магистерскиот труд е да се изврши научна дескрипција и научно објаснување на феноменот на приватната безбедност и нејзиното значење во остварување на безбедноста на глобално ниво, како и потребата и значењето од регулирање на оваа сфера, со посебен осврт на регулирањето на приватната безбедност во државите од Југоисточна Европа.

*Практичната цел* на ова истражувањето е да се обезбедат основни сознанија со кои може да се согледа и реално да се процени состојбата со приватната безбедност во регионот на Југоисточна Европа во однос на нејзиното регулирање. Односно да се увиди какви се практиките во овие држави во тој поглед, дали е потребно да се иницираат нови законски и подзаконски акти, да се воведат измени и надополнувања на веќе постоечките, како и усогласување на националните законодавства и потпишување и ратификување на меѓународни договори кои ја третираат оваа проблематика.

Врз основа на определените цели ќе произлезат следните **задачи**:

- да се согледа како е етаблирана приватната безбедност во државите од Југоисточна Европа;
- да се види како е регулирана приватната безбедност во рамките на државите од Југоисточна Европа;
- да се види што значи правната рамка и какви решенија нуди од аспект на земјите од Југоисточна Европа;
- да се направи компарација на понудените решенија од државите од аспект на нивната примена;
- да се согледа кои се најдобри практики од одделните држави и како можат да се применат во Република Македонија како позитивно искуство;
- да се согледа како е регулирана приватната безбедност на меѓународен план.
- да се согледа дали со успешното регулирање на приватната безбедност ќе се придонесе кон подобрување на безбедноста на национален, регионален и меѓународен план.

**Хипотези на истражувањето**

Врз основа на утврдените цели на истражувањето, ги утврдуваме следната општа и посебни хипотези.

*Општа хипотеза* - Регулирањето на приватната безбедност во државите од Југоисточна Европа, пред се, зависи од пристапот и од адекватната примена на решенијата за регулирање на оваа проблематика.

*Посебни хипотези*

- правилна и јасно осмислена стратегија за развојот на приватната безбедност придонесува за создавање на добра рамка за регулирање на приватната безбедност;
- создавањето на адекватна рамка за приватната безбедност зависи од пристапот и од реалните согледувања на политичките авторитети за решавање на оваа проблематика;

- создавање на добра рамка за регулирање на оваа сфера подразбира и предвидување на идните проблеми;
- регулирањето на приватната безбедност зависи од постоењето на реална потреба да се усогласат прашањата од оваа сфера;
- правната рамка треба јасно да ги разграничи улогите на приватниот и јавниот безбедносен сектор
- регулирањето на приватната безбедност ќе ги зајакне механизмите на контрола на агенциите за обезбедување;
- регулирањето на приватната безбедност ќе придонесе кон решавање на бројни проблеми поврзани со оваа индустија.

**Методолошки пристапи и техники**

Секое истражување, секој научен проект си има свој специфичен начин на доаѓање до потребните податоци и нивна соодветна обработка и презентирање. Во зависност од тоа за каков вид на истражување се работи, се применуваат соодветни методи и истражни техники. Имајки ја во предвид комплексноста и повеќедимензионалноста на ова истражување, изборот на методите за анализа на добиените податоци, ќе се врши според карактерот и целите на овој труд.

Во истражувањето ќе бидат користени секундарни извори на податоци. Во прв план мислиме на архивирани податоци и библиографски фондови на соодветните институции и најнови сознанија од домашната и странска литература од областа кои се важни и се со круцијално значење за истражувањето, понатаму нормативни и правни акти, политички документи, протоколи, договори, заклучоци и сл. Ќе се компарираат стручни студии од области кои ја третираат оваа проблематика, научна литература и др. За изведување на овој метод, ќе се изработи посебен протокол за анализа кој освен правната ќе вклучува и споредбена анализа на актите.

Интегралниот (квантитативно - квалитативниот и аналитичко-синтетичкиот) пристап, со утврден аналитички концепт за потврдување на веродостојноста на мисловната активност, ќе ја имаат носечката улога во анализата и презентирањето на проблемот.

Компарацискиот метод најголема апликација ќе има при согледувањето на развојот на приватната безбедност и нејзиното регулирање во различните држави, односно ќе се компарираат стручни студии кои ја третираат оваа област, научна литература и друго. Исто така, освен правната рамка ќе вклучува и споредбена анализа на актите, документи и сл.

Во фазата на прибирање податоци за теориска анализа, своја примена ќе има и историографскиот метод, односно историографските пишани податоци, со цел да се осознаат и искористат искуствата од минатото за периодот за кој постои научно-верификувана документација.

Користејќи го компаративниот метод ќе се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци. Врз основа на добиениот теориски материјал, ќе може да се утврди степенот на варијабилноста помеѓу причините и состојбите што се истражуваат и ќе се утврди нивната детерминираност.

Методот на анализа на содржина ќе најде своја примена во анализата на историографските податоци и теориските сознанија кои ќе се компарираат со фрекфентната и семантичката компонента од методот на анализа на содржината, и ќе имаат примена во претходно селектираната и ограничена примена на податоци. Селектирањето на квалитативните (секундарни) податоци и нивното оценување ќе имаат за цел: утврдување дали податоците содржајно се однесуваат на предметот на истражување и дали правилно ја изразуваат насоката и својствата на проблемот - појавата.

Со ова истражување ќе се согледаат состојбите на приватната безбедност во државите од Југоисточна Европа, ќе се направи анализа и компарација на законската регулатива и стандардите со кои таа е регулирана во посебните држави со цел да се увидат најдобрите практики и можни решенија кои позитивно влијаат на подобрување на безбедноста во целост.

# I ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# Безбедноста како функција на државата

Државата претставува централен дел на политичкиот систем, односно историска константа и најважен облик на политичкото организирање.[1] Различните епохи и теории ја определуваат нејзината улога во политичкиот систем на различни начини. Државата наједноставно може да се дефинира како основен и најважен облик на политичко организирање на секое класично општество.

Државата претставува формален претставник на општественото единство која врши низа неопходни функции на општеството како организирана целина. Со оглед на тоа што основната функција на секоја држава претставува заштитата на општите услови за постоење на општествениот поредок, било на надворешен било на внатрешен план, државата има монопол врз примената на физичката сила. Во определувањето на државните функции најопшто прифатена е онаа поделба што ги дели на две групи:

- класични (војската, јавниот поредок, заштитата, надворешната политика, финансиите, законодавството);
- општествени (стопанство, култура итн.).[2]

Според Макс Вебер она што ја прави државата ексклузивна не се нејзините цели, туку средствата со кои таа располага. Според него, државата претставува човечка заедница која располага со монопол на легитимна употреба на сила на одредена територија. Во државата и други институции и поединци, можат и имаат право, понекогаш да употребат физичка сила, онаму каде тоа е дозволено со закон. Веберијанската држава се одликува со поседување на :

- админстративен управен апарат,
- монопол врз репресивниот апарат и насилство, и
- способност да го одржи, манифестира и употреби, тој монопол доколку е потребно.[3]

---

1 Ванковска Б., *Политички систем*, Бомат Графикс, Скопје, 2007 стр.27-28.
2 Котовчевски М., *Национална безбедност*, Филозофски факултет, Скопје, 2011 стр.23-26.
3 Пошироко во: Ванковска Б., *Политички систем*, Бомат Графикс, Скопје, 2007 стр.30.

Низ различните фази на развојот на човекот, општеството и државата, биле преземани и се преземаат различни мерки за постигнување на поголема безбедност и заштита на нивните витални интереси и вредности. Содржината на поимот безбедност не е лесно да се определи, особено што има повеќе значења во теоријата, законодавството и секојдневната практика. Во теоријата се присутни размислувања кои безбедноста ја определуваат како функција, состојба или организација.[4]

Во теоријата постојат мислења каде што безбедноста се анализира како функција која подразбира вршење на работите на безбедноста заради заштита на виталните вредности на општеството. Значајно за безбедноста на скоро сите држави е тоа дека тие имаат речиси исти функции:

1. Обезбедување и заштита на државниот интегритет и суверенитет.
2. Водење на меѓународната политика и меѓународните односи.
3. Обезбедување и заштита на независноста и територијалниот интегритет.
4. Остварување и заштита на слободите и правата на граѓаните.

Безбедносната функција на секоја држава има два облици на делување: превентивен облик (функција) - државата со своето постоење и правовремено ангажирање претставува инструмент за одвраќање од сите облици на загрозување; и репресивен облик (функција) - со отстранување на причините на опасноста и со елиминирање на нивните носители по пат на примена на сила на правно дозволен начин.[5]

Денеска зборот *безбедност,* речиси во сите јазици и култури, се наоѓа во употреба во голем број на различни општествени области, како што се политиката, здравството, информатиката, екологија, спортот, психологијата, економија и финансии, архитектурата и слично. За нејзиното исклучително големо значење и распространетост најдобро зборува фактот дека на интернет е позастапена од зборовите мир, војна, бог или политика. Додека самиот термин е во широка употреба, и се чини дека е прифатен како централен организирачки

---

[4] Кузев С., *Безбедноста, приватната безбедност и детективската дејност*, во Годишен зборник на трудови, година 3, бр.3, Европски Универзитет на Република Македонија, Скопје 2011, стр.450

[5] Котовчевски М., *Национална безбедност*, Филозофски факултет, Скопје 2011, стр.25-26

концепт и од практикантите и од академиците, литературата за него е многу неизбалансирана.[6] Во академската и политичката заедница се прават долготрајни обиди да се утврди заемно прифатлива дефиниција за безбедноста. Според многумина ова е невозможна мисија, имајќи предвид дека теориските пристапи и самиот концепт за безбедност даваат мноштво од различни идеи и модели за тоа што е безбедноста.[7]

Приодот кон безбедноста најдобро го изразил угледниот истражувач Арнолд Волферс (Arnold Wolfers), чии истражувања за безбедноста, а особено националната безбедност, се едни од поистакнатите во оваа област. Предупредувајќи на повеќедимензионалноста и сложеноста на проблемот на безбедноста, Воферс, безбедноста ја одредил како “неодреден симбол” кој може, но и не мора да има некое значење. Поради тоа, за да се разбере безбедносниот феномен, потребно е да се изучуваат темелните категории на поимот безбедност, видовите безбедност, целите за остварување, видовите на загрозување итн.[8]

Зборот безбедност доаѓа од латинскиот **sine cura** што значи “без грижа” и како таков претставува малку еластичен термин со оглед на тоа дека “грижата” може да претставува најголем страв на најмала фрустрација. Во тој контекст интересна е и анализата на терминот во нашиот јазик - безбедност = на “без беда” -материјална, духовна и слично, што повторно асоцира на латинските корени на овој термин, нешто што живее без беда има поголема веројатност да живее безгрижно, односно да живее во амбиент во кој грижите ќе бидат сведени на најмала можна мера, да живее во слобода, мир и благосостојба.[9]

Безбедноста сфатена во најширока смисла на зборот ја подразбира вкупната безбедност на државите, при што во неа се вклучени надворешната и

---

6 Бузан Б., *Луѓе, држави и страв: Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи*, Академски печат, Скопје 2010, стр.29.

7 Георгиева Л., *Европска безбедност: концепти, процеси и институции*, Филозофски факултет, Скопје 2010, стр.15.

8 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.18.

9 Котовчевски *М., Национална безбедност,* Филозофски факултет, стр.27.

внатрешната безбедност.[10] Плејада на автори се обидуваат да ја дефинираат безбедноста. Така, според Иан Белламу, безбедноста сама по себе претставува релативно отсуство на војна, проследено со релативно високо очекување дека нема да се доживее пораз доколку таа сепак се случи.[11] Во десеттото издание на Мериам-Вебстер факултетскиот речник, безбедноста е “слобода од страв и анксиозност... нешто што заштитува.. мерки преземени да спречат шпионажа или саботажа, криминал, напад или бегство.. организација или оддел чија задача е безбедноста”. Роберт Фишер и Гион Грин ја опишуваат безбедноста како стабилна, релативно предвидлива средина во која поединец или група може да ги постигнат своите цели без попречување или штета, или чувство на страв од вознемирување или од повреда.[12] Според Јан Лоудер и Нил Вокер, безбедноста е драгоцено јавно добро, односно нужен елемент на секое “добро општество”, а нужна и доблесна задача на демократската држава е да го создаде и одржува ова јавно добро.[13] Според дефиницијата на ООН изработена во 1985 година, “безбедноста е состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, политички принуди или економски присили така што можат слободно да се развиваат”.[14]

Поаѓајќи од политиката што ја гради Р. Македонија во сферата на безбедноста, под безбедност се подразбира: 1) одредена (достигната или проектирана) состојба на безбедност, 2) функционално подрачје на дејствување на различни безбедносни институции, заедно со вкупните општествени

---

[10] Кузев С., *Безбедноста, приватната безбедност и детективската дејност,* во Годишен зборник на трудови, година 3, бр.3, Европски Универзитет на Република Македонија, Скопје, 2011, стр.449.

[11] Георгиева Л, *Европска безбедност: концепти, процеси и институции*, Филозофски факултет, Скопје 2010, стр.15.

[12] Fisher J.R., Halibozek E., and Green G., *Introduction to security,* Elsevier Inc., New York 2018, pp.20-40, преземено од: Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.18-19.

[13] Loader I. and Walker N., *Civilizing Security,* Cambrige: Cambrige University Press, 2017, преземено од Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје 2011, стр.19.

[14] Тадиќ Б., *Несврстаност и меѓународна безбедност,* ЦОССИ, Белград 1981, *Во: Котовчевски М., Национална безбедност*, Филозофски факултет, Скопје 2011, стр.35.

настојувања на полето на безбедносните цели и 3) безбедносните институции, поврзани во одреден систем на односи.[15]

Дефинирајќи ја безбедноста на ваков начин, следен неизбежен чекор во аналитичкиот процес е прашањето: ”За чија безбедност станува збор?” Многу децении доминантен одговор е дека кога се говори за безбедноста во меѓународната политика, државите се доминантен одговор. Но, со променетата природа на заканите и предизвиците се вклучуваат нови референтни објекти на безбедноста (“она што треба да се заштити”), како што се општествените групи (социјална безбедност), човечкото суштество (хумана безбедност) или животната средина (еколошка безбедност). Значи чувството за безбедност е фундаментална задача на државата во новата безбедносна средина во која државите треба да одговорат адекватно на променетата природа на внатрешните и надворешните закани, ризици и предизвици. Од искажаното може да се заклучи дека без соодветно ниво на безбедност, нема ниту индивидуални слободи на граѓаните. Во ниту едно општество не може да се оствари максимална безбедност, ниту апсолутна слобода. [16]

## Приватизација на безбедноста и војувањето

Глобализацијата како комплексен општествен процес драматично го промени секојдневниот живот на луѓето и услови појава на нови или видоизменети општествени односи во економската, политичката, социјалната, техничко-технолошката, еколошката, културната, безбедносната и други сфери, со што светот го стави пред потребата од изнаоѓање нови начини на справување со новите предизвици и нови методи на проучување на сегашната стварност, која по

[15] Бакрески О., Триван Д., Митевски С., *Корпорациски безбедносен систем*, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Скопје 2012, стр.24

[16] Котовчевски М., *Национална безбедност*, Филозофски факултет, Скопје 2011, стр.35.19-24

многу нешта е подинамична, понеизвесна и понестабилна од општествената стварност во традиционалните и модерните општества.[17]

Под големото влијание на глобализацијата, во последните години, парадигмата на приватизацијата се прошири низ светот како шумски пожар. Обезбедувајќи поголема ефикасност и ефективност, приватизацијата честопати е обликувана како лек за несмасниот и скап перформанс на јавната администрација. Овој вид на државно-скептични мислења кои го поддржуваат приватниот сектор, станаа политички најзначајни во 1980-те години во конзервативната влада на Маргарет Тачер во Велика Британија и Роналд Реган во САД. Оттогаш, воспоставени се различни модели на приватизација за да се намали вклученоста на државата во пазарните активности, зголемувајќи го придонесот на приватни актери во области кои порано биле во јавна надлежност. Тоа вклучувало продажба на претпријатија од јавна сопственост, франшизирање преку давање на приватни фирми ексклузивно право да обезбедуваат услуги во рамките на одредена географска област, комерцијализација, со запирање на државата да обезбедува услуги, и дозволување на приватниот сектор да ја превземе функцијата или обезбеди услуги со склучување договори за обезбедување на конкретни услуги за приватниот сектор.[18] Вака сфатена, приватизацијата е дефинирана како промислен и политички базиран трансфер на одредени јавни функции, задачи или сервиси од државата на приватни актери кои и понатаму ги реализираат за профитна основа.[19] Генерално, приватизацијата претставува процес на пренесување на сопственоста од јавна (државна) во приватна сопственост.[20]

Ваквиот тренд беше најзабележлив во областа на енергетиката, на сообраќајот и на телекомуникациите, но во последната декада станува сè

---

17 Герасимоски С., *Приватната безбедност во услови на глокализац*ија, Годишен зборник на Полициската академија, Полициска академија, Скопје, 2007/2008, стр.388-389.

18 Branovic Z., *The privatization of Security in Failing States: a quantitative assessment,* Geneva Centre for Democratic Control od Armed Forces (DCAF), Occasional Paper No.24, Geneva, April 2011, page 3.

19 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.29.

20 https://mk.wikipedia.org/wiki/Приватизација посетена на 26/4/2016

поочигледен и во високата политика, односно во надворешната и во безбедносната политика.[21]

Приватизација на безбедноста претставува создавање на приватен пазар за нудење/набавување безбедносни услуги, па безбедноста станува стока/добро кое може да се добие во поголема или помала мерка, зависно од финансиските можности на државата. И во двата контекста, настанува нешто што ја поткопува философијата на државата и нејзината централна улога како обезбедувач на безбедноста. Наспроти класичната дефиниција на Макс Вебер за државата како политичка заедница, која располага со ексклузивен и легитимен монопол на употреба на сила, сега локусот на моќта се поместува на ниво кое ја надминува државата и на субдржавно ниво (со приватизацијата).[22]

Трендот што зема замав, во својата основа, претставува процес на приватизација на безбедносниот сектор.[23] Постојат само мал број држави во кои не се одвива овој процес на приватизација.[24]

Постојаната ерозија на државниот монопол над сите форми на организирано насилство е предизвикана од неможноста државата на традиционален начин ефикасно да одговори на современите предизвици, ризици и закани настанати по завршувањето на Студената војна. По падот на Берлинскиот Ѕид во 1989 година и колапсот на СССР, воените и безбедносни функции кои претходно се сметаа за исклучиво државни функции, се повеќе се препишуваат и на приватниот сектор.[25] На ова треба да се надополни и фактот дека по завршувањето на Студената војна се јавува процес на масовни отпуштања на персоналот во одбранбениот сектор (потребата од мал персонал и помали вооружени сили) за да се намалат државните трошоци поврзани со безбедноста. Намалувањето на бројниот сооднос на персоналот во

---

21 http://www.akademik.mk/privatizatsijata-na-bezbednosniot-sektor-4/ посетена на 29/4/2016

22 Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.94-95.

23 http://www.akademik.mk/privatizatsijata-na-bezbednosniot-sektor-4/ посетена на 29/4/2016

24 Schreier F. and Caparini M., *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, DCAF, 2005, стр. 1

25 José L. Gómez del Prado, *The Role of Private Military and Security Companies in Modern Warfare: Impacts on Human Rights*, (достапно на: http://www.globalresearch.ca/the-role-of-private-military-and-security-companies-in-modern-warfare/32307, посетена на 31/3/2016)

безбедносниот сектор ја зголеми понудата од обучена и висококвалификувана работна сила која потоа со нетрпение е барана од страна на приватните компании заинтересирани за безбедносниот бизнис. Крајот на Студената војна исто така резултирал со голема количинај на оружје кое што завршило во приватни раце наместо во државно сопственииштво.[26] Исто така, интересот за одредени региони во светот, појавата на нови војни во земјите во развој во текот на 90-те години на минатиот век и тенденцијата за користење услуги од военообучените лица резултирале со вклучување на приватниот безбедносен сектор како сериозен играч во поширокиот безбедносен контекст и негово прераснување во сериозен актер.[27]

На развиениот Запад цвета бизнисот на т.н маркетизација на безбедноста и т.н. outsourcing the war (пренесување на воените дејствија или најмување на приватни извршители од страна на државните структури), и во однос на обезбедување на внатрешна безбедност и на партиципацијата во меѓународните воени зафати.[28] Таквите тенденции во земјите на источниот блок се забележани значително подоцна.[29]

Приватизацијата на безбедноста е сега широко прифатен феномен, повеќе отколку во кој било претходен период во историјата на модерна нација-држава. Значи приватизацијата на безбедноста е резултат на промената на начинот на војување, промената на правилата на војување во меѓународните односи, како и промената на изворите на загрозување што се идентификувани како најдиректни и најфатални.[30] Зголемувањето на бројот и значењето на приватните компании кои даваат услуги од воен и од безбедносен карактер и услуги во делот на физичко –

---

[26] Nyamuya M., et.al. *Private Military Companies & International Law: Building New Leaders of Legal Acountability and Responsibility, 2009,* во Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.30.

[27] Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор*, Аутопринт, 2012, стр. 96-97.

[28] Ванковска Б., *Меѓународна безбедност*: критички пристап, Филозофски факултет Скопје 2011, стр.95.

[29] Мијалковиќ С. и Милошевска Т., *Кризата на традиционалниот концепт на внатрешна безбедност на државата,* Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, бр.3, год.2, Филозофски факултет, Скопје 2011, стр.90.

[30] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.31.

техничкото обезбедување претставуваат глобален феномен кон крајот на XX век и почетокот на XXI век.[31]

## Приватна безбедност и приватен безбедносен сектор

Историски гледано наназад, приватниот безбедносен сектор и општо приватната безбедност во разни форми и во различни историски услови егзистирале уште во древни времиња. Луѓето отсекогаш сакале да ги заштитат своите вредности и изнаоѓале начини како да се организираат за да го постигнат тоа. Тоа што денес се нарекува приватна безбедност е синхронизиран механизам што придонесува во справувањето со новите извори на загрозување, има доволно сопствени ресурси да ги изнајмува своите добра и услуги на владите, а исто така има и тенденција да биде соодветно регулиран во државните и во меѓународните односи. Настанувањето на приватниот безбедносен сектор, во кој функционираат приватни не-државни провајдери на безбедност, независни од државата, претставува многу значаен момент во развојот како на современите меѓународни односи, така и за функционирањето на самата држава.[32]

Во студиите по безбедност одамна се знае дека контролата, санкционирањето и употребата на сила паѓаат на државата. Активностите на приватната безбедност во изминатите две децении не важат за оваа стара

---

[31] Schreier F. and Caparini M., *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, DCAF, 2005, стр.1

[32] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.39.

мудрост.[33] Приватната безбедност како глобален феномен, од крајот на минатиот и почетокот на овој век, во последните две децении доживува огромна експанзија.[34] Ново формираната индустрија, првенствено, но не и ексклузивно, се рашири во Западна Европа и Северна Америка. Паралелно со приватизацијата на војувањето исто така имаше зголемување на побарувачката за приватна безбедност на меѓународно ниво и за заштита на имот на национално ниво во државите ширум светот. Во голем број на држави, бројот на вработени во приватната безбедносна индустрија е поголем од бројот на активната државна (јавна) полиција.[35]

Концептот на приватната безбедност е базиран на реалните ситуации во современите национални и меѓународни односи што се однесуваат на безбедноста и е содржан во многу аспекти на економското, на политичкото и на социјалното организирање, во зависност од конкретниот случај, што значи дека овој концепт покрива широка област во која настануваат и се случуваат сложени процеси. Исто така, на овој концепт може да се гледа од две страни - со позитивното влијание што го има во општеството и во локалната заедница и со придонесот како во домашните безбедносни прашања, така и во странство во мировните мисии; и од негативна страна, која се однесува на корупција, повреда на правата на приватност, шпионажа и преземање на државните овластувања.[36]

Има многу различни перцепции од што е конституирана приватната безбедност, што го прави нејзиното дефинирање многу потешко. Исто така има многу сиви области во маргините, што може, а и не мора да бидат сметани од различни поединци и организации во опсегот на приватната безбедност. Оттука, има многу пречки за да се создаде прифатлива дефиниција.[37]

---

[33] Авант Д., *Приватна безбедност, Студии по безбедност - Вовед*, Арс Ламина, Скопје, 2012, стр.438.

[34] http://balkananalytica.info посетена на 27/02/2016

[35] http://www.globalresearch.ca/the-role-of-private-military-and-security-companies-in-modern-warfare/32307) посетена на 31/3/2016

[36] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.23-24.

[37] Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор*, Аутопринт Т.А, Скопје 2012, стр.99.

Некои од најкористените **дефиниции за приватна безбедност** се: Според М. Даничиќ и Љ. Стајич, “Системот на приватна безбедност претставува облик на организирање и функционирање на корпорацијата во спроведување на мерки и активности на превентивен и на репресивен план кои се преземаат заради зачувување на економската и социјалната функција на корпорацијата, како и заштита на сите други вредности на корпорацијата од сите облици и носители на загрозувањето”[38], во една студија на РАНД корпорацијата таа ја дефинира приватната безбедност како “сите видови на приватни организации и индивидуи кои обезбедуваат секакви видови на услуги поврзани со безбедноста, вклучувајќи истраги, стража, патроли, аларми, и вооружен транспорт”; Според Ботом и Костаноски (Bottom, Kostanoski) “приватната безбедност обезбедува заштита не само против криминал, туку и од дополнителните закани: несреќи, грешки, отпад и неетичко делување.”; Грин ја дефинира приватната безбедност како “индивидуи, организации и услуги различни од јавните агенции за спроведување на законот, кои првенствено се ангажирани во превенција на криминал, загуби, или штета на одредени индивидуи, организации или објекти”.[39] За Џорданс и Сан “приватната безбедност се однесува на заштита на физичката сопственост, на средствата и на поединците од кражба или од насилство”; Седевалд смета дека “приватната безбедност е приспособена да одговори на структуралните промени на компанијата преку оперативноста на безбедносната функција и примена на практични модели за управување”; Работната група за приватна безбедност ја дефинира приватната безбедност едноставно како “бизнис претпријатија што обезбедуваат услуги и производи за достигнување заштита” и ја даваат следната сложена дефиниција според која приватната безбедност ги вклучува самовработените индивидуалци и приватно финансирани здруженија и организации што обезбедуваат услуги поврзани со безбедноста на посебна

---

38 Стајич Љ., *Правни оквир приватне безбедности,* Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, бр.1-2/2008, во: Бакрески О., Триван Д., Митевски С., *Корпорациски безбедносен систем*, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Скопје 2012, стр45-46.

39 *The Private Security Industry-A Review of the Definitions, Available Data Sources ant Paths Moving Forward*, Report, US Department od Justice, December 2010 (достапно на: https://www.ncjrs.gov/pdffiles1/bjs/grants/232781.pdf) стр.15.

клиентела за надомест, за поединците или здруженијата што ги најмуваат или вработуваат, со цел да ги заштитат поединците, приватната сопственост или интересите од различни ризици.[40]

Приватната безбедност врши безбедносни задачи кои се однесуваат на безбедноста не само на приватните лица и правни субјекти, туку таа, со своите безбедносни активности кои може законски да ги извршува, врши и многу пошироки безбедносни функции и дава активен придонес кон јакнењето на локалната, регионалната и светската безбедност.[41]

Приватната безбедност е еден од подсистемите на безбедност, кој го сочинува една целина во безбедноста и заштита на лица, имот и сите други вредности. Под работи на приватната безбедност се подразбраат сите оние активности кои не ги вршат државните органи за безбедност и заштита. Според тоа, полето на делување на приватната безбедност во перспектива ќе биде многу пошироко отколку што тоа ќе биде случај со професионалните државни безбедносни органи и субјекти.[42]

Поимот “**приватен безбедносен сектор**” и поимот “приватна безбедност” според содржината и услугите што ги даваат на крајните реципиенти се синоними. Приватниот безбедносен сектор главно се состои од приватни воени и безбедносни компании, како и од приватни агенции за обезбедување кои што со текот на годините стекнаа голема популарност меѓу државите, меѓународните организации, корпорациите и физичките лица, докажувајќи дека може да бидат поефикасни и поефективни од јавната безбедност и дека во многу случаи можат да понудат повисоко ниво на безбедност во споредба со нивните колеги од јавната безбедност, со што поединците и заедниците, се повеќе му укажуваат доверба на приватниот безбедносен сектор и му дозволуваат тој да се грижи за

[40] Private Security: Report of the Task Force on private Security, во Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.41-42.

[41] Герасимоски С., *Приватната безбедност во услови на глокализација*, Годишен зборник на Полициската академија, Полициска академија, Скопје, 2007/2008, стр.394

[42] Zorić D., *Privatna bezbednost razvijenih I zemalja u tranziciji*, Fakutet za bezbednost I zastitu, Banja Luka стр.3

нивната безбедност.[43] Со тоа се појави потреба за воспоставување на законска дефиниција за овие нови форми на безбедност, легални лица и услугите кои тие ги обезбедуваат.[44] Всушност, главната цел на приватниот сектор е напорот да се заштитат правата и легалните интереси на клиентите, со цел да се осигура нивната безбедност и да се одржи редот и мирот.[45]

Општиот заклучок е дека полето на приватната безбедност е опсежно и дека тоа треба и понатаму да се проширува за да може да ги задоволи потребите на клиентите, а истовремено да ги задоволи и своите можности. Според тоа, ако направиме обид да се дефинира приватната безбедност *може да се каже дека таа е неопходна активност ориентирана кон оптимализација на безбедноста низ призмата на строга комерцијализација што подразбира овозможување услуги преку договори за одржување на безбедноста во фирмите и пред се заштита на луѓето и имотот.*[46]

Секторот доживеа огромен раст во последниве години, а денес се проценува дека има околу 20 милиони приватни безбедносни работници во светот, додека индустријата вреди околу 180 милијарди долари. Според Forbes, до 2020 година се очекува уште поголем пораст до 240 милијарди долари, вредност поголема од БДП на 100 држави, вклучувајќи ги и Португалија, Романија и Унгарија.[47] Според едно истражување на The Guardian, пола од населението на планетава живее во држави каде има повеќе приватни безбедносни работници отколку државни полицајци.[48]

---

43 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.39.

44 Гергинова Т., *The need for private security institutions*, Меѓународен годишен зборник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2014, стр.27.

45 Bakreski O., Miloshevska T., *Comparative analysis of the legislature of the private security sector of certain countries of the European Union*, Меѓународен годишник на Факултетот за безбедност, Скопје 2014, стр.52.

46 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.25-63

47 https://www.forbes.com/sites/niallmccarthy/2017/08/31/private-security-outnumbers-the-police-in-most-countries-worldwide-infographic/#219af810210f посетена на: 28/8/2018

48 https://www.theguardian.com/inequality/2017/may/12/industry-of-inequality-why-world-is-obsessed-with-private-security посетена на: 28/8/2018

## Фактори за појавата на приватната безбедносна индустрија

Трендот на делумно пренесување на функциите од јавната управа на приватни носители во голема мера резултира со сè повеќе правни лица за дејности од обезбедувањето и од воената индустрија. Оперирајќи во критични региони, како што беше случајот со Балканот, преку обезбедување разни услуги на бизнис клиенти и на влади на држави, овие фирми континуирано прават усилби да бидат признаени како легитимни играчи во практиката на безбедносниот сектор, односно во примената на сила како безбедносна мерка.[49]

Постојат различни размислувања за тоа кои се основните причини кои довеле до појава на приватната безбедносна индустрија. Според некои аналитичари се смета дека општествените промени, реинтегративните процеси и дисолуцијата на државите во деведесеттите години на минатиот век се основната причина за зголемување на приватната безбедност, додека според други основната причина е релативизирањето на улогата на полицијата, а според трети тоа е резултат на појавата на хипокризија во безбедносната сфера.[50]

Клучни фактори за одвивање на двата процеси се сметаат промените настанати со завршувањето на Студената војна. Како клучни фактори се сметаат следните:

*Приватизацијата и дерегулацијата* на пазарите кои доведоа до намалување на контролната улога на државите во сферата на капиталот и услугите; Крајот на биополаризмот и повлекувањето на директната поддршка за режимите од страна на суперсилите, во т.н Трет свет дојде до “*одмрзнување*” на серија конфликти. Тие создадоа амбиент со висок степен на ризик за ангажирање и на меѓународните сили и на хуманитарните организации, па на професионално

---

49 http://www.akademik.mk/privatizatsijata-na-bezbednosniot-sektor-4/ посетена на: 04/5/2016

50 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.51-52.

ангажираните контрактори се гледа како на вистинска алтернатива; *Корисноста на приватните безбедносни компании* и контрактори се гледа во нивната инструментална улога, т.е за прикривање на сопственото инволвирање и постоење на национални интереси на големите сили во зоните на конфликт; *Слободната циркулација на мало и лесно (но и тешко) оружје* - за прв пат од создавањето на националните држави, поголем квантум на оружје се наоѓа во рацетете на приватни лица и групи, отколку во посед на државите. Новосоздадените и по дефиниција *слаби држави*[51] многу често беа неспособни да го одржуваат внатрешниот ред и поредок, и така станаа главна клиентела на приватните безбедносни.[52]

Генерално, причините за појава на приватните воени и безбедносни компании можеме да ги поделиме на директни причини кои доаѓаат како резултат на широкиот спектар на општествени промени. Три директни причини можат да се карактеризираат како случувања кои овозможиле создавање на ПВБК, и тоа: научно-стратегиски причини, политичко-правни, и социјално-економски причини.[53]

*Научно стратегиски причини.* Во корелација со другите причини за настанување на приватните воени организации, научно-стратегиските причини придонесуваат за целосно претставување на феноменот. По Втората светска војна продолжува научната заинтересираност на западните сили за контрола и надгледување на стратегиските енергенси во XX и XXI век и нафтата. По Втората светска војна центарот на глобалната моќ се преместил од Велика Британија во САД, а новиот светски лидер ја продолжува контролата на Блискиот Исток, која претходно ја прават Британците. Колку и да е важна контролата и управувањето со изворите на нафта, подеднакво е важна и контролата на патиштата за

---

[51] Повеќе за слаби држави во: Георгиева Л.,*Творење на мирот: мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна,* Филозофски факултет, Скопје, 2007, стр86-90.

[52] Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.96-98.

[53] Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор,* Аутопринт Т.А., Скопје, 2012, стр. 97-98.

дистрибуција на нафтата. Нафтата е предводник на глобализацијата, а поврзаноста меѓу нафтата и политиката е темел на глобалната моќ.[54]

*Политичко-правни причини*. Во минатото познато е дека државите биле главни носители на сите активности на меѓународната сцена и единствен субјект кој го имал ексклузивното право на употреба на сила. На почетокот на XX век се појавија и други носители, со што државите престанаа да бидат единствени субјекти. Прашањата поврзани со националната одбрана  и безбедност станале депривилигирани права на државата. Безбедноста која е формирана врз основа на воениот фактор станала зависна од процесите кои се случуваат во сите сфери на општеството и доаѓа до важно намалување на воената димензија во рамките на националната безбедност, а се зголемува улогата на другите служби (полицијата, разузнавачките агенции итн). Бидејќи јавните безбедносни сили за безбедност немаат доволно луѓе, ресурси и можности за преземање на бараните задачи кои се над нивните основни функции, се отвори широко подрачје - нова димензија за вклучување на приватниот сектор во областа на безбедноста.[55]

*Социјално-економски причини*. Во овој сегмент многу фактори влијаеле на развојот на индустријата на корпоративните и на приватните воени компании. Понудата и побарувачката помогнале во настанувањето и прогресивниот развој на ваквите организации и разновидноста на нивните услуги. Со светскиот тренд на намалување на средствата за вооружените сили, се настојува дополнително да се рационализираат трошоците на вооружените сили, па со ориентираност кон пазарот одредени работи се понудуваат на приватните фирми. Доаѓа до издвојување на оние функции на вооружените сили кои не се пресудни за директно борбено дејствување и на тој начин се намалуваат вкупните финансиски средства кои се издвојуваат за воени потреби.[56]

---

[54] Dekanic I., *Nafta blagoslov ili prokletstvo; Izvori energije, globalizacije I terorizam,* Golden marketing-Tehnicka kniga, 2007, преземено од Бакрески О., Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт Т.А., Скопје, 2012, стр97-98

[55] Микац Р.,*Приватни воени организации како неизбежна компонента на судирите во XXI век*, во списанието Современа македонска одбрана, вол.XI,бр. 19  април, стр.78

[56] Исто, преземено од Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор*, Аутопринт Т.А., Скопје, 2012, стр.98.

## **Приватни безбедносни актери** (класификација)

Приватните безбедносни актери се нераскинлив дел на јавната безбедност која во основа се дели на public polising и на private polising. Во однос на првиот елемент, станува збор за извршување работи врзани со јавниот ред и мир, и генерално овие работи ѝ се доделени пред сѐ на полицијата, додека вториот елемент ги обединува работите кои се врзуваат за имотната и за личната безбедност на граѓаните и нив најчесто ги извршуваат приватните безбедносни актери. Приватните безбедносни актери развиваат директна соработка со субјектите на системот на национална безбедност. Со тоа приватните безбедносни актери стануваат нераскинливо поврзани со сите ангажмани на субјектите на системот на национална безбедност.[57]

Приватниот сектор се карактеризира со голем број на вработени и бројни институции кои дејствуваат во областа на националната безбедност на државите. Нивниот број е во подем, кој започна во 90-те години на 20 век. Во најширока смисла, актерите кои спаѓаат во приватниот безбедносен сектор ги сочинуваат различен спектар на луѓе, организации и активности. Некои од нив се многу значајни и легитимни, додека некои се нелегитимни и спаѓаат во т.н. сива зона на безбедност. Во приватниот безбедносен сектор можеме да ги сместиме платеници, доброволци, разни видови приватни армии и милиции, господари на војната, компании кои се занимаваат со одбрана, приватни агенции за обезбедување, приватни воени компании, приватни безбедносни компании, како и многу други актери.[58]

Тие со текот на годините стекнаа голема популарност меѓу државите, меѓународните организации, корпорациите и физичките лица, докажувајќи дека

---

57 Бакрески О., *Приватните воени компании и безбедноста,* во Безбедносни дијалози, Списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, год.5, бр.2, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.42

58 Litavski J., *Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku*, Tromesečnik centra za evtoatlantske studije Novi vek, бр.2, Novembar 2012 (достапно на: http://ceas-serbia.org/root/tromesecnik/Novi-vek-broj-2-Jan-Litavski.pdf)

можат да бидат поефикасни од јавната безбедност и дека во многу случаи може да понудат повисоко ниво на безбедност.

Според одредени тврдења, тие се легално регистрирани и запишани во Регистарот на деловните субјекти при овластена институција во земјата во која се формирани. Во достапната странска литература која се занимава со проучување на овој феномен за наведените фирми се користат различни термини како: Private Military Companies, Private Military and Security Companies, Private Security Companies, Private Security Providers, Private Military Firms и Private Contractors. Ангажманот на ваквите претпријатија е видлив во широкиот спектар на задачи кои се поврзани со војската, реконструкциските работи, развојот на воената и невоената технологија, како и на нивната примена во значајните национални системи.[59] Многу од нив се дел од големи индустриски конгломерати.

Направени се бројни дискусии и обиди попрецизно да се поделат и категоризирааат приватните актери во безбедносниот сектор. Најчесто се прави дистинкција меѓу “приватни воени компании” (ПВК), и “приватни безбедносни компании” (ПБК). Приватните воени компании се дефинираат како приватни компании кои нудат офанзивни услуги, дизајнирани да имаат воен импакт, додека приватните безбедносни компании се смета дека нудат одбранбени услуги, главно насочени кон заштита на лица и имот и спречување на криминал.[60] Питер Сингер ги класифицира поинаку: тип 1) компании кои обезбедуваат имплементација и команда, 2) фирми кои даваат совети и обуки, и 3) компании кои нудат воена помош. Ваквата класификација ги категоризира компаниите според услугите кои ги вршат и нивото на сила која ја користат на линијата на фронтот. Иако поделбата на видови услуги има смисла, сепак иста ПБК може со еден договор да нуди тип 1 услуга, а според друг пак, тип 3 услуга.[61] Додека Сингеровата класификација е корисна бидејќи обезбедува подетална слика отколку дихотомијата “воени

---

[59] Микац Р.,*Приватни воени организации како неизбежна компонента на судирите во XXI век*, во списанието Современа македонска одбрана, вол.XI,бр. 19 април, стр.71, преземено од Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор*, Аутопринт, Скопје, 2012, стр. 99-100.

[60] Holmqvist C., *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9,Stockholm: SIPRI, 2005, стр.12-13

[61] Авант Д., *Приватна безбедност,* во *Студии по безбедност: Вовед*, (Вилијамс П.), Арс Ламина, Скопје, 2012, стр.443.

наспроти безбедносни", и помага да се "шематизира" спектарот на трендови на пазарот, сепак повеќето компании се спротивставуваат на толку стриктна категоризација.[62] Мобилноста на професионалците кои се движат од една во друга компанија е голема, затоа што нивните вештини се флексибилни и лесно адаптибилни на потребите на "пазарот". Некои автори пак предлагаат категоризацијата да се врши по две оски: според тоа колку е приватната компанија далеку/блиску до јавниот сектор (соработката со државните структури) и според степенот на (не)употреба на смртоносното оружје.[63]

Во литературата, приватните воени компании се идентификуваат со приватните безбедносни компании и обратно. Значи не постои некоја поголема разлика меѓу приватните безбедносни компании и приватните воени компании, бидејќи и двете категории пред се припаѓаат на приватниот безбедносен сектор. Питер Сингер, авторот на една од најпознатите книги што ги проучува аспектите на приватизацијата на безбедносниот сектор "Corporate Warriors" дури не прави разлика меѓу приватните воени и безбедносни компании, односно го користи терминот "приватни воени фирми", во кој се содржани и двата облика, а се дефинираат како компании кои работат на комерцијална основа со директно давање воени и безбедносни услуги за профит.[64] Дебора Авант со право предлага единствена терминологија, па овие актери ги именува со генерички назив "приватни безбедносни компании". Овие компании многу лесно се стекнуваат со нови капацитети или дури и нов идентитет: или најмуваат нови луѓе или се пререгистрираат под друго име.[65]

---

[62] Holmqvist C., *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9,Stockholm: SIPRI, 2005, стр.13.

[63] Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.102

[64] Микац Р.,*Приватни воени организации како неизбежна компонента на судирите во XXI век, во списанието Современа македонска одбрана,* вол.XI,бр., преземено од Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., П*риватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.126-127.

[65] Avant D., *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security,* Cambridge University Press, 2005, преземено од Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје 2011, стр.102

Приватните безбедносни и воени компании имаат глобален карактер и огромна моќ. На пазарот се повеќе се појавуваат компании коишто нудат безбедносни услуги, и во однос на обезбедување на внатрешната безбедност, како и учество во меѓународните воени зафати. Иако полето на нивното дејствување првобитно е насочено кон заштита на референтните вредности кои се обврска на цивилниот сектор на безбедност, со тек на време започнаа да извршуваат и одредени воени функции во рамки на т.н. приватни безбедносни компании за воен менаџмент, консалтинг и обезбедување воени услуги.[66]

Генерално, приватните безбедносни и воени компании се мултидисциплинарни и најчесто меѓународни компании со широк спектар на дејствување, кои покрај својата примарна работа се одлучуваат да нудат и услуги во безбедноста и во воениот сектор со цел да го прошират своето работење. Ваквите компании ги класифицираме како корпорациски организации што го помагаат безбедносниот сектор. Вообичаено, овие субјекти вклучуваат лично обезбедување, воена обука, безбедносни советувања, техничка поддршка за операцијата и одржување воена опрема, набавка, посредување за воена опрема, овозможување експлозивно вооружување, логистичка поддршка за воени операции и бази, како и собирање разузнавачки материјал и анализа.[67] Во основа, не постојат приватни компании за безбедност кои се специјализирани само за одредени задачи, туку услугите кои ги нудат се испреплетени во зависност од побарувањето на пазарот и способностите на компаниите да се приспособат на пазарните потреби. [68]

Важноста на приватните безбедносни актери се должи на следните фактори:

---

[66] Мијалковиќ М. и Милошевска Т.,: *Кризата на традиционалниот концепт на внатрешна безбедност на државата,* Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, бр.3, год. 2, Филозофски факултет, Скопје 2011,

[67] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.127-128.

[68] Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор*, Аутопринт Т.А., Скопје, 2012, стр.101

- Нивното постоење е директно зависно од законите на пазарната економија, односно од понудата и побарувачката. Растечкиот бум покажува дека тие имаат иднина, а со тоа и растечко влијание врз меѓународната безбедност.
- Приватната безбедносна индустрија располага со огромни буџети, односно преку неа циркулира огромен капитал.
- Силниот корпоративен идентитет на компаниите се базира на тајност, професионалност и дискреција спрема клиентите. Тие располагаат со десетици илјади воени професионалци, со силни оддели за односи со јавноста, имаат седишта и капитал во т.н земји кои се "даночен рај" итн. Оттука, некои автори ги именуваат како корпоративни империи.
- Битката за профит ја условува нивната флексибилност во однос на мисиите и услугите кои ги нудат. Пазарните околности ги наведуваат постојано да нудат нови услуги, односно да создаваат нова клима во која нивните услуги ќе бидат побарувани, а не нужно извршувани.
- Компаниите најчесто имаат транснационален профил, што создава нејаснотија пред кого одговараат и кој води контрола на нивното работење.[69]

## Поим за платеници и контрактори

Платеници, учесници во вооружени конфликти и активности поврзани со нив, на кои единствениот мотив им е стекнување на материјални добра, војници за пари, се споменуваат уште во првите денови од пишаната историја, а можеби постоеле и пред тоа.

Пред подемот на нацијата-држава, речиси сите сили биле "изнајмени". Од 12-от век, преку Вестфалскиот мир во 1649 година, воените контрактори често вработувале тренирани војници во феудалните структури, праќајќи ги на тој што ќе плати највеќе, од Италијанските градови-држави, до Ватикан. Водење на војни,

---

[69] Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.101

одржување на редот и собирање на даноци, биле дел од политичките задачи кои тие ги извршувале.[70] Вооружените сили на српскиот крал во средниот век во голема мерка биле сочинети од странски платеници. За време на владеењето на кралот Милутин (1282-1321) во Србија имало најмногу платеници. Пристигнувале претежно од Запад, од Италија, Германија и Шпанија. Најстарата "платена" армија, која и денес постои, е основана во 1506-та година. Гардата на Папата од Швајцарија се состои од 110 почесни чувари.[71] Се смета дека современите платеници водат потекло од кризата во Конго (денешна Демократска Република Конго) во периодот 1960-65 година. [72]

Според енциклопедијата Википедија, платеник е "лице кое учествува во вооружен конфликт, кое не е националност, или страна во конфликтот, мотивирано да земе учество во непријателствата со цел стекнување на приватна (материјална) добивка".[73] Нејтан, платениците ги одредува како "војници кои ги изнајмуваат странски држави или бунтовнички движења за да допринесат во вооружен конфликт, со директно ангажирање во судири или индиректно, преку тренинг, логистика, консалтинг или собирање на податоци - тие тоа го прават надвор од надлежноста на вооружените сили и државата на која припаѓаат". Оксфордскиот речник ги одредува платениците како "професионални војници најмени да служат во странски војски"., додека според Шрајер и Капарини "Платениците се индивидуи кои се борат за финансиска добивка во странски војни (војни кои не ги водат државите чии државјани се), нив примарно ги ангажираат вооружени групи, а повремено и држави".[74]

Во 20-от век со Првиот дополнителен протокол на Женевските конвенции, тие беа дефинитивно ставени вон закон, односно им беше одземен статусот на

---

[70] Avant D., *Think again*: *Mercenaries,* Foreign Policy, July/August 2004, стр.20., достапно на (http://www.du.edu/korbel/sie/media/documents/faculty_pubs/avant_2004_foreign_policy_think_again.pdf)

[71] http://tocka.com.mk/1/120998/blekvoter-vo-ukraina-platenite-vojnici-snimeni-na-ulicite-vo-donjeck посетена на 18/5/2016

[72] Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.99

[73] http://en.wikipedia.org/wiki/Mercenary посетена на: 21/4/2016

[74] Litavski J., *Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku,* Tromesečnik centra za evtoatlantske studije Novi vek, бр.2, Novembar 2012, стр.3 (достапно на: http://ceas-serbia.org/root/tromesecnik/Novi-vek-broj-2-Jan-Litavski.pdf)

законити борци. Оваа меѓународно-правна дефиниција на платениците предвидува исполнување на шест услови:

1. лицето е специјално регрутирано, локално или од странство, заради водење на вооружени дејствија;
2. директно учествува во непријателствата;
3. мотивацијата е стекнување на лична финансиска корист;
4. не е ни жител ни државјанин на страните во конфликтот;
5. не е регуларен припадник на вооружените сили на некоја од страните во конфликтот; и
6. не е испратен по службена должност како припадник на вооружените сили на земјата од која доаѓа, а која не е страна во конфликтот.[75]

Всушност, платениците се привремени и ad hoc групи од индивидуални војници, регрутирани на посреден и индиректен начин како би се избегнала правна одговорност. Бидејќи не припаѓаат на ниедна организација, им недостасува професионализам и дисциплина, па никаде не се интегрирани, немаат никаква доктрина, а можностите им се доста ограничени. Во суштина, немаат вештини, капитал и не се во можност да обезбедат било што друго освен директна борба на ниво на мали единици и ограничен воен тренинг.[76]

## Приватни воени компании (ПВК)

И покрај тоа што приватните воени компании за првпат се појавуваат за време на Втората светска војна, геополитичките промени и обновувањето на вооружените сили на многу земји после завршувањето на Студената војна доведоа до брз пораст на индустријата на приватна војска, а особено во последната деценија на 20-от век.

---

[75] Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.98-99.

[76] Litavski J., *Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku*, Tromesečnik centra za evtoatlantske studije Novi vek, бр.2, Novembar 2012, стр.3 (достапно на: http://ceas-serbia.org/root/tromesecnik/Novi-vek-broj-2-Jan-Litavski.pdf)

Приватните воени компании според структурата, функциите и делувањето се комерцијални организации кои нудат специјализирани услуги во врска со борбени дејствија или операции, но исто така и собирање на информации, стратегиско планирање, логистика и обезбедување на советодавни услуги.[77] Има и фирми кои нудат оперативна поддршка во вид на контрола, транспорт и вооружен систем.[78]

Тие за себе тврдат дека се најдетална професионална војска, дека го спроведуваат законот и изведуваат мировни операции низ целиот свет, односно феноменот под дискусија - приватна воена компанија (ПВК) може да биде разгледуван како концентрација на моќ и уште еден натпреварувач во натпреварот барајќи го сопствениот дел, преку новофокусиран продукт на насилство, во горенаведената распределба на пленот од војната.[79]

Терминот "приватна воена компанија" до 2006-та година не постоел во ниту еден меѓународен документ. Терминот "приватни воени компании" се користи за оние компании кои активно учествуваат во борбени операции и поседуваат опрема, обука, персонал и хиерархија слична на регуларната војска. Кај приватните воени компании организациската структура е од корпоративен карактер, легално се регистрирани и хиерархиски подредени, маркетиншки настроени и се финансираат исто како и останатите трговски субјекти. Тие располагаат со широк спектар на услуги и имаат договори со држави, меѓународни организации и други недржавни актери.[80] Имено, тие се регистрирани фирми со корпорациски структури и ги даваат своите услуги главно заради добивка, а не од политички причини.[81]

---

77 Report by the Swiss Federal Council on Private Security and Military Companies, Swiss Federal Council, Geneva, 2005. достапно на: http://www.dcaf.ch/index.cfm, посетена на: 04/07/2016

78 Авант Д., *Приватна безбедност, во Студии по безбедност: Вовед,* (Вилијамс П.), Арс Ламина, Скопје 2012, стр.444.

79 Benedict S., Jackson M. and Virginia N., *Legal Control of the Private Military Corporation,* New York 2009, преземено од Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015 стр.132.

80 Лабовиќ Д., *Приватне војне компаније као фактор безбедности-предности и недостаци,* Военобезбедносна агенција, Министарство одбране Републике Србије, мај 2015 стр.144

81 Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор*, Аутопринт, Скопје 2012, стр.100.

Услугите кои ги даваат се бројни. Претежно се истакнуваат следните: директна борба, разузнавачки информации и обука, безбедност во конфликтни зони, консалтинг и планирање, техничка помош, оперативна и логистичка поддршка (набавка на оружје, опрема за одржување, итн), деминирање и пост-конфликтна реконструкција. Приватните воени компании се дефинираат и како законско формирани меѓународни компании што нудат услуги на клиенти што вклучуваат потенцијал за употреба на сила на систематски начин, во воена и во паравоена смисла, како и засилување, трансфер, олеснување, одвраќање или деактивирање на овој потенцијал или на знаењето потребно за негова примена.[82]

Кога станува збор за државите, овие компании честопати се користат за да го надоместат непостоењето на национален капацитет. ПВК нудат современи технолошки вештини во области каде вооружените сили повеќе не можат да си дозволат да обучуваат персонал или да создадат можности за атрактивна кариера. Некои истакнуваат дека ПВК се од потенцијална корист за ОН и други меѓународни организации затоа што нивното распоредување би подлежело на помала политичка контроверзност отколку една одлука за распоредување на национални трупи под покровителство на ОН.[83] Во пракса, влијанието на овие компании на современите меѓународни конфликти имало одредено значење врз превенцијата и решавање на конфликти, но и на нивно предизвикување и одржување.[84]

Во светот денеска постојат повеќе стотини приватни воени компании, кои своите услуги ги нудат во голем број на држави.[85] Овие компании најчесто доаѓаат од САД, Велика Британија, Франција и Израел. Едни од најпознатите приватни воени компании кои дејствуваат на пазарот во меѓународна рамка се: Dyuin Corp International LLC; Blackwater; Military professional Resources Inc - MPPRI; Vinnell

---

82 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.135.

83 http://www.dcaf.ch%2Fcontent%2Fdownload%2F34957%2F525131%2Ffile%bg_private-military-companies_mcd.pdf&h=eAQHrEolx) посетена: 23/08/2016

84 Лабовиќ Д., *Приватне војне компаније као фактор безбедноснти - предности и недостаци*, Военобезбедносна агенција, Министарство одбране Републике Србије, мај 2015, стр.153.

85 Corporate mercenaries: The threat of private military and security companies, достапно на www.waronwant.org, посетена на 30/9/2016

Corporation (САД), Armour Group; Control Risc Group (Велика Британија), Erinys International Ltd (Велика Британија - Јужна Африка), и други.[86]

*Разлики меѓу платеници и приватни безбедносни и воени компании.*

| **Приватни воени и безбедносни компании** | **Платеници** |
|---|---|
| Имаат постојана организациона структура со корпоративен карактер, хиерархиски се настроени, со јасна структура | Претставуваат привремени, ad hoc групи на индивидуални работници. |
| Претставуваат регистрирани легални компании. | Не се легални, а во повеќето случаи се со закон забранети. |
| Компаниите се маркетиншки ориентирани, односно тежнеат кон што поголема промоција и рекламирање на своите услуги. | Делуваат во тајност и го прикриваат своето постоење. |
| Начинот на финансирање е ист како и кај останатите трговски субјекти. | Наплатувањето на услугите не е регулирано, вoглавно се врши лично и во готовина. |

86 Лабовиќ Д., Приватне војне компаније као фактор безбедноснти - предности и недостаци, Военобезбедносна агенција, Министарство одбране Републике Србије, Мај 2015, стр.149.

| | |
|---|---|
| Имаат широк спектар на услуги кои ги нудат и различни клиенти. Имаат договори како со влади на различни држави, така и со меѓународни организации и недржавни актери. | Имаат мал број клиенти и услуги кои се сведуваат на борбени дејствија. Воглавно ги најмуваат бунтовнички и терористички организации. |
| Организационата структура е таква што овозможува вршење на повеќе работи наеднаш, со дисциплиниран кадар и на многу ефикасен начин. | Се ангажираат само за вршење на една работа, ефикасноста е дискутабилна а дисциплината несоодветна. |

*Извор: http://ceas-serbia.org/root/tromesecnik/Novi-vek-broj-2-Jan-Litavski.pdf*

## Приватни безбедносни компании

Приватните безбедносни компании (ПБК) ги имаат истите корпоративни одлики и командни структури како и ПВК, а главната разлика е во услугите што ги нудат. Тие се главно свртени кон спречување на криминал и обезбедување на јавниот ред и мир. Тие нудат и чуварски услуги за затвори, аеродроми, инфраструктурни објекти и приватни лица.[87] Денешните приватни безбедносни компании се карактеризираат по нивната модерна корпоративна бизнис форма.

Иако терминот приватни безбедносни компании се користи во голем број држави, сепак околу точното значење се водат бројни расправи. Годард ги дефинира ПБК како “регистрирана цивилна компанија која е специјализирана во пружање на договорни услуги од комерцијална природа, на домашни или странски

[87] Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје 2011,стр.102.

клиенти, со цел заштита на луѓе, хуманитарци или индустриски комплекси во рамки на законите на државата каде што се одвива таквата дејност". Поопширна дефиниција за ПБК гласи: "ПБК е јасно структуирана и хиерархиски настроена, регистрирана корпоративна асоцијација, која нуди услуги од безбедносен карактер".[88]

Приватните безбедносни компании се компании чија цел е да се направи профит со давање услуги во делот на заштитата на луѓе и имот, првенствено во неконфликтни области и се многу честа појава во современите држави. Тие имаат различни цели и задачи и нудат широк дијапазон на безбедносни услуги како: тренинг за генерали и за специјални сили, подготвуваат разузнавачки системи, планирање и логистичка поддршка, закупуваат воена опрема за користење во борбите, оперирање со оружје на воените полиња, и во крајна линија создаваат обучени и вооружени војници.[89] Нивните услуги не секогаш бараат вооруженост на приватното обезбедување, а нивните операции се прилично од дефанзивна, наместо од офанзивна природа и многу почесто се грижат за поголема група корисници, вклучувајќи и влади, меѓународни агенции, невладини и комерцијални организации.[90] Во многу држави како САД, Велика Британија, Израел, Русија, Германија и Филипини, големината на буџетот на приватните безбедносни компании го надминува буџетот на полицијата.[91]

## Приватни компании за обезбедување

---

[88] Litavski J., *Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku*, Tromesečnik centra za evtoatlantske studije Novi vek, бр.2, Novembar 2012 (достапно на: http://ceas-serbia.org/root/tromesecnik/Novi-vek-broj-2-Jan-Litavski.pdf) стр.5.

[89] Weisman J. and Reddu A., *Spending on Iraq Sets off Gold Rush,* Washington post, October 9 2003, преземено од: Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.143-144.

[90] Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор,* Аутопринт, Скопје 2012, стр.100-102.

[91] Schreier F. and Caparini M., Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies, Geneva, DCAF, 2005 (достапна на: https://www.dcaf.ch/privatising-security), стр. 27.

Приватните компании за обезбедување постојат во многу држави во светот и се очекува нивната бројка се повеќе да се зголемува.

Овие даваат услуги кои имаат за цел да заштитат бизнис компании и имот, и на тој начин да придонесат во спречување на криминалот. Нивниот број се зголемува, особено во конфликтните региони, каде што бизнис компаниите имаат потреба од поголема заштита од онаа што може да им ја обезбеди државата. Се смета дека тие се позаинтересирани за заштита на приватниот имот и персонал отколку за воената страна на конфликтот. Сепак, во практика компаниите многу често ја комбинираат воената и безбедносната експертиза поради тоа што се смета дека и двете се од подеднакво значење и неопходни во одредени региони.[92]

Голем број компаниии, особено помалите, се специјализирани за одредени видови услуги кои им се нудат на клиентите. Колку е поголема фирмата, толку е поверојатно дека ќе обезбедува цел асортиман на услуги.[93] Услугите за заштита на безбедноста на лица и имот опфаќаат физичко-техничко обезбедување на лица, имот и делување во редовни и опасни ситуации или на критични инсталации. Истите агенции истовремено вршат и обука и издаваат лиценци за работа во овој подсектор, а исто така обезбедуваат заштитна опрема и уреди. Покрај обезбедувањето на лица, имот и дејности, станува збор и за: портирска служба, техничка заштита, контрола на пристапот до објекти и движење во објектите, заштита на тајни податоци, примена на локалното законодавство врз основа на договор со локалните власти, истражување на проневери и сомнителни финансиски трансакции, криминалистички истраги, заштита на здравјето и безбедноста на вработените во разни компании, затворски служби и транспорт на затвореници, внатрешни истраги, обезбедувања на пристаништа и аеродроми, патроли, обезбедување на транспорт на пари, злато, оружје и сл., одржување ред на јавни настани и други работи.[94] Многу често се ангажирани од страна на

---

92 Славески С., *Безбедносен систем,* Европски универзитет, Скопје 2009, преземено од: Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор*, Аутопринт, Скопје 2012, стр.100.

93 Фишер Ј.Р., Хелибозек Е. и Грин Г., *Вовед во безбедноста*, Арс Ламина, Скопје, 2009 стр.50.

94 Mijalkovic S., *O nedrzavnom sektoru nacionalnog sistema bezbednosti - inostrana I domaca iskustva,* Kriminalisticko-policijska akademija Beograd, стр.260-262, достапно на: http://www.singipedia.singidunum.ac.rs/attachment.php?attachmentid=1135&d=1282749942

државите за обезбедување на нивните претставништва и конзулати во странски земји, за заштита и обезбедување на дипломати, амбасадори и слично.

## Историја и развој на приватните воени и безбедносни компании

Приватните воени и безбедносни компании (ПВБК) се модерна реинкарнација на долгата "лоза" на приватни даватели на услуги на физичка сила: приватници, платеници и контрактори. Платениците, коишто делимично исчезнаа за време на 19- от и 20- от век, повторно се појавија во 1960-те, за време на периодот на деколонизација, и тоа главно во Африка и Азија. Во рамките на Обединетите Нации усвоена е конвенција која ги криминализира нивните активности. Овие не-државни субјекти на 21-от век, оперираат во екстремно матни ситуации каде што тешко е да се постави граница.[95] Историјата покажува дека државите никогаш сосема не се откажале од услугите на приватните актери, особено во ситуација на кусок на воен персонал или кога било потребно некој друг да ја заврши "валканата работа" од која државата сакала да се дистанцира. Новина е тоа што приватниот пазар на воена сила станува се поприфатлив и легален. Оттука она што на овој план се случува во последните дваесеттина години се нарекува *втор бран на платеништво.* Тој е во голема мерка различен, но подеднакво контроверзен.[96]

Најраните манифестации на приватната безбедност во помодерна форма може да се најдат во Франција и Англија, а подоцна и во САД. Ваков вид на ангажман се забележува во принципот на ротација меѓу самите граѓани, за одржување на ноќна стража во градовите.[97]

---

[95] Del Prado J., *The Privatization of War: Mercenaries, Private Military and Security Companies (PMSC): Beyond the Wikileaks Files*, Center for research of globalization, November 2010. (достапно- http://www.globalresearch.ca/the-privatization-of-war-mercenaries-private-military-and-security-companies-pmsc/21826) посетена на 04/5/2016

[96] Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје 2011, стр.99.

[97] Гергинова Т., *The need for private security institutions*, Меѓународен годишен зборник на Факултетот за безбедност, Скопје 2014, стр.27-28.

Во 50-те години на 19 век, Алан Пинкертон од полицискиот сектор на Скотланд Јард и Чикаго, ја основа првата приватна детективска агенција - “Pinkerton National Detective Agency”, основана како “приватна детективска и агенција за обезбедување”, која прерасна во една од најстарите и најголеми агенции за приватно обезбедување во САД. Логото на агенцијата било широко отворено око со наслов “Никогаш не спиеме”. Пинкертовите агенти вршеле разни услуги, од обезбедување, до приватни воено контракторски работи, а разрешиле и серии грабежи на возови за време на 1850-те. Нуделе приватни услуги на чување на железничките станици и на индустриски претпријатија. Претседателот Линколн ја согледал организациската вештина на компанијата и ја ангажирал за извршување на разузнавачки активности за време на граѓанската војна, како и за негово обезбедување.[98] Компанијата и денес опстојува под името Pinkerton Consulting and Investigations, како подружница на Securitas AB.[99] Едвин Холмс во 1858 година, ја основал првата компанија за изработка на безбедносни аларми.[100] Во 1859 година, во Чикаго, основана е Brink’s Incorporated од страна на Пери Бринкс, со цел заштита на имот и исплата на приход, а подоцна и за безбеден пренос на пари и други вредности.[101]

Втората светска војна била вистински извор и стимуланс за современта и сложената индустрија на приватната безбедност. Приватната безбедност на некој начин се родила од војната, поминала преку адолесценција за време на Студената војна и достигнала зрелост во 60-те години на минатиот век и продолжува да расте и да напредува, сето време усовршувајќи се и реафирмирајќи се. [102]

Корените на денешните приватни безбедносни компании може да се поврзат со капетанот Дејвид Стирлинг, кој во 1941 година ја основал Специјалната

---

98 Фишер Ј.Р., Хелибозек Е. и Грин Г., *Вовед во безбедноста*, Арс Ламина, Скопје, 2009, стр.36

99 Повеќе на: https://en.wikipedia.org/wiki/Pinkerton_(detective_agency), и https://en.wikipedia.org/wiki/Allan_Pinkerton

100 Гергинова Т., *The need for private security institutions*, Меѓународен годишен зборник на Факултетот за безбедност, Скопје 2014, стр. 28.

101 http://investors.brinks.com/corporate-overview/history/default.aspx посетена на 27/06/2016

102 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.97.

воздушна служба (Special Air Service) или САС, да се бори против Германците. Неконвенционалните методи на САС биле успешни и таа останала Британска инситуција и по војната. Две декади подоцна, Стирлинг заедно со уште неколку поранешни САС ветерани, ја основал првата приватна воена компанија во 20-от век - Watch Guard International во 1967 година.[103] Таа била приватна компанија која можела да биде најмена за безбедносни и воени цели.[104] Прво задолжение на компанијата било да оди во Јемен, да известуваат за состојбата на кралските сили кога бил прогласен прекин на огнот. За тоа време Стирлинг ги зачувувал своите контакти во Ирачката влада и ги испитувал можностите за добивање на работа во Африка. Компанијата оперирала во Замбија и во Сиера Леоне, обезбедувајќи тимови за обука и советување за безбедносни прашања. Стирлинг исто така остварил договори за продажба на Британски персонал и оружје на други земји, за различни приватизирани надворешно-политички операции. Договорите главно биле со Заливските држави и вклучувале снабдување со оружје и обука.[105]

Друга компанија која била формирана меѓу првите е Control Risk Group, основана од поранешни САС агенти во 1975 година. А меѓу првите биле формирани и KAS International, Defence Systems, DynCorp International, Kenni-Meeni Services, MPRI (кои дејствувале во балканските војни) и други, кои обезбедувале воени консултации и обука.[106]

Статистиките покажуваат дека кон крајот на 70-те години на минатиот век, околу 500.000 луѓе биле вработени во приватниот безбедносен сектор и дека оваа бројка го надминува бројот на полициски сили во тоа време. До 1985-та година, бројот на лица кои биле вработени во приватниот безбедносен сектор се проценува на 700.000 луѓе, надминувајќи го бројот на оние во јавниот сектор за

---

[103] http://www.sourcewatch.org/index.php/History_of_private_military_companies посетена на : 27/06/2016

[104] https://en.wikipedia.org/wiki/David_Stirling посетена на: 27/06/2016

[105] http://en.wikipedia.org/wiki/Private_military_company 03/4/2016

[106] http://www.sourcewatch.org/index.php/History_of_private_military_companies посетена на: 27/06/2016

најмалку 100.000.[107] Во 1999 година, овој сектор броел повеќе од 500 илјади вработени во 10.000 компании само во земјите на Европската Унија. Во студија од 2005 година, водена од невладината огранизација Safeworld од Велика Британија, потврдено е дека во регионот на Југоисточна Европа, приватниот безбедносен сектор броел околу 200.000 вработени. [108]

Двете големи интервенции на САД во Ирак и Авганистан се сметаат за најприватизираните војни во скорешната воена историја. Приватниот безбедносен сектор е клучен за успехот на инвазијата врз Ирак во 2003 година, каде што еден од десет индивидуи распоредени за време на конфликтот, бил вработен во приватна безбедносна компанија. Уште поинтересен е фактот дека во Март 2010 година, проценето било дека приватниот безбедносен персонал бил поброен од воените сили присутни во двете земји (200.000 контрактори оперирале во Ирак и Авганистан, а 150.000 војници).[109]

## Односот јавна - приватна безбедност

Односот помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор заслужува посебно внимание. Оваа врска повеќе пати се покажала како добра платформа,

---

107 Давидовиќ Д., *Алтернативни фактори на безбедноста*, Факултет за безбедност, Белград 2006, стр.11.

108 Гергинова Т., *The need for private security institutions*, Меѓународен годишен зборник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2014 стр.28-29.

109 Avant D., Private Military Companies and the Future of War, достапно на: http://www.fpri.org/articles/2006/04/private-military-companies, посетена на: 14/8/2016

особено кога станува збор за поврзување во единствен систем за безбедност. Современите текови на приватната безбедност во светот, ја покажуваат тенденцијата дека границата помеѓу јавната (во државна сопственост) и приватната безбедност постепено се губи и го отстапува местото на економски оправданото и строго контролираното јавно-приватно партнерство.[110]

Историски гледано, јавната полиција често го обвинуваше приватниот сектор за несоодветно решавање на случаите, повреда на законот, несоодветна обука, како и општо во однос на тоа дека е составена од лица кои не можат да ги исполнат стандардите за да можат да бидат полициски службеници. Приватниот безбедносен сектор пак, многу често гледа на јавниот сектор како насочен кон себе и арогантен. Дури и во денешно време, јавната полиција сеуште смета дека приватниот сектор е малку ефективен.[111] Според експертите од оваа област, односот меѓу двете групи (приватниот и јавниот сектор) и понатаму е студен поради неколку клучни работи: недостаток на меѓусебно почитување; недостаток од комуникација; недостаток од знаење за спроведување на законите во приватната безбедност; постоење натпревар; недостаток од стандарди за персоналот во приватната безбедност; постоење на корупција во полицијата; судир на надлежности; забуна за идентитетот и прашањата кои произлегуваат врз основа на тоа, како што се вооруженоста и обуката на приватната полиција; заемни проблеми во однос на имиџот и комуникацијата; обезбедување услуги на граничните линии или на областите на преклопување на одговорноста и интересите (безбедност за време на штрајкови, контрола на сообраќај); разлики во законските овластувања кои може да доведат до загриженост во однос на злоупотребата на овластувањата, итн.[112]

За разлика од државниот безбедносен сектор кој е надлежен за целокупната безбедност во државата и чии анганжмани се во превентивна и репресивна функција, субјектите на приватната безбедност преземаат активности

---

[110] Анђелковић С., *Корпоративна безбедност као чинилац националне безбедности, (докторска дисертација,* Факултет за европске правно-политичке студије, Нови Сад 2015, стр61

[111] Фишер Ј.Р., Хелибозек Е. и Грин Г.*, Вовед во безбедноста*, Арс Ламина, Скопје 2009 стр.59-60

[112] Исто, стр. 60-61

за спречување на различните облици на загрозување на лица и имот. Тие имаат посебно место и улога во вкупниот безбедносен систем. Имено, државниот безбедносен сектор приоритетно ги штити општествените интереси, а приватната безбедност - приватниот интерес или интересот на клиентот.[113] Треба да се истакне дека јавната и приватната полиција може, во определени околности, да ги извршуваат истите функции во однос на исти поединци или организации. Активноста како таква не е секогаш разграничувачки фактор. Функциите на приватното обезбедување, во суштина се насочени кон клиентот; јавните функции на спроведување на законите се насочени кон општеството - или заедницата.[114]

Некои истражувања веќе дојдоа до заклучок дека разликите меѓу приватниот и јавниот безбедносен сектор се сè побезначајни. Преку нивното истражување, Бејли и Ширинг открија дека безбедносните служби се комбинирани на нов начин, правејќи да биде тешко одвојувањето на јавната безбедност од приватната безбедност.[115] Во ерата на современото живеење и новите безбедносни предизвици, забележана е се поголема соработка на субјектите од јавниот безбедносен сектор и приватната безбедност, во поглед на спречувањето на новите облици на криминалитет и терористички закани. Приватната безбедност често се јавува како “продолжена дејност” на полицијата и другите државни органи.[116] Генерално, не постои едноставна граница за поделба меѓу двата сектори, туку може да се каже дека полицијата и приватното обезбедување се предодредени заеднички да соработуваат поради комплементарноста на

---

113 Петревски Б., Димитриовска А., *Соработка помеѓу полицијата и агенциите заобезбедување на лица и имот во функција на модерниот концепт за безбедноста на Република Македонија,* во Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје 2011, стр.67.

114 Фишер Ј.Р., Хелибозек Е. и Грин Г*., Вовед во безбедноста*, Арс Ламина, Скопје 2009, стр.59-60.

115 Бакрески О., *Јавната приватна дихотомија како варијабла која ги оцртува политичко - безбедносните релации*, во Современа македонска одбрана, меѓународно научно списание, год.14, бр.27, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје 2014, стр.70,

116 Петревски Б., Димитриовска А., *Соработка помеѓу полицијата и агенциите заобезбедување на лица и имот во функција на модерниот концепт за безбедноста на Република Македонија*, во Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје 2011, стр.68.

задачите. Нивните интереси се надополнуват и тие имаат заедничка цел - заштита и безбедност за целото општество.[117]

Моделите на соработка и однос помеѓу јавната и приватната безбедност се движат од целосно негирање до хармонично меѓусебно делување, кои зависат и од индивидуалните перцепции и од лични искуства на вработените во двата сегменти. Според Кесиќ З., најчести модели на соработка и однос се:

- независност - припадниците на јавната и приватната безбедност имаат свои задачи и ретко остваруваат контакт,
- конкуренција - работата на приватната безбедност предизвикува закана за одржување на монополот на државата над полициските активности,
- комплементарност - меѓусебно дополнување во спроведувањето на активности, но постои јасна разлика во поделбата на задачите,
- кооперативност - највисоко ниво на кооперативност во постапувањето и потполна еднаквост меѓу субјектите чија дејност е насочена кон постигнување заедничка цел.[118]

Најчестите активности на партнерствата и соработката вклучуваат: воспоставување деловни контакти; споделување важни информации; програми за спречување на криминал, здружено учество на безбедносно поле; споделување средства, позајмување техничка и јазична стручност, компјутерска опрема и др.; обучување; заедничко дејствување (пр.истрага за финансиски измами); носење заеднички безбедносен план; обезбедување законска рамка и слично.[119]

---

117 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.160-164.

118 Во: Кесиќ З., *Однос измеѓу јавнох и приватног сектора безбедности: стање и перспективе,* Нови Сад, 2008, стр 209-214.

119 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.165-166.

## Регулација на приватната безбедност - потреба и перспективи

### Потреба за регулација на приватната безбедносна индустрија

Денес често се поставува прашањето: "Зошто е потребно да се регулира оваа област?" Се смета дека одговорот на ова прашање е едноставен, но напротив, тој е многу тежок, но и конкретен. Регулирањето на оваа сфера е неопходно затоа што овозможува да се постават правила на игра и стандарди во неа.[120]

Неопходноста од правното регулирање на безбедноста е врзана за природата, значењето и посебноста на безбедносните функции внатре во државата и општеството и неопходноста безбедноста на национално ниво да се остварува преку единствен систем. Правното уредување на општествената сфера овозможува целокупниот правен систем да делува на единствен начин во сите области на општествениот живот. Функционирањето на сите државни институции, вклучувајќи ги и безбедносните, е засновано на соодветни правни норми.

Одредбите на законските акти кои на национално ниво го опфаќаат безбедносното подрачје, укажуваат на најважните одредници на правната концепција на безбедноста, како што се: начело на законитост, постоење на правна држава и почитување на клучните општествени и економски потреби.[121]

Регулацијата е од суштинско значење во поглед на законското работење на фирмата/компанијата и соодветното регулирање значи дека ќе се покрие една многу чувствителна област. Регулативата исто така може да помогне за подобро да се согледаат одредени состојби со што би се обезбедило што е можно подобро и порационално да се стават во функција сите ресурси. Таа е клучен и

---

[120] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.183.

[121] Даничиќ М., и Пилиповиќ В., *Приватна безбедност,* Факултет за правне и пословне студије "др. Лазар Вркатиќ", Тампограф, Нови Сад 2015, стр.102-103.

корисен елемент во работењето, бидејќи без соодветна регулатива може да дојде до отстапување од планираните цели и задачи и ќе бидат ограничени без можност да го корегирааат а со тоа и да го подобрат своето работење.[122]

Секако дека истото важи и за приватната безбедносна индустрија и за субјектите кои даваат услуги во оваа дејност.

Законодавство е потребно за приватните безбедносни компании и нивните членови да бидат одговорни за своите акции, особено бидејќи главната разлика меѓу нив и државните безбедносни провајдери е тоа што тие се директно одговорни пред парламентот, владата и јавноста, додека ПБК единствено одговараат пред нивните клиенти. На кратко, регулацијата може да се интерпретира како механизми на контрола кои се воспоставени со цел да се насочи однесувањето и да се обезбеди универзална примена на законот. Во принцип, поголема регулација може да доведе до зголемена одговорност.[123]

Целта на усвојување на законската регулатива е потребата да се направи функционална дистинкција во однос на компетентноста во извршувањето на одредени безбедносни прашања. Од суштинско значење е нормативната регулатива за приватна безбедност да биде целосно прилагодена, така што сите сегменти може да бидат различни во споредба со акцијата на државата или полицискиот оддел, и е неопходно да се воспостават соодветни стандарди и професионализам во сите форми на приватната безбедност[124] Законското уредување на приватниот безбедносен сектор дава широка платформа дека односите и работите во овој сектор ќе се одвиваат по одреден канализиран ред.[125]

---

[122] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.177.

[123] Born H.,Caparini M., and Cole E., Regulating private security in Europe: Status and Prospects, Geneva center for democratic control of armed forces (DCAF), Policy paper no.20. стр.4-5 достапно на: file:///C:/Users/User/Downloads/PP20_Born_Caparini_Cole_%20(1).pdf

[124] Гергинова Т., *The need for private security institutions*, Меѓународен годишен зборник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2014 стр.28.

[125] Бакрески О., Триван Д., Муаремоска С., *Правни основи за регулирање и контрола на приватниот безбедносен сектор - компаративна анализа*, во Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје 2016, стр.44-45

Постојат неколку причини зошто приватната безбедност и приватниот безбедносен сектор треба да бидат регулирани, и тоа:

- за да се осигура дека тие нема негативно да влијаат на мирот, безбедноста и разрешувањето на конфликтите;
- за да се осигура дека нивната употреба е истовремено легална и легитимна и е во согласност со човековите права, дека нема да бидат повредени уставните права на граѓаните,
- за да се осигура дека тие нема да ја поткопаат владината политика,
- за да се спречи нанесувањето економска штета на нивните клиенти,
- да се осигура дека ќе бидат одговорни за своите постапки и за оние на нивните работодавачи,
- да се осигура дека ќе бидат што е можно потранспарентни,
- за да се гарантира дека на ниту еден начин нема да го поткопаат суверенитетот на државите[126],
- поради јасно дефинирање на поделбата на надлежности помеѓу полицијата/другите актери од јавното обезбедување и приватните компании за обезбедување,
- овозможување ефикасна контрола и систем на санкционирање,
- додавање кредибилитет на приватните приваните услуги за обезбедување , и многу други.[127]

Според одредени мислења регулацијата создава еден вид на механизам преку кој се оформуваат активностите на приватниот безбедносен сектор. Согласно со тоа - на регулацијата треба да се гледа како на централен елемент околу кој се врти политиката на приватното обезбедување.

Законскатата и подзаконската регулатива во тој случај се јавуваат како основа на ефикасноста, но и како граница на делувањето на внатрешните служби

---

[126] Forein Affairs Comitee*, Private Military Companies*, London and New York, Rouutledge 2006, преземено од Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.180

[127] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.180-181.

за обезбедување и агенциите за обезбедување. Преку нормативно утврдени стандарди тие субјекти се поттикнуваат на професионализација и специјализација на кадрите, односно на стандардизација и модернизација на средствата и уредите со кои се врши заштитата на лица и имот. Во таа смисла, важен услов за легитимно работење на субјектите на приватната безбедност е јасен, спроведлив и адекватно формулиран законски текст, како и изградена безбедносна култура на вработените во самиот сектор.[128]

Дополнително, во отсуство на адекватно законодавство и регулатива не може да се оствари ниту контрола над видот и квалитетот на услугите кои ги пружаат приватните безбедносни компании.

## Меѓународна регулатива

Потребата од регулирање на приватната безбедност во меѓународни рамки е заради воспоставување на правниот статус на приватната безбедност и на приватните компании за обезбедување за ефикасно извршување на задачите. Овој пристап не бара соработка од други земји и поради тоа е полесен за имплементирање. Националните закони, од друга страна, не страдаат од овој проблем и поради тоа се поефективни, се додека владата има волја и ресурси да ги примени. Во основа, сеуште нема усогласување на законодавството во врска со приватната безбедносна индустрија на меѓународно ниво.[129]

Во однос на приватната безбедносна индустрија се применуваат бројни меѓународни договори и начела. Дел од нив се:

- *Меѓународен код на однесување на приватните безбедносни провајдери*[130]- промовиран е од страна на владата на Швајцарија како повеќестрана иницијатива чија цел е разјаснување на меѓународните стандарди

[128] Даничиќ М., и Пилиповиќ В., *Приватна безбедност*, Факултет за правне и пословне студије "др. Лазар Вркатиќ", Тампофраф, Нови Сад 2015, стр.110-111.

[129] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.185.

[130] Повеќе на: https://icoca.ch/sites/all/themes/icoca/assets/icoc_english3.pdf

врз основа на кои делува приватниот безбедносен сектор, како и подобрување и зајакнување на одговорноста на тие компании и надзорот врз истите. Дел од конкретните обврски на кои повикува Кодексот се во поглед на управување и раководење, поседување на соодветни лиценци за вршење на дејноста на приватното обезбедување, ментална и физичка спремност на припадниците и безбедносни проверки и сл.[131] Во рамките на Кодексот како важни се истакнуваат следните прашања: употребата на сила, притвор и апсење на лица, идентификација и регистрација, кадарот, обука, огнено оружје, известување за инциденти и здраво и безбедно работно опкружување.

- Еден од основните меѓународни документи кој поставува стандарди за функционирање на приватните компании за обезбедување е *Montreux Документот*, усвоен на 17 септември 2008 година. Документот претставува заедничка иницијатива на Швајцарија и Меѓународниот комитет на Црвениот крст (ICRC), која обрнува внимание на обврските кои ги имаат државата, компанијата која дава приватни безбедносни услуги и нивните вработени, а се во согласност со меѓународното право, кога компаниите за приватно обезбедување учествуваат во вооружен судир. Тој претставува прв документ од меѓународно значење кој дефинира како меѓународното право се однесува на ПБК. Документот содржи низа на добри практики со цел да им се помогне на државите да преземат мерки на национално ниво, во насока во која приватните компании кои пружаат безбедносни услуги да бидат обврзани да делуваат во согласност со меѓународното хуманитарно право или човековите права кои ги налаг државниот закон, како и други национални закони како на пример кривичното право, закон за данок, закон за работни односи и специфичните регулативи кои се однесуваат на приватниот безбедносен сектор.[132]

---

[131] *Regulisan privatni sector bezbednosti: bezbedniji zivot grazana*, Analiza na Centra za Evroatlantske studije i Udruzenje za privatno obezbedenje Privredne komore Srbije, Jul 2013 (достапно на: https://www.ceas-serbia.org/images/prilozi/CEAS-analiza-regulisan-privatni-sektor-bezbednosti-bezbedniji-zivot-gradjana.pdf) посетена на: 12/9/2018

[132] Повеќе на: https://www.icrc.org/en/doc/assets/files/other/icrc_002_0996.pdf посетена на: 12/9/2018

- За регулирањето на областа на приватната безбедност исто така значење има и *Советот на Европа*. Како еден од поважните акти на Советот е Препораката бр.1858 со наслов - Приватните воени и безбедносни компании и ерозијата на државниот монопол над употребата на сила, усвоена во 2009 година,[133] и со неа на посебен начин се истакнува секторот на приватната безбедност. Со оваа Препорака на земјите-членки се предлага да воспостават контрола над овој сектор и да изградат правна рамка за нормално функционирање, која треба да ги изрази основните демократски принции, стандарди и владеење на правото, со посебна заштита на човековите права.

Останати конвенции кои се од значење за функционирањето на приватниот безбедносен сектор се: Европската конвенција за човекови права, Конвенцијата за заштита на поединците во врска со автоматската обработка на лични податоци, Конценција за контрола на носење и поседување на огнено оружје од страна на поединци и сл. Конвенциите се задолжителни за членките кои ги ратификуваат. Советот издава и препораки, но тие имаат само советодавен ефект.[134]

## Регулирање на приватната безбедност на национално ниво

Начинот и ширењето на законското уредување на приватниот безбедносен сектор се разликува од држава во држава. Поради глобалните процеси во економијата се појавува потреба за дејствување на тој сектор и надвор од границите на националните законодавства, па затоа се наметнува потребата за

---

133 The Parliamentary Assembly of the Council of Europe, „Recommendation 1858 (2009), Private military and security firms and erosion of the state monopoly on the use of force", Strasbourg, 2009, (достапно на: https://www.globalpolicy.org/pmscs/50400-private-military-and-security-firms-and-erosion-of-the-state-monopoly-on-the-use-of-force-.html?itemid=1455) посетена: 15/8/2018

134 Nikać Z., Ahić J., I dr., *Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiju*, Naucni rad, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije Univerziteta u Sarajevu 2013, стр.36-37.

нормирање на одредени аспекти на дејствување на субјектите од оваа област, како и хармонизација на законодавствата на ниво на заеднички пазар.[135]

Основ на правното уредување во однос на областа на безбедноста се принципите и определбите кои се содржани во уставите, највисоките правни акти на национално ниво. Врз основа на уставните начела, понатаму се утврдуваат соодветни правни норми, а во склад со нив и фактичкото однесување на сите општествени субјекти - вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на областа на безбедноста. Одредбите на законските акти кои на национално ниво го опфаќаат безбеносното подрачје, укажуваат на најважните одредници на правната концепција на безбедноста, како што се: начело на законитост, постоење на правна држава и почитување на клучните општествени и економски потреби.[136]

Постоечката национална регулатива варира во квалитетот и ефикасноста во многу земји. Повеќето земји имаат донесено закони со многу недостатоци, а во некои земји законска регулатива воопшто не постои. Теоретски се идентификуваат 4 различни пристапи: прво, отсуство на регулатива - претставува непосакуван пристап поради низа на последици што ги предизвикува (поврзување на ПБК со организираниот криминал, нејасни односи меѓу ПБК и полицијата); второ, примена на општата комерцијална регулаторна рамка з приватните актери за обезбедување; трето, децентрализирано регулирање на приватните агенции за обезбедување (пристап што и овозможува на секоја држава да има посебни, сопствени правила за нивно регулирање и конторла); и четврто, - пристап кој го имаат прифатени најголем дел од земјите-членки на Советот на Европската Унија. Овој пристап подразбира постоење на посебни законски прописи и посебно регулаторно тело на приватните компании за обезбедување.[137]

---

[135] Бакрески О., Триван Д., Муаремоска С., *Правни основи за регулирање и контрола на приватниот безбедносен сектор - компаративна анализа,* во Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје 2016, стр.53.

[136] Даничиќ М., и Пилиповиќ В., *Приватна безбедност*, Факултет за правне и пословне студије "др. Лазар Вркатиќ", Тампограф, Нови Сад 2015, стр.102-103.

[137] Buzati A-M., *European Practices od Regulation of PMSCs and Recommendations for Regulation of PMSCs through International Legal Instruments,* The Geneva Centre for Democratic Control of Armed Forces 2008, преземено од Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност*: теорија и концепт, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.182-183.

И во овој смисол постојат сличности и разлики во однос на регулирањето на системот за приватна безбедност во различните држави.

Анализирајќи ја законската уреденост на приватниот безбедносен сектор во државите-членки на ЕУ, Јап де Вард дошол до следната класификација на нормативните системи на европската приватна безбедносна индустрија: земји со неинтервенциони прописи (Велика Британија, Република Ирска); минималната тесна пропишаност (Луксембург); минимална поширока пропишаност (Германија, Австрија, Италија); сеопфатна тесна пропишаност (Данска, Финска, Франција); сеопфатна поширока пропишаност (Белгија, Шпанија).[138]

Пример, според законите во Данска, Ирска, Велика Британија, лицата за обезбедување не се овластени да носат оружје; Во други земји како на пример Франција, само превозниците на пари смеат да носат оружје; Во Естонија, не се дозволени единствено пушки и автоматско оружје; Во Литванија не е дозволено да се пука на жени и хендикепирани освен ако и тие немаат оружје и слично.[139]

Понатаму во текстот ќе биде претставено законодавството што ја третира оваа проблематика во државите во регионот на Југоисточна Европа.

---

[138] Бакрески О., Триван Д., Муаремоска С., *Правни основи за регулирање и контрола на приватниот безбедносен сектор - компаративна анализа*, во Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје 2016,цстр.48.

[139] Втора меѓународна конференција “*Придонес кон глобалнаа безбедност и сугурност преку соработка и размена на искуства, пракса и знаење”,* Комора на РМ за обезбедување на лица и имот, Охрид 29-30.05.2008

# II ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

# 6. Интерпретација на резултатите од истражувањето

## 6.1 Основни демографски, економски и податоци за политичкото уредување на Југоисточна Европа

Југоисточна Европа (ЈИЕ) во последните два века го доби приматот на највознемирувачки и најпроблематичен дел од европскиот континент. Изворите на нестабилност во регионот на Југоисточна Европа може да се препознаат во мултиетничкиот и мултирелигиозниот предзнак за овој дел на Европа, во големиот замав на национализмот, но пред се во различниот социјален, политички и економски развој на државите и во геостратегиската поставеност на регионот.[140]

Терминот Југоисточна Европа, од географска гледна точка, претставува прилично нов, политички мотивиран опис за Балканскиот Полуостров, додека терминот "Балкан", кој потекнува од географскиот Балкански Полуостров, со сите

[140] Mitic K., *Organized crime and security, with emphasis on the Southeast Europe region*, во Безбедносни дијалози - списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, бр.2, год.6, Филозофски Факултет, Скопје 2015, стр 93.

негови негативни конотации, политички е неприфатлив. Односно, терминот "Југоисточна Европа" укажува на истиот регион кој од географски аспект е дискутабилен. Аналитичарите инсистираат дека епитетот "Југоисточна Европа" е во основа поразличен од терминот "Балкан", при што се укажува на европската димензија и нејзините препознатливи карактеристики на нагласена соработка.[141]

Кои држави припаѓаат на Југоисточна Европа, а кои на нејзиното најпроблематично јадро наречено Балкан е дискутабилно, посебно кога станува збор за нејзините западни и северни граници.[142] Во тој поглед, интересни се разгледувањата на Д. Халл и Д. Данта кои хиерархиски ги подредуваат термините "Балкан", "Балкански полуостров" и "Југоисточна Европа" според територијата која ја опфаќаат. Имено, според авторите Балканот го сочинуваат Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Албанија, Македонија и Бугарија. На Балканскиот Полуостров на претходните држави им ги приклучуваат Словенија и Грција, а Југоисточна Европа која во географска смисла опфаќа најголема територијална област ги вклучува Романија и Турција западно од Босфор.[143]

Границите на регионот може да варираат во поглед на различните параметри кое се земаат како на пример политички, економски, историски, културни или географски фактори. Земји кои најчесто се набројуваат во Југоисточна Европа се: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Македонија, Црна Гора, Србија, Словенија, Романија, а понекогаш и Турција.[144] Имено, државите на Балканскиот Полуостров зафаќаат приближно површина од 764.977 км2,со вкупно 67.853.642 жители и просечна густина на населението од 88 жители на км2. Анализирајќи го регионот на Југоисточна Европа може да се каже дека не постои етнички чиста држава. Регионот има

---

141 Милески Т., "*Територијалниот императив - Фактор кој влијае на стабилноста во Југоисточна Европа*" во Современа македонска одбрана, Меѓународно списание за одбрана, безбедност и мир, Министерство за одбрана Скопје, стр.111.

142 Блер А., *Безбедносни предизвици во Југоисточна Европа на преминот на милениумот*, во Современа македонска одбрана, теоретско списание на министерството за одбрана на РМ, 2001, стр 7-20.

143 Милески Т., "*Територијалниот императив - Фактор кој влијае на стабилноста во Југоисточна Европа*" Во Современа македонска одбрана, (стр.113-122)

144 Википедија, https://en.wikipedia.org/wiki/Southeast_Europe посетена 05/5/2017

илјада годишни искуства во поглед на миграциите и меѓусебното мешање на домородното население и на оние кои доаѓале во регионот.[145]

Бидејќи со векови ЈИЕ била поделена помеѓу неколку империи, таа никогаш не станала кохерентен регион во културна, економска и политичка смисла. Оваа област од Европа е дел со големи културни, јазични разлики и различни религии, и најмногу се соочува со предизвикот на социјална, економска и политичка интеграција во однос на различни компоненти.[146] Распаѓањето на советската доминација, контролата и/или влијанието во делови од ЈИЕ доведе до крај на комунистичките авторитарни режими и до последователна трансформација на политичкиот, социјалниот и на економскиот поредок во повеќето држави од регионот.[147]

Стабилизирањето на Југоисточна Европа се смета како важен чекор и како подготвителна фаза за натамошната европска интеграција. Прашањето за пристапување кон европското семејство за земјите од југоистокот на Европа е прашање, пред сѐ, не од политичка, туку од економска природа и затоа е од витално значење за економиите на овие земји.[148]

Оние кои на индиректен начин првично ги започнаа иницијативите за регионална соработка  на земјите од ЈИЕ беа надворешни фактори (САД, Европската унија и НАТО). Значаен напредок на земјите од Југоисточна Европа е остварен со текот на годините во политичките, економските и социјалните услови, кои се подобрија во целиот регион. Денес, регионализмот во Југоисточна Европа се редефинира како „отворен регионализам”, односно повеќе етапен политички систем управуван одвнатре, во смисла на: прекугранична, транснационална и

---

145 Милески Т., "*Територијалниот императив - Фактор кој влијае на стабилноста во Југоисточна Европа*" Во Современа македонска одбрана, (стр.113-122)

146 Компаративна анализа на ефектите од странските директни инвестиции во земјите од Југоисточна Европа, Магистерски труд, Универзитет Св.Климент Охридски Битола, Економски факултет, Прилеп 2012 стр.4-5

147 Блер А., *Безбедносни предизвици во Југоисточна Европа на преминот на милениумот*, во Современа македонска одбрана, теоретско списание на министерството за одбрана на РМ, Скопје 2001, стр 7-20.

148 *Компаративна анализа на ефектите од странските директни инвестиции во земјите од Југоисточна Европа*, Магистерски труд, Универзитет Св.Климент Охридски Битола, Економски факултет, Прилеп 2012, стр.10

регионална соработка која ги надополнува и зајакнува позициите на земјите од Југоисточна Европа успешно да се интегрираат во Европската унија и НАТО.[149]

## 6.2. Регулирање на приватната безбедност во земјите од ЈИЕ

### 6.2.1 Република Македонија

Иако подолг период приватната безбедност во Република Македонија беше поставена во подредена улога во однос на државната безбедност, сепак брзиот подем и нејзиниот раст и развој што се случуваше во државите во регионот, не ја одмина и нашата држава.

Во Република Македонија приватната безбедност е значаен фактор во вкупните односи за градење поволен безбедносен амбиент во државата. Овој сектор е и реален партнер на јавниот безбедносен сектор во државата со изразити елементи на апсолутна доминација на сопственоста, како и

[149] Илиев А., Петрески Д и Илиевски Ј., *Иницијативите на НАТО и ЕУ за регионална соработка на земјите од Југоисточна Европа*, во Безбедносни дијалози - списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, бр.3 год. II, Филозофски факултет, Скопје 2011 , тр.99-111.

приватизирање на одредени функции што дотогаш беа ексклузивно право на јавниот безбедносен сектор.[150]

Приватната безбедност во нашата држава претставува резултат на процесите што се случија во последната деценија од минатиот век, кога се создадоа услови за практично етаблирање на приватната безбедност како значаен фактор во вкупните односи за градењето поволен безбедносен амбиент во државата. Со тоа приватните агенции за обезбедување станаа реален партнер на јавниот безбедносен сектор во државата со изразити елементи на апсолутна доминација на сопственоста, како и приватизирање на одредени функции што дотогаш беа ексклузивно право на јавната безбедност.[151]

Во Македонија приватни компании за обезбедување постојат уште од 1994 година.

Законска основа за формирање на субјект со кој ќе се покрива приватното обезбедување во Република Македонија се: Уставот на Република Македонија донесен од Собранието на Република Македонија на 17 ноември 1991 год., каде што во членот 4 се третираат „темелните вредности на уставниот поредок " на Република Македонија, во алинеја 6 се гарантираат „правата на заштита на сопственоста", во членот 68 од Уставот во алинеја 2 се регулира кој донесува закони „донесува закони и дава автентично толкување на законите", во членот 91, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија, закони за донесување, според алинеја 2 „предлага закони". Законот за обезбедување на лица и имоти и Законот за детективска дејност се донесени на 17.12.1999 година. Со овие закони е регулирана законската основата за регистрирање на приватни Агенции за обезбедување на лица и имоти, како и за Агенции за детективска дејност[152].

---

[150] Муаремоска С., Бакрески О. "*Регулирање на приватната безбедност во Република Македонија*" научен труд, во Современа македонска одбрана, бр.30, Скопје 2016, стр.71.

[151] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.239.

[152] Гацоски Ж., *Влијанието на приватниот безбедносен сектор во зголемувањето на степенот на националната безбедност во Република Македонија*, Магистерски труд, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје 2009, стр.77

Институциите кои се регистрирани за вршење на таква дејност и мерките кои можат и смеат да ги употребуваат при вршењето на дејноста (превентивни и репресивни), покрај Законот за приватно обезбедување и Законот за детективска дејност, се утврдени со правните норми и правила пропишани во Одредбите на Уставот на РМ, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за трговски друштва и други подзаконски акти.[153]

Организираниот и законски дефиниран развој на приватната безбедност во Република Македонија започнува кон крајот на 1990те години, и се до денес го следат три главни фази на правен развој. Првата фаза од развојот е периодот од усвојувањето на првиот Закон во 1999та година, придружен со пропратна законска регулатива; втората фаза е обележана од мали измени на ова законодавство во 2007 и 2011 година, па се до крајот на 2012 и првата половина на 2013 година кога е донесен комплетно нов Закон за приватно обезбедување. Иако се работи за краток временски период од само 13 години, овие промени и подобрувања на законодавството доволно кажуваат за растот и развојот кој приватниот безбедносен сектор во Република Македонија го доживеа изминативе години.[154]

Со новиот Закон за приватно обезбедување се уредуваат условите за вршење на приватно обезбедување; вршењето на приватното обезбедување; приватното обезбедување за сопствени потреби; задолжителното приватно обезбедување; овластувањата на работниците за приватно обезбедување; работната облека и ознаката на работниците за приватно обезбедување; формирањето, овластувањата и финансирањето на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување; евиденциите, заштитата на податоците и информациите; надзорот; овластувањето за подзаконски прописи и прекршочните одредби. Според Законот приватното обезбедување претставува дејност од јавен интерес. [155]

---

153 Танасковски З., Превентива и заштита на иконите: *Поглед кон состојбата во македонските цркви и манастири*, Македоника литера, Скопје 2016, стр.94.

154 Gerasimoski S., *Towards the new legislation on private security in Republic of Macedonia*, Факултет за безбедност, Скопје, стр.3

155 Закон за приватно обезбедување (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.166 од 26.12.2012 година)

## 6.2.2 Република Србија

Приватната безбедност во Република Србија за прв пат се појавува во почетокот на деведесетите години, кога се појавила потребата за заштита на приватната сопственост, поради забавеното и несоодветно дејствување на државните органи за безбедност. Поголем број на фирми биле формирани со цел да ги исполнат овие барања, меѓутоа главно тие се карактеризирале како неформални групи на вооружени поединци, кои не биле вклучени во рекетот на работни места, перење пари и нелегална трговија.[156] Иако во неа во изминатиов период егзистираа голем број компании што даваа услуги за обезбедување, Република Србија е една од земјите од Регионот на Југоисточна Европа која што најдоцна законски ја уреди обласата на приватната безбедност. За ваквата состојба доминира размислувањето дека тоа се одбегнувало да се направи поради сфаќањето дека безбедноста е ексклузивна функција на државата.[157]

Република Србија 20 години немала закон за приватно обезбедување со кој на единствен начин нормативно би се уределе најважните прашања во овој сектор: кој може да основа и да раководи со компанија за приватно обезбедување, кој може да работи во неа, кои овластувања ги имаат работниците за обезбедување и кога може да ги применуваат, каква обука треба да поминат, односно дали и кога може да носат и користат оружје. Како последица на тоа, приватни компании основале дури и криминалци кои истите ги користеле за рекетирање и други нелегални активности. Во нив бил вработен несоодветен кадар кој или немал никаква обука, или се работело за обука која ја поминале за

---

[156] Велкова М., *Концептот на приватната безбедност во некои земји од Балканот- компаративна анализа,* Глава 5, стр.2

[157] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.227

време на служење на воениот рок и учество во воени конфликти во текот на 90-те.[158]

Дваесет години по укинувањето на Законот за општествена самозаштита (1993 год.), Србија конечно со посебен закон нормативно го уредува приватниот безбедносен сектор. Имено, кон крајот на ноември 2013 година Народното собрание на Република Србија го усвојува Законот за приватно обезбедување и Законот за детективи. Во годините помеѓу, вработените во приватниот безбедносен сектор биле под делимична ингеренција на законот со кој се уредени работните односи, противпожарна заштита и слично, но недостасувал системски пропис кој би ја уредил областа на приватното обезбедување.[159]

До донесувањето на Законот за приватно обезбедување јавниот безбедносен сектор и приватниот сектор функционирале паралелно, без заедничка соработка и остварени партнерства и без регулирани меѓусебни односи. Со донесувањето на Законот за приватно обезбедување се смета дека полицијата е главен, но повеќе не и единствен провајдер на безбедност и дека ова е почеток на воспоставување на конзистентен и функционален безбедносен сектор.[160]

Со Законот за приватно обезбедување се уредува задолжителното обезбедување и заштита на одредени објекти, работата и активностите на правните и физичките лица во областа на приватното обезбедување, како и условите за нивно лиценцирање, начинот на извршување на работите и остварување надзор над нивната работа. Според Законот, приватното обезбедување опфаќа пружање на услуги, односно вршење на работи за заштита на лица, имот и физичка и техничка заштита кога тие работи не се во исклучива надлежност на државните органи, како и заштита при транспорт на пари и други вредности, одржување ред на јавни собири, спортски настани и други места на

---

158 http://www.bezbednost.org/Sve-publikacije/5602/Cinjenicama-do-boljeg-privatnog-obezbedjenja.shtml посетена: 06/09/2018

159 Петровиќ П., Милошевиќ М., *Novi-Stari izazovi privatnog sectora bezbednosti u Srbiji*, Misija OEBS-a u Srbiji Fiducia 011 Print Белград, стр.19.

160 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.227

собири на граѓани (редарска служба, кои ги вршат правни лица и субјекти кои се регистрирани за вршење на таа дејност, како и правни лица и субјекти кои формирале внатрешен облик на организирање на обезбедување за сопствени потреби (самозаштитна дејност).[161]

Начинот на законското уредување на приватниот безбедносен сектор во Република Србија, во одредени сегменти, се разликува од тоа како е уредена оваа област во други држави. Ова се должи пред се на спецификите во кои се наоѓа Србија, потребите на бизнис заедницата, условите на дејствување на овој сектор во самиот политичко-безбедносен амбиент, процесите во економијата во домашни и глобални рамки, нормирање на одредени аспекти на дејствување како резултат на наредните чекори во хармонизацијата на законодавството на ниво на ЕУ.[162]

### 6.2.3 Република Хрватска

Приватната безбедносна индустрија во Република Хрватска претставува компонента на системот за општа безбедност, при што приватниот безбедносен

[161] Zakon o privatnom obezbeĐenju (Sl. glasnik na RS br.104/13)

[162] Бакрески О. и Барџиева Л., *Преглед на приватната безбедност низ призмата на компаративното законодавство на некои од земјите на Балканот* , во Безбедносни дијалози година 5, бр.1 Скопје 2014, стр.88-89.

сектор бележи пораст од 10% годишно. Се проценува дека прометот на пазарот на приватната безбедност во Хрватска изнесува околу 1.5 милијарди куни годишно.[163] Оваа индустрија бележи значителен пораст во последните децении. Додека домашните Хрватски фирми остануваат доминантни, голем број на компании се зацврстуваат како лидери на пазарот.[164]

Според податоците на Секторот за градежништво и комунално господарство под Хрватската комора, во Хрватска со приватна заштита и обезбедување се занимаваат 578 компании со околу 20.143 вработени од кои 19.465 се евидентирани за работи за телесна заштита, а 678 за техничка заштита.[165]

Првиот обид за целосно институционално уредување на оваа област (заштита на лица и имот и детективска дејност) Република Хрватска го прави во Октомври 1996 година со усвојувањето на Закон за заштита на лица и имот. Споменатиот закон во два наврати е менуван - дополнет и изменет во 1996 год. и дополнет во 2001 год.

Во процесот на придружување кон ЕУ, односно обврските на Хрватска после потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и придружување, помеѓу другото требало да се усогласи и постоечкиот Закон за заштита на лица и имот по стандардите на Унијата. Во 2003 година е донесен нов Закон за приватна безбедност и заштита, со низа подзаконски прописи. И овој закон претрпува измени со цел хармонизација на хрватското законодавство со прописите на ЕУ чија членка станува Хрватска во 2013 година.[166] Во Законот за приватна заштита се инкорпорирани некои решенија кои изразуваат највисоки стандарди во оваа област. Покрај другото, една од целите во однос на овие промени било и

---

163 Даничиќ М., и Пилиповиќ В., *Приватна безбедност,* Факултет за правне и пословне студије "др. Лазар Вркатиќ", Тампограф, Нови Сад 2015, стр.443.

164 SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.39 достапно на: http://www.seesac.org/f/docs/Private-Security-Companies/SALW-and-Private-Security-Companies-in-South-Eastern-Europe-A-.pdf

165 Даничиќ М., и Пилиповиќ В., *Приватна безбедност*, Факултет за правне и пословне студије "др. Лазар Вркатиќ", Тампограф, Нови Сад 2015, стр.443.

166 Nikač Ž, Koralič N., I Ahič J., *Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiji,* Pregledni naucni trud, Kriminalisticko-policijska akademija Beograd 2013, str.42-43.

актуелните прописи да се хармонизираат со правото на ЕУ и новиот пазар да се направи конкурентен пред налетот на странските компании.[167]

Со Законот за приватна заштита е уреден начинот на вршење на дејностите за заштита на лица и имот кои не ги обезбедува државата преку своите служби и органи. За нив се пропишани условите за вршење на дејноста, условите и начинот на работа на лицата кои вршат работи поврзани со приватна заштита, како и надзор врз нивната работа. Се смета дека со донесувањето на тој закон постоечката државна и новосоздадената приватна заштита стануваат соработници, а не соперници во обезбедувањето на лица и имот, односно во контрола и сузбивање на криминалитетот.[168]

Според Член 1 на овој Закон правните лица и субјекти кои имаат дозвола за вршење на работи на приватна заштита не смеат да применуваат оперативни методи и средства кои врз основа на посебни прописи ги применува Министерството за внатрешни работи и другите тела на државната управа.[169]

Според Законот дејноста приватна заштита ги опфаќа работите за заштита на лица и имот кои се вршат со физичка и/или техничка заштита, со примена на правилата пропишани со овој Закон и прописите донесени врз основите на овој Закон.[170]

Постојат и неколку подзакони кои ги регулираат специфичните аспекти на приватниот сектор и работата на приватните безбедносни компании и сродни институции. Најважни од нив се: Правилникот за образование, обука и стручен испит на заштитните агенти и чувари (за работи на физичка заштита); Правилник за , условите и начинот на полагање на стручни испити; Правилник за начинот на утврдување на општата и посебна здравствена состојба на чуварите и

---

167 Nikać Z., Ahić J., I dr., *Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiju,* Naucni rad, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije Univerziteta u Sarajevu 2013, стр.42

168 Даничиќ М., и Пилиповиќ В., Приватна безбедност, Факултет за правне и пословне студије “др. Лазар Вркатиќ”, Тампограф, Нови Сад 2015 (стр.444)

169 Zakon o privatnoj zastiti, NN 68/03

170 Исто.

работниците во обезбедување; Правилник за физичка заштита; Правилник за техничка заштита и други.[171]

Со останатите законски одредби и подзаконски акти се регулирани останатите прашања од областа на приватната безбедност и тоа: критериумите за работа на команијата, сопственикот и вработените, одговорните органи, обука и едукација на персоналот, идентификација, овластувања, употреба на огнено оружје и други средства на принуда и др.[172]

Со измените и дополнувањата на Законот за приватна заштита од 2010 година воведени се некои нови решенија кои претставуваат високи стандарди во областа на приватната безбедност. Утврдени се меѓусебните односи помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор, како и одговорноста на тие субјекти во контролата и сузбивање на криминалот. Исто така, со овој Закон вон сила се ставени дотогашните ограничувања на компаниите за обезбедување за вршење на одредени работи, а пред се оние кои се однесуваа на можноста за пружање приватна заштита на телата на државните власти и претставничките тела, односно општините, градовите и окрузите. [173]

Според новите измени од 2010 година, приватната заштита освен тоа што можат да ја вршат правните лица и поединци кои се регистрирани за извршување на работи од делокргот на приватната заштита, исто така можат да ја вршат и правни лица и поединци од државите членки на Европската Унија и државите потписнички на Договорот за Европски економски простор во согласност со важечките прописи во Република Хрватска.[174]

Дополнително, останатите законски одредби и подзаконски акти подетално ги регулираат останатите прашања од областа на приватната безбедност и тоа: критериумите за работа на компаниите, сопствениците и вработените, одговорни

---

[171] *Uporedbeni prikaz sektora privatna bezbednost u JIE*, klub studenata fakulteta bezbednosti, Belgrad dekemvri 2006, str.24

[172] Nikač Ž, Koralič N., I Ahič J., *Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiji*, Pregledni naucni trud, Kriminalisticko-policijska akademija Beograd 2013, str.42-43

[173] Даничиќ М., Пилиповиќ В., *Приватна безбедност*, Факултет за правне и пословне студије "др. Лазар Вркатиќ", Тампограф, Нови Сад 2015, стр.445-446.

[174] Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа,* Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018, стр.367

органи, обука и едукација на персоналот, идентификација, овластувања, употреба на огнено оружје, соработка на јавниот и приватниот безбедносен сектор, контрола и надзор над приватниот безбедносен сектор и друго.[175]

Инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за приватна заштита, како и прописите донесени врз негова основа, врши Министерството за внатрешни работи на Република Хрватска.

Правните лица работите во делот на приватната заштита можат да започнат да ги извршуваат по добивање на претходно одобрение од страна на Министерството за внатрешни работи што подразбира дека дозвола за извршување на дејноста приватно обезбедување се дел од полициската област. Дополнително, административна санкција им се изрекува на правни и физички лица во вид на предупредување или одземање на дозволата за работа во услови кога овие субјекти нема да го почитуваат законот, а неговите одредби сами по себе носат казнени санкции.[176]

### 6.2.4 Бугарија

Ситуацијата во Бугарија е значително подобрена во последните две декади и приватната безбедносна индустрија можеби е една од најразвиените во регионот. Иако на почетокот индустријата била силно поврзувана со организираниот криминал и корупција, сепак серијата од законодавни прописи донесени од властите на Бугарија значително ја намалија вклученоста на организираниот криминал во индустријата и ја поттикнаа професионализацијата.[177]

---

175 Nikać Z., Ahić J., I dr., *Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiju*, Naucni rad, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije Univerziteta u
Sarajevu 2013, стр.43.

176 Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.218-219

177 *SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe*: *A Cause or Effect of Insecurity*?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.27-28 (достапно на: http://www.seesac.org/f/docs/Private-Security-Companies/SALW-and-Private-Security-Companies-in-South-Eastern-Europe-A-.pdf)

Историски гледано,во Бугарија уште во 70-те постоеле неколку видови на услуги од областа на обезбедувањето кои биле дефинирани во правната рамка на социјалистичка држава, а во раните 90-ти овие државно контролирани служби биле укинати. Сепак, појавата на приватната безбедност во Бугарија треба да се види во контекст на пошироките процеси на распуштање и реорганизација на целиот државен апарат и преминот од државна во приватна сопственост. Приватниот безбедносен сектор во Бугарија помина низ серија трансформации од неговото појавување до падот на комунизмот.[178]

Од своето појавување до падот на комунизмот приватниот безбедносен сектор во Бугарија имал серија трансформации. Според Гунев[179], во периодот од 1990 до 2006 година постојат 3 главни периоди во развојот на оваа индустрија. За време на првата фаза од 1990 до 1994 година, практично не постоела регулација на ПБК. За разлика од другите пост-социјалистички држави претходниот државен монопол во безбедносниот сектор бил сериозно ослабен во текот на раните 1990-ти, што довело до неефикасна и слаба контрола над растечката стапка на криминал, а тоа го искористиле новоформираните безбедносни компании кои во тоа време се карактеризирале со проблеми во однос на квалитетот и контролата. Државата го направила својот прв обид да ги контролира нивните активности со донесување на Уредбата бр.14 за Издавање на дозволи за обезбедување на локации и приватни лица од страна на физички и правни лица во 1994 год.

Законот имал негативни последици кои што водат кон втората фаза на трансформација на приватните безбедносни компании, која траела до 1997 година. Многу од компаниите кои не можеле да добијат лиценца за обезбедување биле трансформирани во осигурителни компании. Истите практики продолжиле под нова маска. Третиот период, од 1998-2006 година, се карактеризира со активните обиди на властите да се спротивстават на криминалните осигурителни компании. Ова се случува во време кога економијата покажувала знаци на стабилизација и националната регулаторна рамка во целина била зајакната.

[178] Dzekova R., Rusev A., *Bulgarija in A force for good? Mapping the Private Security Landscape in Southeast Europe*, Geneva Centre for Democratic Control of Armed Forces, Belgrade/Geneva 2015, стр.33

[179] Gounev, P. (2006). “Bulgaria’s Private Security Industry”. In: Bryden, A. and M. Caparini, (eds.). Private Actors and Security Governance. Geneva:LIT & DCAF, pp. 109-128

Меѓутоа, и покрај сите напори, рекетирањето останало релативно распространето се до наметнувањето на построги регулативи во 2000 и 2004 година.[180]

Значаен чекор напред е постигнат во 2004 година со донесувањето на Законот за работење на приватното обезбедување. Со овој Закон се уредени условите и начинот на извршување на дејноста и вршење на работите на заштита на лица, имот и добра кои се надвор од надлежноста на државата, како и овластувања на лица кои вршат работи во делот на заштитата. Според податоците од 2010 година во Бугарија има околу 1200 приватни безбедносни компании кои вработуваат околу 55.000 вработени во овој сектор.[181]

Законот за работење на приватното обезбедување е донесен локално и со активно учество на советите на приватните компании за обезбедување. Ова е обид да се обезбеди дека Законот не содржи нереални одредби и дека тие одредби не се косат со постоечката пракса на ПБК.[182] Како и да е, приватниот безбедносен сектор сеуште се соочува со проблеми кои што најчесто се резултат на пошироки безбедносни и економски предизвици во земјата.

Во јануари 2018 е донесен нов Закон за дејноста приватно обезбедување со кој се уредуваат општествените односи поврзани со дејноста на приватната безбесност, нејзиното административно регулирање и контрола.[183]

Според новиот Закон, дејноста обезбедување е трговска дејност насочена кон заштита на животот и здравјето на физичките лица, нивниот имот, гарантирање на максимално ниво на безбедност при транспортирање вредносни пратки и товар или како што е наведено во член 5 од Законот за дејноста приватно обезбедување се остварува како: лична заштита на физички лица, заштита на имотот на физички и на правни лица, сигнално-заштитна дејност,

---

[180] Dzekova R., Rusev A., *Bulgarija in A force for good? Mapping the Private Security Landscape in Southeast Europe,* Geneva Centre for Democratic Control of Armed Forces, Belgrade/Geneva 2015 стр.32-33

[181] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.235

[182] *SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity*?, South Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons (SEESAC), Beograd 2005, стр.32

[183] Закон за частната охранителна деиност, достапен на: https://www.lex.bg/en/laws/ldoc/2137180492, посетена: 22/1/2019

заштита на дискотеки, игротеки и компјутерски сали, заштита на вредносни пратки итн.[184]

Административната санкција во вид на надзор на правните субјекти кои нема да го почитуваат законот и неговите одредби само по себе носи соодветни казни. Контролата на работењето на овој сектор му е доверена на Министерството за внатрешни работи.[185]

### 6.2.5 Република Албанија

Приватната безбедносна индустрија во Албанија се појавува во периодот на раните 1990-ти години. Кога се појавила и почнала да се шири оваа дејност сеуште немало цврста поделба помеѓу државните и приватните безбедносни актери. Приватните безбедносни компании генерално се сметало дека се “продолжеток” на државната полиција и фокусот бил ставен на тоа дали тие ги исполнуваат нивните обврски како безбедносни актери, а помалку на почитувањето на законите за работење кои во тоа време не биле доволно развиени. Првично, кога се појавиле првите приватни безбедносни компании, државните институции биле несигурни во однос на нивната моќ и мотиви.[186]

Првите приватни компании почнале со своите активности во 1993 година по усвојувањето на првиот Закон (Закон бр. 7697, од 1993., За услугите на цивилното обезбедување) кој ги регулирал нивните активности, содржел механизми за одговорност и рестрикции. Првата дозвола е издадена во јуни 1993 година на компанијата Go-Rat Security која на почетокот давала само услуги за статично обезбедување.[187]

---

184 Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје, 2018,стр.479.

185 исто, стр.480.

186 Dyrmishi, Arjan and Gentiola Madhi, *“Albania” in A Force for Good? Mapping the Private Security Landscape in Southeast Europe* Belgrade and Geneva: DCAF 2015, достапно на: https://www.dcaf.ch/content/download/327205/5158655/version/1/file/A_force_for_good_Albania-web.pdf, посетена 07/02/2019

187 SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, SEESAC 2005 стр.9

Со развојот на економијата и промените во општествено-политичкиот амбиент почнал да се развива и приватниот безбедносен сектор. Либеризацијата на економијата довела до основање на компании кои нудат поголем спектар на услуги.

Правната и институционалната рамка за одржување контрола над приватните безбедносни компании која е воспоставена по појавата на приватниот безбедносен пазар со тек на времето се подобрила, но сепак во пракса контролата е парцијална и нецелосна. Ваквата ситуација се јавува како резултат на комбинација од три главни фактори: 1) наследените предизвици кои што произлегуваат од осигурувањето дека ќе се одржи вистински баланс и дека ПБК ќе оперираат како бизнис ентитети, а ќе делуваат како провајдери на безбедноста; 2) целокупната корумпирана и политизирана јавна администрација, и 3) генерално лошата одговорност на властите и јавниот безбедносен сектор.[188]

Ситуацијата почнала да се менува во 2001 година кога се укинува Законот од 1993 година. Работата на приватниот безбедносен сектор е регулирана со Законот за чуварска и службата за физичко обезбедување.[189]

Во 2014 година Парламентот на Албанија го усвоил новиот Закон за приватни услуги за физичко обезбедување.[190] Целта на Законот е да се регулираат активностите на приватните безбедносни компании преку:

1. проверка и лиценцирање на приватните безбедносни компании и нивниот персонал,
2. правилата за однесување на ПБК, нивните договорни обврски и контрола, и
3. административните и правни обврски, обука и употреба на сила и оружје.

---

188 Dyrmishi, Arjan and Gentiola Madhi, *Albania in A Force for Good? Mapping the Private Security Landscape in Southeast Europe* (Belgrade and Geneva: DCAF, 2015, достапно на: https://www.dcaf.ch/content/download/327205/5158655/version/1/file/A_force_for_good_Albania-web.pdf, посетена на: 07/2/2019

189 Бакрески О*., Безбедносни системи: Компаративна анализа,* Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018, стр.449

190 https://www.parlament.al/wp-content/uploads/2015/11/rel_sig_fizike_17460_1.pdf, посетена на: 10/02/2019

Со овој Закон се укинува претходно усвоениот од 2001 година, со цел да се рефлектираат случувањата и динамиките во правната и пазарната сфера, а исто така и да се обезбеди подобра регулаторна рамка за пазарот кој што константно расте. Со цел да се креираат услови за поенергичен пазар за приватната безбедност, Законот отстранува повеќе постоечки правни бариери кои ја поткопувале конкуренцијата и го спречувале растот и ширењето на ПБК. На овој начин албанскиот пазар се отвора и за странски оператори.[191]

Законот од 2014 година исто така ги обврзува ПБК да ги почитуваат меѓународно признатите принципи, како човековите права, анти-дискриминацијата, законитоста, професионализмот, објективноста и сл.[192]

Моментално во Албанија се регистрирани 236 приватни безбедносни компании од кои 22 обезбедуваат и статично физичко обезбедување и обезбедуваат транспорт на пари и вредности. Секторот вработува 8934 лица, а обезбедува услуги за физичко обезбедување на 2721 јавни и приватни субјекти.[193]

### 6.2.6 Босна и Херцеговина

Системот на приватна безбедност на Босна и Херцеговина е сложен и се соочува со големи предизвици исто како што е сложена самата структура на Босна и Херцеговина. Дел од тие предизвици се резултат на оптоварувањата од одредени внатрешни проблеми, главно предизвикани од различни политички фактори, а некои од нив се резултат на: заостанатите политички и општествени анимозитети, настанати како последица на војната од 1992 до 1995 година и

---

191 Durmishi A., *An outlook on the Albanian private security market since adoption of the law on Private Phisical Security Services in 2014,* Discussion Paper, May 2017 (достапно на: http://idmalbania.org/wp-content/uploads/2017/05/Discussion-Paper_Albanian-PSC-after-2014-law-2014__May-2017.pdf) посетена на: 11/02/2019

192 Durmishi A., Madhi G., *Albania, in A Force for Good? Mapping the private security landscape in Southeast Europe,* DCAF 2015, стр.11

193 Durmishi A., *An outlook on the Albanian private security market since adoption of the law on Private Phisical Security Services in 2014*, Discussion Paper, May 2017 (достапно на: http://idmalbania.org/wp-content/uploads/2017/05/Discussion-Paper_Albanian-PSC-after-2014-law-2014__May-2017.pdf) посетена на: 11/2/2019

секако поттикнати од елементите кои заговараат различни видови националистички екстремизам; бавната имплементација на Дејтонскиот мировен договор; проблеми како резултат на политичката транзиција и сл.[194]

Од 1995 година Босна и Херцеговина се дели на два полуавтономни ентитети: Федерација БиХ (која се состои од 10 кантона) и Република Српска како единствена административна единица. Не изненадува фактот дека структурата на индустријата ја рефлектира правната структура и функционирањето на државата во целина, со оглед на тоа што приватната безбедносна индустрија не е регулирана на национално ниво, туку само на ниво на ентитети и кантони.[195]

Во одредени временски периоди не постоеле прописи за уредување на овој сектор, односно приватната безбедност била надвор од законските прописи на државата. Со Законот на основите на општествена самозаштита од 1986 делумно е трерирана оваа проблематика, меѓутоа решенијата кои биле понудени не биле доволни за современите предизвици.[196]

Приватните безбедносни компании во БиХ за прв пат се појавуваат во 1995 година, после војната, односно пост-воениот период претставува значаен темел во развивањето на ПБК во однос на приватното обезбедување во државата. Искуството од грозоморната војна, говори дека приватизацијата на безбедносниот сектор, а со самото тоа и развојот на приватната безбедност, се клучна основа за комплетно осигурување на безбедносната состојба во државата.[197]

Значаен чекор напред за развојот на приватната безбедност во Босна и Херцеговина е направен во 2002 година. Ова е година од кога почнува да се следи постоењето на приватниот безбедносен сектор, бидејќи е проследено со донесување на соодветни закони и подзаконски акти на ниво на ентитетите, и регулирање на дејноста на работата.

---

[194] Bijela kniga odbrane Bosne I Hercegovine, juni 2005, во Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018 ,стр.392.

[195] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.17

[196] Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018 стр.393

[197] Велкова М-р, *Концептот на приватна безбедност во некои земји од Балканот - компаративна анализа*, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир, стр.15

Законот за заштита на луѓе и имот во Федерацијата[198] од 2002 година е закон кој на сеопфатен начин врши регулација на активностите и работењето на приватните безбедносни компании, начинот за основање на компании, како и надзорот во однос на вршењето на нивната работа. Ова резултирало со значително зголемување на процесот на приватизација на безбедносниот сектор.[199]

Овој Закон е ревидиран во 2008 година - Закон за агенции и внатрешни служби за заштита на лица и имот. Други законски документи кои се од значење за прватното обезбедување се законите за оружје, законите за трговски друштва, закони за противпожарна заштита и др.[200]

Во Република Српска приватната безбедност исто така подолго време не била уредена. Значаен исчекор во поглед на законските и подзаконските регулативи за приватна безбедност е направен со донесувањето на Законот за агенциите за обезбедување на лица и имоти и приватна детективска дејност[201]. Со овој Закон меѓу другото, за прв пат сеопфатно, прецизно и детално ги уредува најзначаните сегменти на приватната безбедност. Во овој случај, законските одредби се јавуваат како основа за ефикасноста, но и како гаранција за дејствување на субјектите на приватната безбедност.[202]

Сепак, многу е важно законите кои управуваат со индустријата на ниво на ентитетите да бидат барем минимално ускладени, или пак заменети со национален закон и да се воведат прописи на единствено ниво, а потоа тоа законодавство да се хармонизира со регулацијата на приватната безбедност во ЕУ.[203]

---

[198] Види: Zakon o agencijama za zastitu ljudi I imovine (Сл.весник ФБИХ, бр.50, 14.10.2002)

[199] Krzalic A., *Stanje privatne sigurnosti u Bosni I Hercegovini,* Centar za sigurnosne studije BiH 2009, стр.14.

[200] Исто, стр.17

[201] Види: Zakon o agencijama za obezbezenje lica I imovine I privatnoj detektivskoj djelatnost RS (Сл.весник на РС бр.50/02)

[202] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт,* Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.221-222

[203] Ahić J., *Harmonizacija zakonske regulative private sigurnosti u BiH u kontekst evropskih integracija,* Naucni rad, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije Univerziteta u Sarajevu 2015, стр.172.

## 6.2.7. Република Црна Гора

Во Црна Гора, со оглед на тоа дека била дел од заедничка држава (СФРЈ), се застапени истите безбедносни проблеми, амбиентални фактори и сродна култура, јазик, традиција и други атрибути како кај соседните земји. Речиси на идентичен начин се поставени и државата и нејзините органи, а со тоа и приватниот безбедносен сектор.

Иако приватната безбедносна индустрија почнала со работа во 1992 година, што е релативно рано во споредба со опкружувањето, нејзиниот развој се случил кон крајот на деведесетите години.[204] Правна основа на актуелното функционирање на приватниот безбедносен сектор во Црна Гора претставува Уставот на Црна Гора и Законот за заштита на лица и имот од 2005 година[205], што неколку пати е изменуван и дополнуван. За правната регулација значајни се и одредбите од неколку закони, меѓу кои покрај Законот за заштита на лица и имот како најзначајни се издвојуваат: Законот за детективски агенции и Законот за оружје; Понатаму Законот за национални и професионални квалификации, Правилник за начин на обука, програма и начин на полагање на стручен испит за вршење на работи за заштита на лица и имот и др.[206]

Во 2018 година донесен е и нов Закон за заштита на лица и имот. Во рамките на законските решенија се уредени условите и начинот на извршување на дејноста и вршење на работите на заштита на лица, имот и добра што не ги обезбедува државата, како и условите и начинот на вршење работи од заштитен

---

[204] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005 ,стр.77

[205] Закон о заштити лица и имовине Црне Горе („Службени лист РЦГ», бр. 29/05)

[206] Nikać Z., Ahić J., I dr., *Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiju*, Naucni rad, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije Univerziteta u Sarajevu 2013, стр.43.

карактер, но и други прашања што се од значење за вршење на работите во делот на заштитата.[207]

Со оглед на експанзијата на приватниот безбедносен сектор во Црна Гора во почетокот на XXI век, евидентни се бројни напори за регулирање и на детективската дејност во Црна Гора како една посебна специфичност која е резултат на економската трансформација, социјалната еманципација и политичка демократизација. Законот за детективска дејност, се заснова на тоа дека со оваа дејност може да се занимаваат поединци, самостојно или во рамките на детективска канцеларија и тоа исклучиво врз основа на одобрение на Министерството за внатрешни работи.[208]

Од истражувањето се добива впечаток дека ПБК во Црна Гора не привлекуваат големо внимание и интересот за нив не е на високо ниво. За тоа постојат две размислувања - дека компаниите го почитуваат законот и дека приватниот безбедносен сектор се јавува како одговор на општествените и економските промени кои ја зафатиле државата; или пак луѓето сметаат дека поради високото ниво на корупција, и овие компании мораат да функционираат во “сивата зона” во врска со Владата, полицијата и криминалните огранизации. Сепак ваквите критики не се упатени кон компаниите, туки кон системот во кои истите функционираат и кон институциите на кои им е потребна реформа.[209]

---

207 Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018, стр.423

208 Бакрески О., Барџиева Л., *Преглед на приватната безбедност низ призмата на компаративното законодавство на некои од земјите на Балканот,* Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, год.5, бр.1, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.88.

209 SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.85

### 6.2.8. Грција

Во Грција приватната безбедност ги бележи своите почетоци во раните 70ти години од 20от век. Таа претставува брзорастечка индустрија што може да се забележи по тоа што нејзините услуги се застапени во речиси сите области на живеењето.[210]

Големината на индустријата на приватната безбедност во Грција е тешко да се процени исто како и нејзиното дејствување, затоа што овој сегмент бил речиси нерегулиран до создавањето на посебно законодавство во 1997 година.[211]

Работата на приватниот безбедносен сектор во Грција е регулирана со Законот за приватна безбедност што е донесен во август 1997 година, а е изменет и дополнет во 2008година.[212] Со овој Закон се пропишани условите за осоновање на компании за приватно обезбедување; кој може а кој не може да работи во секторот на приватната безбедност; какви обуки треба да помине персоналот, дали е дозволено носење и употреба на огнено оружје и слично.

Треба да се потенцира дека во Грција покрај тоа што оваа дејност е регулирана со Законот за приватна безбедност, сепак постојат и други форми на регулација на овој сектор, односно има национален колективен договор врз чија што основа се регулирани условите на работа во секторот. Основниот законски

---

[210] https://www.eoa.com.gr/en/about-eoa/history посетена: 15/02/2019

[211] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.233.

[212] Law no.2518/1997, Law no.3707/2008

документ се однесува на работното време, на условите за годишен одмор и на правата на привремените работници.[213]

Надлежен државен орган за изготвување и регулирање на законодавството со кое се регулира приватната безбедносна индустрија во Грција претставува Министерството за внатрешни работи.Според податоцитете од страна на CoESS од 2015 година, во Грција се регистрирани 1480 приватни безбедносни компании што вработуваат околу 32.000 луѓе.[214]

### 6.2.9 Романија

Во Романија слично како кај другите држави, после долгиот период на реформи на безбедносниот сектор по транзицијата од комунизмот дошло до се помало учество на државата во безбедносниот сектор. Голем број на фактори довеле до тоа да се намали довербата во институциите на државата, а со тоа да се зголеми побарувачката на услугите од приватната индустрија. Приватните безбедносни компании во Романија се појавуваат во нерегулирано опкружување каде границата помеѓу легалниот бизнис и организираниот криминал била недефинирана. Приватниот безбедносен сектор започнува со својата работа од 1991-1992 година, меѓутоа дури во 1996та година е воведен првиот закон кој ја регулирал оваа област. [215]

Од 2003 година, позицијата на приватниот безбедносен сектор е регулирана со посебен Закон бр.333, или поточно со Законот за заштита на објекти, добра, вредности и лица[216], врз чијашто основа сите фирми (вклучувајќи ги и странските

---

213 Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018, стр.499

214 Private Security Services in Europe, Confederaton of European Security Services, CoESS Facts & Figures, Belgium, 2011 (достапно на: http://www.coess.org/newsroom.php?page=facts-and-figures) посетена на: 20/02/2019

215 SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.69.

216 Zakon br. 333 od 8.jula 2003. godine, “Zakon o zaštiti objekata, dobara, vrednosti i ljudi”, Državni glasnik br. 525, 22.juli 2003

компании) што даваат услуги како приватно обезбедување мора да имаат дозвола за работа што ја издава Полицијата.[217]

Со Законот е пропишано кој работи во приватното обезбедување, каква обука е потребна, кои се овластувањата на работниците, кој издава лиценци, какви услуги се даваат и слично.

Приватниот безбедносен пазар во Романија е отворен за странски компании кои даваат услуги на домашниот пазар, и обратно, романски компании пружаат услуги во други држави. Законот не прави разлика помеѓу интернационалните и домашните приватни безбедносни компании, со што се дозволува странските компании да делуваат во истата правна рамка. Исто така не постои регулатива за романските ПБК кои делуваат надвор од државата.[218]

Надзор над работата на приватниот безбедносен сектор во Романија врши Генерален инпекторат на полицијата.

Иако во државата делуваат голем број на приватни компании, споредено со другите држави во регионот, судејќи по се, приватната безбедносна индустрија не е од голема важност за државата. Во практика, доста мал дел компании од овој сектор ги почитуваат европските стандари особено во однос на правата на граѓаните, а лошите услови за работа и малите плати влијаат на ниското ниво на професионализам[219]

---

[217] Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје, 2018 стр.309

[218] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.72

[219] Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018, стр.310.

## 6.3. Приватни агенции за обезбедување во Југоисточна Европа

### 6.3.1 Република Македонија

#### 6.3.1.1 Законски основи за формирање агенции за обезбедување

Кога говориме за приватните агенции за обезбедување во Република Македонија треба да се нагласи дека остварувањето на поставените цели и задачи во голема мера се детерминирани од повеќе фактори и тоа: од ресурсите со кои располага овој сектор, од оспособеноста на персоналот, од нивото на техничка и материјална опременост, од пристапот во вршење на предвидените задачи, од големината на агенцијата за обезбедување, мотивираноста, политичко-безбедносниот амбиент во државата, од законските ракмки со кои се регулира оваа материја, од соработката што треба да се остварува со полицијата и сл.[220]

[220] Бакрески О., Безбедносни системи: *Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018, стр.555

Првите чекори со кои е создадена можноста одредени субјекти кои што ќе изразат желба во оваа сфера да се регистрираат како правни субјекти за вршење работи од областа на обезбедување на лица и имот се направени со донесувањето на првиот Закон за обезбедување лица и имот во 1999 година.[221]

Агенциите за обезбедување покрај условите кои треба да ги исполнуваат, а се наведени таксативно во соодветниот закон, требно е да ги исполнуваат и законските одредби коишто се дадени во Законот за трговски друштва, со кои се регулираат и се запишуваат самите претпријатија и дејноста којашто ја вршат во Централниот регистар на Република Македонија.[222]

Според Законот за приватно обезбедување, дејноста приватно обезбедување во РМ имаат право да ја вршат: правни лица ако имаат извршено упис во Централниот регистар, да имаат дозвола за приватно обезбедување во вид на давање на услуги. Додека приватно обезбедување за сопствени потреби може да врши правно лице ако има добиено дозвола за приватно обезбедување за сопствени потреби. Приватното обезбедување во вид на давање на услуги се врши како: 1)физичко обезбедување и 2) техничко обезбедување, каде физичкото обезбедување се врши како телесна заштита, мониторинг-патролно обезбедување, обезбедување на транспорт и пренос на пари и други вредносни пратки и обезбедување на јавни собири и други настани; додека пак, приватното обезбедување за сопствени потреби се вржи како физичко обезбедување и тоа како телесна заштита и мониторинг обезбедување.[223]

Законот пропишува дека приватно обезбедување може да врши физичко лице што поседува:

1) Лиценца за приватно обезбедување, и

2) легитимација за приватно обезбедување.

Според Член 20 од Законот лиценци за работа издава Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, само доколку физичкото

---

[221] Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор*, Аутопринт Т.А., Скопје 2012, стр.105.

[222] Закон за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија, бр.28/04)

[223] Закон за приватно обезбедување на РМ

лице ги исполнува условите утврдени со самиот закон. Постојат лиценци за физичко обезбедување и лиценци за техничко обезбедување.

Според Член 21, Лиценца за обезбедување се издава на физичко лице кое ги исполнува следните услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има живеалиште во Република Македонија;

3) има навршено 18 години;

4) поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение кое не смее да биде постаро од три месеци;

5) не е осудено со правосилна судска пресуда или против него не се води кривична постапка за кривично дело за кое се гони по службена должност;

6) има завршено најмалку средно образование;

7) да е оспособен за физичко обезбедување лица и имот, односно да е оспособен за техничко обезбедување лица и имот и

8) да има положено стручен испит за физичко обезбедување, односно да има положено стручен испит за техничко обезбедување.[224]

Статистичките показатели од Централниот регистар за 2017 година упатуваат на фактите дека Министерството за внатрешни работи има издадено важечки дозволи на 148 субјекти, од кои само 51 агенција/компанија се усогласени според Законот за приватно обезбедување со број на вработени 3740, додека дејноста услуга за заштита со помош на сигурносни системи остваруваат 62 субјекти од кои само 42 компании се усоглсени со Законот за приватно обезбедување со вкупно 151 легитимација.[225]

Детективската дејност во Република Македонија е регулирана со Законот за детективска дејност од 1999, а дополнет во 2007 година.

### 6.3.1.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување

---

224 Закон за приватно обезбедување на РМ

225 Бакрески О., Безбедносни системи: Компаративна анализа, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018, стр.560.

Во Република Македонија корисници на услугите што ги даваат агенциите за обезбедување се: приватниот сектор, образовните институции, социјалниот сектор, здравствениот сектор, спортските федерации, локалната самоуправа, бизнис заедницата, приватниот сектор, банкарскиот сектор, дипломатско-конзуларните претставништва, меѓународни организации и слично. [226]

Во принцип, агенциите за обезбедување нудат голем број на услуги, а во согласност со буџетот на клиентите и согласно тековните безбедносни потреби.

Услугите кои ги даваат приватните агенции за обезбедување опфаќаат физичко обезбедување на банки, обезбедување на објекти, обезбедување на лица и имот, хотелско обезбедување, обезбедување на забавни настани, комерцијално онезбедување, следење, локално обезбедување, обезбедување на спортсли натпревари и културни манифестации, обезбување на училишта, обезбедување на претпријатија, обезбедување на банки, како и придружба при дистрибуција на пари и слично.[227]

Некои од агенциите за обезбедување меѓу другото прават и мониторинг на движењето во критичка инфраструктура, и аналогно на тоа прават инсталации во критичката инфраструктура што вклучуа мобилни патроли, даваат безбедносни консултации, вршат транспорт и други услуги за обезбедување на пари и сл.[228]

При вршењето на задачите, работниците кои вршат обезбедување на лица и имот должни се да носат легитимација. Образецот на легитимацијата и начинот на нејзиното издавање го пропишува министерот за внатрешни работи. Во случај кога работникот се повикува на своите задачи должен е истовремено да ја покаже легитимацијата. Исто така, е должен да ја покаже легитимацијата на барање на овластено службено лице од Министерството за внатрешни работи. Работникот за обезбедување може да утврдува идентитет на лице при влез во имотот што го обезбедува, да го предупреди лицето да се оддалечи од имотот што го

---

226 Бакрески О., Славески С., и Гацоски Ж., *Безбедноста низ призмата на приватната безбедност,* Комора на Република Македонија за приватно обезбедуање, Скопје 2018, стр,230

227 *SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity*?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.51.

228 Бакрески О., *Контрола на безбедносниот сектор*, Аутопринт Т.А., Скопје 2012, стр.110-111

обезбедува ако лицето неовластено се задржува во него, да не дозволи влез на неповикано лице во имотот што го обезбедува, да го пријави и предаде на полицијата лицето затечено во вршење на кривично дело кое се гони по службена должност, да врши контрола и презема мерки за заштита, да извести за настанат пожар, експлозии или други непогоди, да врши безбедносна техничка заштита на правното лице.[229]

### 6.3.1.3 Врска со безбедносниот сектор

Едно од позначајните прашања во однос на приватните безбедносни агенции во Република Македонија е нивниот однос со јавниот безбедносен сектор. Факт е дека нивните функции и делување се испреплетени и поврзани, и потребна е нивна меѓусебна соработка. Дополнително, голем дел од припадниците кои работат во приватниот безбедносен сектор се поранешни припадници на јавната полиција или војска.

Апсолутно потврден е фактот според кој заради бенифицираниот стаж еден дел од припадниците на безбедносните структури одлучуваат по пензионирањето да сакаат да продолжат со работата која претодно ја работеле; или пак по завршувањето на договорот за професионален војник оваа категорија се соочува со малите шанси за вработување во јавниот сектор, и си бараат шанса во приватниот безбедносен. [230]

Најеклактантен пример за тоа беа настаните за време на кризата во 2001 година, кога нашата држава се соочи со реална криза поради која се зголеми бројот на припадници на безбедносните сили во државата. По завршувањето на кризата поради предимензионираноста на одредени единици дојде до отшуштање на вработени ви полицијата. [231]

---

[229] Гацоски Ж., *Влијанието на приватниот безбедносен сектор во зголемувањето на степенот на националната безбедност во република Македонија*, Магистерски труд, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје 2009, стр.85.

[230] Бакрески О., Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт Т.А., Скопје 2012, стр.111-112.

[231] Бакрески О., Славески С., Гацоски Ж., *Безбедноста низ призмата на приватната безбедност,* Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2018, стр.231-232

Истото се случи и во Министерството за одбрана со проектот за рационализација на вооружените сили и намалување на бројот на вработени според потребите на стандардите за рамноправна членка во НАТО. Постојат примери на јасна врска на поврзаност помеѓу државната безбедност и агенциите за обезбедување.[232] Овој кадар и понатаму има неформални врски со јавниот сектор.

Сето ова укажува на тоа дека постои голема доза на меѓузависност и неформални односи помеѓу двата сектори (јавниот и приватниот). Тие се поврзани и неразделни и ги поврзува заедничка идентификација.

**6.3.1.4. Врска со политиката**

Врските помеѓу приватните агенции за обезбедување и политичките партии можеби се најголемата причина за загриженост кога е во прашање приватниот безбедносен сектор во Република Македонија. Се додека компаниите се поврзани со политичките партии, можно е потенцијално постоење на паралелни безбедносни сили, кои се погодни за злоупотреби. Со оглед на тоа како функционира македонскиот политички систем, во кој е нормално моменталната влада да ги наградува оние кои ја поддржуваат (преку доделување на работни места и договори), оправдано е што се очекува пристрасност и кај доделувањето на договорите кои се однесуваат на пружање услуги во областа на приватното обезбедување.[233]

[232] Гацоски Ж., *Влијанието на приватниот безбедносен сектор во зголемувањето на степенот на националната безбедност во република Македонија*, Магистерски труд, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана ирск мир, Скопје 2009, стр.102

[233] *SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe*: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.52-53.

Од почетоците на приватното обезбедување во РМ па се до денес постојат бројни примери за поврзаност на приватниот безбедносен сектор со политиката. Постои фаворизирање на одредени фирми, со цел заедничка корист (финансиска, моќ, опстанок). За да нема вакви дилеми во следниот период би требало да се усвојат строги правила и прописи за обезбедување на рамноправен статус и подеднаква вклученост на сите субјекти на приватниот безбедносен сектор, како би се намалила можноста од злоупотреба.[234]

## 6.3.2. Република Србија

### 6.3.2.1. Законски основи за формирање на агенции за обезбедување

Како последица на долгиот период на немање закон за регулирање на приватната безбедност во Република Србија (1993-2013), се појавиле приватни компании со сомнителна позадина и биле основани од криминалци кои преку нив вршеле рекет и слични криминални активности.

Со стапувањето во сила на Законот за приватно обезбедување (Закон о приватном обезбеђењу) во 2013 година, е регулирана работата на приватните агенции за обезбедување. Законот во два наврати подлегнал на измени и дополнувања, порочно во 2015та и 2018та година.

---

[234] Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа,* Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018. стр.566

Според Член 1, Со овој закон се уредува задолжителната безбедност и заштитата на одредени објекти, работењето на правните и физичките лица од областа на приватното обезбедување, условите за нивно лиценцирање, начинот на вршење на работата и вршењето надзор над нивната работа. Во третото поглавје насловено „Работи на приватното обезбдување", во Членот 6 е предвидено за кои работи правните лица можат да добијат лиценца во смисла на овој Закон:

1) проценка на ризикот во заштита на лица, имот и работење;

2) заштита на лица и имот со физички и технички средства, како и одржување на редот на јавни собири, спортски настани и други места на собирање на граѓани во делот што не е во надлежност на Министерството за внатрешни работи;

3) планирање, проектирање и надзор над спроведувањето на системи за техничка заштита, монтажа, пуштање во работа, одржување на системите на техничка заштита и обука на корисниците;

4) обезбедување на транспорт и пренос на пари и вредносни предмети во делот кој не е во надлежност на Министерството за внатрешни работи.[235]

Според членот 8 Дејности за приватно обезбедување можат да вршат правни лица, претприемачи и физички лица кои имаат лиценца за вршење на дејности за приватно обезбедување издадени од Министерството за внатрешни работи на Република Србија. За вршење на приватни безбедносни активности за правно лице или претприемач, според Член 9, Министерството може да издаде:

1) Лиценца за проценка на ризик при заштита на лица, имот и работење;

2) Лиценца за вршење на физичка и техничка заштита без оружје;

2а) Лиценца за вршење на физичко-техничка заштита со оружје;

3) Лиценца за извршување на дејност за обезбедување при транспорт и пренос на пари и вредни пратки;

---

[235] Закон за приватно обезбедување на Република Србија, (Службен весник на РС бр.104 од 27.11.2013)

4) Лиценца за вршење на дејност за планирање на системи за техничка заштита;

5) Лиценца за вршење на дејност за проектирање и надзор над изведувањето на системите за техничка заштита;

6) Лиценца за вршење на работи за монтажа, пуштање во работа и одржување на системот за техничка заштита и обука на корисниците;

7) Лиценца за вршење на активности за самозаштита;

8) Лиценца за вршење на работи за обезбедување при транспорт и пренос на пари и вредносни предмети при вршење на активности за самозаштита.[236]

### 6.3.2.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување

Услугите кои ги пропишува Законот за приватно обезбедување во Србија опфаќаат широко подрачје на дејствување на фирмите во оваа област. Така, во член 2 од Законот, приватното обезбедување се однесува на давање на следните услуги:  заштита на лица, имот и работењето, заштита на работа при вршење на транспорт на пари и вредности, одржување ред на јавни собири, спортски приредби и други места на собири на граѓаните (редарска служба) итн.[237] За да можат да се пружат овие услуги потребни се лиценца за работа издадена од МВР и специјална дозвола која се менува од случај до случај.

Приватните безбедносни компании овозможуваат услуги за физичко – техничка заштита и извршуваат детективски работи.

### 6.3.2.3 Врска со безбедносниот сектор

---

[236] Закон за приватно обезбедување на Република Србија, (Службен весник на РС бр.104 од 27.11.2013)

[237] Бакрески О., Барџиева Л., *Преглед на приватната безбедност низ призмата на компаративното законодавство на некои од земјите на Балканот,* Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, год.5, бр.1, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.89.

Во Република Србија реално сеуште владее корупција во државните органи, и затоа во Законот освен што е напоменато дека агенциите за обебедување се во соработка со полициските органи и се должни да повикаат полиција при поголемо нарушување на јавниот ред и мир на места или настани обезедени од приватно обезедување и нема некои сериозни законски решенија околу оваа соработка. Познато е дека многу припадници на полициските сили работат и во агенциите за обезбедување што прави коализија на законот и моралното право.

Според истражувањата, Србија е далеку од овој концепт на меѓусебна доверба и соработка, помеѓу јавниот и приватниот сектор. Безбедноста е сконцентрирана на ниво на државата. Работата која ја извршува полицијата и работата која ја извршуваат приватните компании за обезбедување, се одвиваат паралелно, иако односите помеѓу нив не се регулирани, сепак некои активности се одвиваат спонтано, при што доаѓа до соработка која не е планирана туку е настаната по пат на случајност или пак е заснована на лични односи и врски. Ова не може да се смета како причина плус која ќе овозможи одржливост на нивото на соработка, која во буквална смисла на зборот не постои.[238]

### 6.3.2.4 Врска со политиката

Политичките односи и врски отсекогаш биле клучни за остварување на "успех постигнат во текот на ноќта" во Србија и приватниот сектор за безбедност не е исклучок. Посои видлива поврзаност помеѓу политичките партии и приватните безбедносни агенции. Како за пример, во периодот меѓу 2002 и 2012 година безбедносните компании кои беа блиски до владеачките политички партии ги проширија своите операции побрзо отколку кога тие партии биле во опозиција. Исто така е забележано дека истите компании одеднаш ги изгубиле позициите кога нивните партии ја изгубиле моќта. Сличен тренд е забележан и од 2012

[238] Магистерски труд, Концептот на приватна безбедност во некои земји од Балканот-компаративна анализа, М-р Велкова, стр. 6

година, спротивно на јавните ветувања од владејачката партија која вети политика на нулта толеранција кон корупцијата. Од 2006 до 2011 година, голема компанија која се бави со обезбедување беше ФТО, во сопственост на Милован Милошевиќ, кој до октомври 2014 година беше претседател на Извршниот комитет на Демократската партија на Србија (ДСС) и голем финансиски учесник во партијата.[239]

Забележано е дека овие компании исто така се користат и за политичко застрашување.

## 6.3.3. Република Хрватска

### 6.3.3.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување

Во текстот на Законот за приватна заштита се инкорпорирани некои решенија кои ги изразуваат најголемите стандарди во оваа област. Така, дејноста приватна заштита, освен тоа што можат да ја вршат правните лица и поединци кои се регистрирани за извршување на работи од делокругот на приватната заштита, исто така, таа дејност можат да ја остваруваат според новите измени од 2010 година и правни лица и поединци од државите членки на Европската унија и државите потписници на Договорот за Европски економски простор во согласност со важечките прописи во Република Хрватска.[240]

Со овој Закон се уредува начинот на вршење на дејности за заштита на лица и имот кои не се предвидени од страна на државата и се надвор од опсегот од страна на државата (во понатамошниот текст како приватна заштита), ги утврдува условите за неговата ефикасност, условите и начинот на работа на лица

---

[239] Centre for investigative journalism (CINS). "Ko obezbeđuje državne institucije" [Who is protecting state institutions]. 31 December 2014. Available at: http://www.cins.rs/srpski/projects/article/ko-obezbedjuje-drzavne-institucije. They list politically affiliated companies and correlate their business success with party patronage пристапено на 03.03.2019

[240] Бакрески О., Барџиева Л., *Преглед на приватната безбедност низ призмата на компаративното законодавство на некои од земјите на Балкано*т, Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, год.5, бр.1, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.81.

ангажирани во дејноста на приватното обезбедување и контрола на нивнате работа. Правни лица и трговци кои се овластени за давање услуги во приватната безбедност не смеат да применуваат оперативни методи и средства кои ги применува Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) и другите државни органи.[241]

За една компанија да биде регистрирана како приватна компанија, потребно е да ги исполнува следните услови :

- Да бидат регистрирани како правен субјект во Стопанскиот суд;
- Да има регистрирано одоговорно лице кое мора да биде полнолетно, здравствено способно, со место на живеалиште во Хрватска, да не е кривично гонен или осудуван, да ги исполнува безбедносните проверки и да има завршено најмалку високо образование;
- Да располага со акт за систематизација на работните места, со листа на одогворни лица т.е. ја формира организационата структура;
- Да има општ акт за заштитен знак на фирмата и опш акт за соодветни работни униформи;
- Да располага со соодветен простор за чување и складирање на оружјето, соодветна заштита од пожари, кражба и други злоупотреби.[242]

Според Член 4 од Законот, активности на приватната заштита можат да вршат правни лица регистрирани за вршење на приватни безбедносни работи кај надлежниот стопански суд, освен тајни друштва. Трговците и занаетчиите можат да вршат дејност на техничка заштита и физичка заштита за свои лични потреби само во согласност со одредбите на овој закон за внатрешна чуварска служба.

Дозволи издава Министерството за внатрешни работи.[243]

#### 6.3.3.2 Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување

---

241 Zakona o privatnoj zaštiti („Narodne novine", broj: 68/03, 31/10, 139/10)

242 Čolović V.,Ph.D, LAW OF THE COUNTRIES IN THE REGION, Institute of Comparative Law, Beograd 2010, стр.119-120

243 Zakona o privatnoj zaštiti („Narodne novine", broj: 68/03, 31/10, 139/10

Според член 5 од Законот, Активностите за приватна заштита вклучуваат задачи насочени кон заштита на лица и имот, а особено:

1. обезбедување мирни протести и јавни собири,
2. осигурување на станбени и деловни простории,
3. Непосредна физичка заштита на лица (телохранител),
4. заштита на природните ресурси и животната средина,
5. Осигурување и придружба при пренос на пари, хартии од вредност и вредности.

Правните лица и поединци ја спроведуваат приватната заштита врз основа на потпишан договор склучен со физички и правни лица кои се предмет на заштита, а работите од приватна заштита можат да се извршуваат внатре и околу штитениот објект, околку штитената личност внатре во границата на периметарот на заштита за чијашто заштита се задолжени чуварите и стражарите на јавни места. Правните лица без разлика на тоа каква услуга нудат на пазарот, работите во делот на приватната заштита можат да започнат да ги извршуваат по добивање на претходно одобрение од страна на Министерството за Внатрешни работи. [244]

#### 6.3.3.3 Врска со безбедносниот сектор

Неформалните врски помеѓу полицијата и приватниот сектор се вообичаени, бидејќи сопствениците, главните извршни службеници и административниот персонал, често доаѓаат од редовите на полицијата. Анализирајќи определени ставови во врска со ова, се констатира дека оваа релација на односи е неизбежна со оглед на фактот дека овој оддел привлекува искусни кадри со минато од оваа област. Иако постои оваа поврзаност и еден вид “соработка“, војската како одбранбена институција нема никаква врска со

---

[244] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.218.

приватните агенции за обезбедување. Мал е бројот на членови од армијата кои се ангажирани, како во однос на извршување на определени должности, така и во однос на сопственичка титула. [245]

Како пример за врска на приватниот и јавниот сектор за безбедност во Република Хрватска можеме да го земеме поранешниот претседател на Република Хрватска, Стипе Месич, кој 4 пати се префрлаше од јавниот во приватниот сектор. Секако поголем проблем од врската помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор во Република Хрватска е ривалството помеѓу полицијата и припадниците на приватниот безбедносен сектор. Хрватската полиција која е проширена како би ја превзела улогата на национален бранител за време на „Домовински рат" од 1991 до 1995 година, сега постепено ги отпушта своите припадници кои сега се вишок на работна сила. Сепак тоа им одговара на Приватните компании за безбедност, кои доживуваат експанзија со тоа што превземаат голем дел од функциите кои ги извршувала полицијата.[246]

### 6.3.3.4 Врска со политиката

Поради строгите правила и конкретните усогласувања на законите со законодавството на Европската Унија, во Хрватска е намалена тајната поврзаност на политичките партии и агенциите за обезбедување поради надзорот од европските служби. Сепак политичките партии ги користат услуги на приватните агенции за обезбедување, кои пак се инволвирани во заштита на многу јавни објекти и настани. Хрватска се соочува со недостаток на кадар за оваа дејност

---

[245] Магистерски труд, *Концептот на приватна безбедност во некои земји од Балканот-компаративна анализа*, М-р Велкова, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, стр.13

[246] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005

токму поради прецизностите кои ги нуди Законот и сепак е пример како се имплементираат чистите европски закони.

## 6.3.4. Бугарија

### 6.3.4.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување

Со Законот за приватна бебедносна дејност од 2018 година се уредуваат условите и правилата за вршење на приватни безбедносни активности, нејзиното админстративно уредување и административна контрола.

Во членот број 2 од овој Закон е предвидено дека приватната безбедносна дејност е трговска дејност чија цел е заштита на животот и здравјето на поединците, заштита на имотот на физички и правни лица, обезбедување на максимално ниво на безбедност при превоз на вредни пратки и товар, обезбедување на непречено спроведување на различни видови настани.

Во третата глава од овој закон се пропишани правилата за издавање на лиценци за извршување на дејноста за приватно обезбедување. Лиценца за приватни безбедносни активности издава директорот на Националната полициска дирекција при Министерството за внатрешни работи (МВР) или службено лице овластено од него / неа.[247]

Според Законот, активности за приватно обезбедување ќе бидат дозволени само со поседување соодветна лиценца или соодветна регистрација според одредбите на законот за приватно обезбедување, а лиценците се издаваат од страна на националната полиција или од личноста која таа ќе ја овласти. Директорот или овластените лица од негова страна имаат право да издадат или да ја одбијат лиценцата во рок од еден месец од денот на поднесување на барањето. За да добијат дозвола, лицата треба да:

---

247 https://www.mvr.bg/docs/default-source/normativnauredba/129b8bd0-zcod-pdf.pdf, пристапено: 25/02/2019

1се впишани во трговскиот регистар, во регистарот на правни лица или во соодветниот регистар согласно националното законодавство на друга држава - членка на Европската унија, на друга држава - страна за Договорот за Европската економска област, или на Швајцарија;

2. немаат обврски во рамките на „Процедуралниот законик за даночно осигурување“, ова барање исто така важи и за друштва со неограничена одговорност во ограничено партнерство или заедничко вложување;

3. немаат обврски кон државата или задолжителните фондови за социјално осигурување, за кои нема презакажување или одложување од страна на надлежните органи

4. да има модел на сервисна картичка со фотографија, карактеристичен знак и униформирана облека за безбедносниот персонал;

5. не се во стечајна или ликвидациска состојба;

6. имаат подмирено одредената државна такса.[248]

Во поглед на употреба на сила, законот е доста ригиден. Така според член 34 од законот употребата на сила е дозволена само во ситуации кога припадникот-вработен во приватното обезбедување не може да ја извршува службената должност, што значи дека физичка сила може да биде употребена само по претходно опоменување или во исклучителни ситуации при изненаден напад.[249]

#### 6.3.4.2. Услуги кои ги нудат компаниите за обезбедување

Според Законот, дејностите за кои се овластени приватните агенци за обезбедување во Бугарија се следните:

---

[248] Закон за частната охранителна деиност ( достапен на: https://www.lex.bg/en/laws/ldoc/2137180492

[249] Бакрески О., Барџиева Л., *Преглед на приватната безбедност низ призмата на компаративното законодавство на некои од земјите на Балканот*, Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, год.5, бр.1, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.95-96.

1. лично обезбедување на поединци;
2. обезбедување на имот на физички или правни лица;
3. сигнално-безбедносна дејност;
4. самостојно обезбедување на имот според чл. 2, став. 3;
5. обезбедување на установи за пиење и забава, дискотеки, игри и компјутерски сали;
6. обезбедување на урбанизирани места;
7. обезбедување на настани;
8. обезбедување при превоз на вредна стока или товар;
9. обезбедување на земјоделски имот.[250]

### 6.3.4.3. Врска со безбедносниот сектор

По се изгледа дека врската помеѓу приватните компании за обезбедување и јавниот безбедносен сектор е голема, бидејќи голем број од вработените во приватните компании за безбедност се пензионирани или отпуштени полицајци или војници. Како пример, може да се земе поранешниот премиер на Република Бугарија кој бил поранешен сопственик на IPON Security, една од најголемите приватни безбедносни компании во Република Бугарија. Ваквите примери ни укажуваат на постоење на неформални врски помеѓу приватните безбедносни компании и Министерствата за Внатрешни работи и за Одбрана. Националната Полиција со цел да се олесни соработката помеѓу приватните и традиционалните друштва за безбедност ја основа консултативната група во која се полицијата и пет најголеми компании во приватната безбедност за консултации во заедничкото работење.

Поради законските дозволи јавните сектори да можат да основаат сопстевени компании за обезбедување, Министерството за Одбрана на Република Бугарија ја има основано МОБА . Пред да биде основана МОБА, Министерството воглавно ги ангажирало приватните безбедносни компании за да ги обезбедуваат

---

[250] Закон за частната охранителна деиност ( достапен на: https://www.lex.bg/en/laws/ldoc/2137180492

нивните простории. Република Бугарија исто така се разликува од околните земји по тоа што Министерството за Внатрешни работи нуди услуги за брзо реагирање во директна конкуренција на безбедносни компании, како и услуга за поставување аларм и патролирање која е во согласност со Член 60 од законот за МВР.[251]

#### 6.3.4.4 Врска со политиката

Бугарија е членка на ЕУ од  2007 година и под притисок на ЕУ Бугарија мораше да ги редифинира своите закони меѓу кои и законите кои го дефинираа приватниот сектор за обезбедување на лица и имоти. Пред тоа  во Бугарија имаше болем процент на криминални активност кои токму беа поврзани со приватните агенции за обебедување. Според аналитичарот Станислав Вагленов брзиот развој на агенциите за обезбедување се должи на три фактори: Политички врски, заплашување и организиран криминал.  Најголем скандал околу овој проблем е случајот со Алексеј Петров кој преку  својата агенција за обезбедување која била само параван за нелагални активости вршел рекет и кон приватни компании и лица.

Иако бугарските закони предвидуваат строги услови за издавање лиценци за овој сектор е најконтрадикторен со реалното работење на истите тие агенции.

## 6.3.5. Република Албанија

#### 6.3.5.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување

---

[251] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.31-32

Актуелниот Закон за служби за приватно физичко обезбедување (Ligji për Shërbimin e Sigurisë Fizike Private) во Албанија е усвоен во 2014 година[252]. Ова е трет закон од иницијалниот закон усвоен во 1993 година и вториот, усвоен во 2001 година. Законот 75/2014 предвидува контрола и надзор на лиценцирање, обука, правила за складирање на оружје и дистрибуција, како и правила за употреба на сила.

Лиценцирањето на субјектите од овој закон се врши според критериумите и постапките утврдени во важечкото законодавство за дозволи и овластувања во Република Албанија. Генералниот директорат на државната полиција ја објавува во Националниот регистар на лиценци и дозволи одлуката за одобрување или одбивање на барањето за лиценцирање. Лиценцата е временско ограничување.

Член 7 ги наведува категориите на лиценци предвидени според овој Закон. Поделени се во две под категории: а) I.3.A "Физичко обезбедување на државни и приватни установи, на физички лица, социо-културни, спортски, религиозни и политички настани ", кои се организираат низ целата територија на земја; б) I.3.B, “Обезбедување при транспорт на од монетарната, материјална и скапоцената вредност “, кој се практикува низ целата земја.[253]

Задолжено за издавање на дозволи за работа на агенциите за обезбедување е Министерството за внатрешни работи.

### 6.3.5.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување

---

[252] Закон за служби за приватно физичко обезбедување на Република Албанија, Службен весник на Република Албанија бр. 75/2014 од 10.7.2014

[253] Закон за служби за приватно физичко обезбедување на Република Албанија, Службен весник на Република Албанија бр. 75/2014 од 10.7.2014

Генереално, во Република Албанија компаниите за прватно обезбедување ги ангажираат бизнисмените, меѓународните организации, амбасадите, хотелите, банки, градилишта и државните институции.

Компаниите даваат широк спектар на облици на заштита, почнувајќи од статично обезбедување, непосредна заштита, брзо реагирање, и обезбедување на транспорт на пари и вредности. [254]

Во зависност од големината на компанијата и услугата што таа ја дава на пазарот, постојат три категории на лиценци и тоа: категорија А вклучува фирми што даваат услуги за обезбедување на приватни и јавни згради, категорија Б се однесува на фирми што се занимаваат со физички обезбедувања, и во категорија Ц спаѓаат фирмите што се занимаваат со обезбедување на транспорт на пари и вредносни предмети.[255]

Актуелното законодавство им забранува на полицајците истовремено да работат во приватниот сектор. Со Законот пак е пропишано техничкиот директор на компаниите да има 5 до 10 години воено или полициско искуство. Значи, иако не постојат формални врски, сепак постојат неформални контакти и врски меѓу полицијата и приватните агенции за обезбедување. Во суштина полицијата контролата врз овие компании не ја смета за важна задача, бидејќи смета дека немаат доволно време и ресурси за да се занимаваат со тоа прашање.[256]

### 6.3.5.3. Врска со безбедносниот сектор

Во Албанија, индустријата за приватна безбедност сѐ уште е релативно мала и недоволно развиена што ја одразува економската ситуација во земјата, но исто така е делумно резултат на законодавството кое ја ограничува големината на компаниите во однос на бројот на локалната полиција во секоја област.

---

[254] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр231.

[255] Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018, стр.451.

[256] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.12.

#### 6.3.5.4 .Врска со политиката

Во земјата се јавуваат голем број прашања поврзани со контролата на малото и лесното оружје. На приватните обезбедувачи им е дозволено да носат воено оружје, да користат свое оружје и да чуваат оружје дома - носејќи ја со себе опасноста од злоупотреба на оружјето во домашната средина. Проверката на минатото на вработените во агенциите за обезбедување се чини дека е недоволна и постојат докази дека во индустријата работат нелиценцирани оператори, факт што го поткопува регулаторниот систем и системот за обука. Постојат и докази дека некои компании имаат несоодветни врски со политичките партии и дека некои вработени во агенциите за приватно обезбедување користеле диспропорционална сила во текот на нивната работа.[257]

### 6.3.6. Република Босна и Херцеговина

#### 6.3.6.1. Законски основи за формирање агенции за обезбедување

Приватни агенции за обезбедување за прв пат се појавиле во 1995 година, непосредно после завршетокот на војната. Како прва фирма за која се констатира дека функционирала во БиХ, била хрватската копманија “Соко“ која е основана во 1995 година. А како прва босанска агенција за обезбедување е БЛОК, која својата работа ја започнала во 1996 година.

Федерација на Босна и Херцеговина прашањето за приватните агенции за обезбедување го решава преку Законот за агенции и внатрешни служби за заштита на луѓе и имот, ("Službene novine Federacije BiH", br. 50/02). Законот за прв пат е донесен во 2002  променет и унапреден на два пати и тоа во 2008 година ("Službene novine FBiH", broj 78/08) и во 2013, Zakon o izmjenama i

[257] Исто, стр.12

dopunama Zakona o agencijama i unutrašnjim službama za zaštitu ljudi i imovine ("Službene novine Federacije BiH", broj 67/13)[258]

При основањето на агенциите во федерацијата БиХ, основачот е должен да поседува одобрение за работа или лиценца, набавена од надлежниот контролен орган за внатрешни работи, а потоа надлежниот суд да поднесе барање за внес во судскиот регистар. Основачот или сопственикот не смее да биде осудуван за кривични дела, ниту пак против него да се води кривична постапка, да не е казнуван во однос на прекршување на јавниот ред и мир. Соодветното одобрение е доказ за исполнување на условите кои се предвидени со законот за основање на приватни безбедносни компании. Ниту една агенција, нема да добие дозвола за работа, доколку не донесе на повидок доказ за запис во судскиот регистар. Уписот на агенции во судскиот регистар, како што спомнавме го извршува надлежниот суд во зависност од седиштето на агенцијата. Контролата и надзорот над работата на приватните агенции за обезбедување го извршуваат полициските органи.[259]

Работите во надлженост на агенциите можат да ги извршуваат само лица кои ги исполнуваат следните услови: да се државјани на Федерацијата на БиХ, односно Република Српска; да имаат 18 години (за работна заштита), односно 25 (за детективска работа); да имаат дозвола за вршење на работна заштита; да се телесно и душевно способни за дозвола за вршење на работна заштита; да поседуваат најмалку средно училиште (техничка насока за техничка заштита) додека лицата мора да имаат најмалку виша стручна подготовка, односно висока или виша подготовка (за детективска работа); против нив да не се води кривична постапка и да не се осудувани за кривични дела кои се гонат по службена должност или за прекршок против јавниот ред и мир со карактеристики на насилство; да немаат отказ од страна на полициските служби од страна на комесарот на Меѓународната полиција на ООН (International Police Task Force-

---

258 Zakon o izmjenama i dopunama Zakona o agencijama i unutrašnjim službama za zaštitu ljudi i imovine ("Službene novine Federacije BiH", broj 67/13)

259 Магистерски труд, *Концептот на приватна безбедност во некои земји од Балканот-компаративна анализа*, М-р Велкова, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, стр.15

IPTF) и да не е сменет од воената служба од страна на командата на Стабилизациските тела.[260]

Она што е заедничко за трите закони кои ја регулираат приватната безбедност е дека одобренијата за работа на агенциите за обезбедување ги издаваат полициските органи (во федерацијата Босна и Херцеговина тоа се катоналните органи за внатрешни работи, во Република Српска тоа се центрите за јавна безбедност, и во обласа Брчко, соодветната полиција во надлежноста на истата област).[261]

### 6.3.6.2. Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување

Активностите за кои компаниите од оваа дејност имаат овластување да ги извршуваат се пропишани во Член 4 на Законот. Дејностите на агенциите за приватно обезбедување вклучуваат задачи поврзани со:

- Заштитата на луѓето и имотот и се изведуваат како физичка и / или техничка заштита на начин утврден со овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.
- Физичка заштита, во смисла на овој закон, е тесно поврзана со заштитата на луѓето и имотот од уништување, оштетување, кражба и други форми на опасни или штетни ефекти врз човековото здравје и живот или за имототи физичка заштита на лицата што се во движење (блиска заштита).
- Техничката заштита, согласно со овој закон, е заштита на лица и имот со помош на технички средства и опрема наменети за оваа цел.

Во рамките на активностите на агенцијата, заштитата на лица и имот вклучува:

1) осигурување на економски, деловни, станбени и други објекти;

---

[260] Бакрески О., Барџиева Л., *Преглед на приватната безбедност низ призмата на компаративното законодавство на некои од земјите на Балканот*, Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, год.5, бр.1, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.84-85

[261] Магистерски труд, *Концептот на приватна безбедност во некои земји од Балканот-компаративна анализа*, М-р Велкова, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, стр.16

2) физичка заштита на лица (блиска заштита);

3) осигурување на превоз, придружба и пренос на пари, хартии од вредност и вредни предмети;

4) заштита на природните богатства и животната средина;

5) обезбедување на одржување на спортски натпревари, културни и други манифестации и јавни собири[262]

### 6.3.6.3. Врска со безбедносниот сектор

Исто како и кај другите држави, голем дел од вработените во приватниот безбедносен сектор се поранешни припадници на полициските или воените служби, поради што се смета дека врската помеѓу овие два сектора е голема. Неформални договори за соработка се постигнувани помеѓу полицијата и приватните безбедносни компании во случаите со пренос на пари и скапоцености, кога полицијата би се согласила да го надгледува преносот на пари и скапоцености за одредени правни лица и банки.[263]

Проблемот произлегува од партнерскиот однос помеѓу обете страни, окарактеризиран со недостаток на меѓусебна почит. Ова е како резултат на нецелосно разбирање на улогата и функциите кои ги извршуваат обата сектори. Полицијата треба да го нокаутира негативниот став кон приватните агенции за обезбедување, и да ја земе како позитивен знак можноста за намалување на криминалот и кривичните дела. Во последно време е забележана соработка како во однос на постојаниот зголемен интензитет на криминалот, така и во напорите за отркивање и спречување на кривични дела.[264]

---

[262] Zakon o izmjenama i dopunama Zakona o agencijama i unutrašnjim službama za zaštitu ljudi i imovine ("Službene novine Federacije BiH", broj 67/13)

[263] *SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe*: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.20

[264] Nikać Z., Ahić J., I dr., *Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiju*, Naucni rad, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije Univerziteta u Sarajevu 2013, стр.23

#### 6.3.6.4. Врска со политиката

Компаниите за приватна безбедност во Босна и Херцеговина се тесно поврзани со политичките партии, иако федералниот закон на Босна и Херцеговина им забранува на компаниите за приватна безбедност да нудат услуги на политичките партии.

### 6.3.7. Република Црна Гора

#### 6.3.7.1 Законски основи за формирање агенции за обезбедување

Со Законот за заштита на лица и имот на Република Црна Гора, за прв пат објавен во Службен весник на 9.5.2005 година се регулира дејноста на заштита на лица и имот од страна на лица и деловни субјекти кои не ги обезбедува државата и ги поставува условите за вршење дејност која се однесува на заштита на лица и имот. Откако законот за прв пат е донесен во 2005 година, два пати е направена измена. Првиот пат во 2014 година измената и надополнувањето на законот се однесува на пропишаните парични казни за прекршоци. Како најнов и најкомплетен закон кој ги исполнува европските норми е донесен на 26. јуни 2018. година (Службен весник на РЦГ, број 43/2018).

Во рамките на овој закон се уредени условите и начинот на извршување на дејноста и вршење на работите на заштита на лица, имот и добра кои не ги обезбедува државата, како и условите и начинот на вршење на работи од заштитен карактер, но и други прашања кои се од значење за вршење на работите во делот на заштитата. Според членот 2 оваа заштита се однесува на спречување на загрозување на безбедноста и спречување на противправни дејства насочени кон лица и имот преку физичка и техничка заштита. Членот 3 од истиот закон ги уредува активностите за заштита кои може да ги врши друштвото, друго правно

лице и претприемач регистрирани во Централниот регистар на стопански субјекти и да имаат овластување за вршење на заштитни активности издадени согласно со овој закон. Заштитните активности ги вршат физички лица кои имаат дозвола за вршење на заштитни задачи издадени согласно со овој закон како претприемачи или вработени во друштво или друго правно лице од ставот 1 на овој член.[265]

### 6.3.7.2 Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување

Услугите кои ги нудат приватните компании за обезбедување во Црна Гора се опишани во Членот 8 од Законот. Тие услуги опфаќаат: заштита на имот и објекти од уништување, оштетување или кражби; заштита на природни богатства, добра и животната средина; одржување на редот на јавните манифестации; заштита на лица од облици на загрозување на нивниот живот, физичкиот и психичкиот интегритет, приватноста и личните права како и други облици на загрозување на нивната безбедност; извршување заштитни работи во транспорот (при носење пари, хартии од вредност, богаство итн.); заштита на имотот и објектите во фазата на проектирање, изградба и одржување на алармни и видео системи и централи, како и на другите технички системи.

Давањето услуги на приватно обезбедување се дозволува само на посебни субјекти и правни лица кои се запишани во Централниот регистар на стопански субјекти и кои имаат одобрение за вршење на дејноста во согласност со законот.[266]

### 6.3.7.3 Врска со безбедносниот сектор

---

[265] Zakon o zastita lica I imovine Службен весник на РЦГ", број 29/2005

[266] Бакрески О., Барџиева Л., *Преглед на приватната безбедност низ призмата на компаративното законодавство на некои од земјите на Балканот*, Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, год.5, бр.1, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.86-87

Приватните безбедносни компании во Република Црна Гора сеуште сакаат да ја докажат својата легитимност и професионалност и се промовираат доверливи компании кои нудат широк спектар на услуги.

Поради малата големина на територијата на Република Црна Гора врската на приватниот и јавниот приватен сектор е голема. Голем дел од приватните безбедносни компании се основани од поранешни членови на Министерството за Внатрешни Работи. Јавниот и приватниот безбедносен сектор соработуваат за обезбедување на спортски натпревари и поголеми концерти, каде што јасно се одредени улогите на двете страни. Надвор од овие случаи не постојат договори за соработка помеѓу јавниот безбедносен сектор и приватните безбедносни компании.[267]

#### 6.3.7.4 Врска со политиката

Агенциите за обезбедување во државие од Југоисточна Европа се соочуваат со феноменот да секогаш се врзани за политичките структури кои се на власт. Најчесто тие и се формирани од членови или лица блиски до политичките партии и нивната соработка отпочнува со користење на нивните услуги врзани за политички собири, лица или членови на партијата.

Ваквата поставеност на работите не ја одминува ни Црна Гора особено имајќи предвид дека не е членка на Европската Унија и не се почитуваат законите пропишани од законодавството кое владее во рамки на Унијата. Особено се познати случаи на корумпираност во однос на тендери за обезбедување на јавни објекти поврзани со политичките партии на власт.

### 6.3.8. Романија

#### 6.3.8.1 Законски основи за формирање агенции за обезбедување

[267] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.82

Во Романија со Законот бр.333 од 2003 година, односно Законот за заштита на објекти, добра, вредности и лица, врз чијашто основа сите фирми (вклучувајчи ги и странските компании) што даваат услуги како приватно обезбедување мора да имаат дозвола за работа што ја издава Полицијата. За сите вработени во овој сектор, Полицијата и Романската информативна служба претходно вршат безбедносни проверки. Еден од условите за овој тип на работа е завршената обука во траење од 90 дена.[268]

Забрана за работа во секторот имаат лицата кои имаат кривично досие. Сопствениците на компаниите мора да ги достават следните податоци за пријавување на фирмата: лична карта, возачка дозвола, биографија, лекарско уверение, психолошка процена, како и доказ дека ја поминале потребната обука.[269]

Врз основа на Законот, Лиценца за обезбедување се добива исполнувајќи ги следните услови:

- доказ за работата на организацијата и прописите за функционирање на компанијата;
- прикажување на списокот на материјални, технички, транспорт, комуникации, аудио-видео, опрема препознавање и идентификација, алармни системи против системи за кражба, тајминг и броење, со надзор и испраќање, компјутери и софтвер што се користи со оружје и други технички средства дел од донацијата на компанијата, во зависност од предметот на активност;
- регистрација на името на компанија и препознатлив знак регистриран во Канцеларијата за Државни пронајдоци и трговски марки;
- доказ за известување со кое е објавено окружниот совет или, во зависност од случајот, Генералниот совет на Општина Букурешт во врска со фактот

---

[268] Бакрески О., *Безбедносни системи: Компаративна анализа*, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018, стр.309

[269] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005, стр.72

дека компанијата ќе има свое седиште општествена одговорност во нивната област на одговорност;

- доказ за плаќатен на надоместок за добивање дозволата за работа;
- доказ за професионална потврда за лицата кои вршат активности на заштита.[270]

Според податоците од 2015 година во Романија дејствуваат 1.557 приватни безбедносни компании кои вработуваат 91.586 лица. [271]

### 6.3.8.2 Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување

Услугата на приватниот безбедносен сектор во Романија е наменета за различна клиентела. Клиентите се деловни, политички и меѓународни организации и компании во Романија кои доставуваат барање врз основа на закон да учествуваат во заштита на своите имоти и најголем дел од нив одлучиле оваа работа да му ја доверат на приватниот безбедносен сектор.[272]

Според Законот, услуги кои ги нудат агенциите за обезбедување во Романија се: Заштита на имотот од неовластен пристап; чување на имот од кражба, уништување, пожари и други штетни дејства; материјали; откривање на супстанции, оружје, експлозив или материјали од било кој вид што можат да предизвикаат штета; заштита на интелектуалната сопственост; Заштита на животната средина; обезбедување на информациите до надлежните органи поврзани со инцидентите се случиле за време на безбедносната активност, обезбедување на компании, објекти на критичка структура, заштита на странски-дипломатски претставништва, техничко обезбедује и слично.[273]

---

[270] Законот за заштита на објекти, добра, вредности и лица

[271] Според CoESS Facts & Figures, повеќе на: https://www.coess.org/newsroom.php?page=facts-and-figures

[272] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., *Приватна безбедност: теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.224.

[273] Закон бр. 333/2003

Надзор над работата на приватниот безбедносен сектор во Романија врши Генерален инспекторат на полицијата.[274]

### 6.3.8.3 Врска со безбедносниот сектор

Според Законот на полициските службеници во Романија им е забрането да работат како приватно обезбедување. Сепак, ова не се почитува во целост и одреден број на работници, а особено повозрасни лица кои работат во овој сектор се поранешни припадници на војската и полицијата. Исто така, дел од сопствениците на приватните агенции за обезбедување се поранешни припадници на јавниот безбеносен сектор.

Уште еден пример на поврзаност е и случајот кога полицијата потпишала договор за краткорочна соработка во 1998 година, со кој и се одзволувало на полицијата да ги користи возилата на ПБК, во време кога полицијата била во недостиг. Исто така постојат и протоколи помеѓу полицијата и одреден број на приватни компании за заедничко одржување на јавниот ред и мир. Забележани се и случаи кога жандермеријата обезбедувала комерцијални услуги. За да не дојде до директна конкурентност и пресрет на интересите, многу е важно јасно да се разграничат овие два сектора.[275]

### 6.3.8.4 Врска со политиката

Во принцип постојат многу малку докази за директни врски помеѓу приватните безбедносни компании и политичките партии во Република Романија или со политичките службеници. Сепак и самите политичари и политички партии

---

[274] Private Security Services in Europe, Confederaton of European Security Services, CoESS Facts & Figures, Belgium 2011, стр.99

[275] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005

ги ангажираат приватните безбедносни компании за нивна приватна безбедност што покажува недоверба во јавниот безбедносен сектор.[276]

## 6.3.9. Грција

### 6.3.8.1 Законски основи за формирање агенции за обезбедување

Во Република Грција работењето на агенциите за приватно обезбедување е регулиран со Законот за приватна дејност. Овој закон за прв пат е донесен во 1997 година. По донесувањето е изменет и дополнет неколку пати: во 2000 година, во 2003 година и 2008 година.

Претпријатијата што работат во оваа дејност, согласност со став 1 од член 1 се должни да имаат посебна дозвола за оваа намена издадена од раководителот на седиштето на грчката полициска служба, по мислење на комисија од три члена составена од раководителот на службата за правно советување на Генералниот секретаријат за јавен ред и мир од Министерството за внатрешни работи, началникот на Одделот за управување со криминал на Дирекцијата за јавна безбедност и началникот на Одделот за оружје и експлозиви на Дирекцијата за државна безбедност на грчките полициски сили или нивни заменици.[277]

---

276 *Uporedbeni prikaz sektora private bezbednosti u Jugoistocnoj Evropi*, Klub studenata Fakulteta bezbednosti, Decembar 2006, стр.42

277 Law no.3707/2008

Сопствениците, менаџерите и оперативнот оперативниот персонал се подложни на проверки на криминалното минато. Лица кои се кривично осудени на казна затвор подолга од шест месеци не можат да работат во секторот на приватната безбедност. На лицата кои се осудувани за некоја од следните кривични дела, им се забранува извршување должност во компаниите за приватна безбедност како: граѓанска непослушност, загрозување на човековите права и слободи, сексуално вознемирување, акти на фалсификување и фалсификување со измама, уцени, нарушување на правото на слобода на говор, изразување, кражби, измами, предавство, давање и примање мито или корупција, угнетување, употреба на наркотични средства и криумчарење.

Дополнително, Оперативниот персонал треба да има завршено воен рок и соодветна обука. Носењето на униформа е задолжително.[278]

### 6.3.8.2 Услуги кои ги даваат агенциите за обезбедување

Според одредбите од овој закон, приватните безбедносни фирми се сметаат за приватни, индивидуални или корпоративни компании, кои им обезбедуваат на трети лица една или повеќе од следниве услуги:

а) надзор или чување на движен или недвижен имот и објекти,

b) заштита на физички лица,

c) безбеден транспорт со специјално прилагодени оклопни возила за пренос пари, хартии од вредност, скапоцености, антиквитети, уметнички дела и вредни предмети,

d) заштита на јавни настани, изложби, конференции, натпревари и спортски настани;

e) контрола на екипажот, патниците, рачен багаж, багаж, стока и поштенски пратки на аеродроми и пристаништа, и воопшто во овие објекти по одобрение од надлежен орган, на пристаниште или аеродром,

---

278 Davidovic D., Kesetovic Z., *Uporedbeni prikaz zakonodavstva privatnog sektora bezbednosti I zemljama EU,* преземено од Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., Приватна безбедност: теорија и концепт, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.233

f) придружба за безбедно движење на возила што превезуваат гломазни или тешки предмети, користејќи специјални возила опремени со елементи за комуникација согласно со став 1 од член 4

g) придружба на спортски делегации за нивно безбедно движење,

h) Плански мерки за планирање за безбедно спроведување на активностите,

i) Инсталација, одржување и мониторинг на работењето на опремата и безбедносни и алармни системи, освен оние кои се поставени на автомобилот,

j) прием, контрола и пренос на алармни сигнали и

k) изработка на елаборат и дизајнирање на системи за безбедност, во однос на активностите од случаите i и j од овој став.[279]

### 6.3.9.3 Врска со безбедносниот сектор

Работата на агенциите за обезбедување во Грција е тесно поврзана и во одредени инстанци зависна од полициските служби. Ова се однесува на тоа што лиценците за работа на овие агенции се издаваат од страна на полициските служби како и тоа дека полицијата на некој начин е надзорен орган на овие агенции што е попрецизно објаснето во одредени членови од овој Закон. Во членот 7 се предвидува дека агенциите за приватно обезбедување и нивниот персонал во вршењето на нивните активности се надгледувани од страна на надлежните локални полициски власти и доколку дојде до криминален настан да се побара нивна помош. Од друга страна, полицијата не смее да ангажира приватно обезбедување за справување со јавни собири.

[279] Law no.3707/2008

# Заклучок

Приватната безбедност се повеќе и повеќе ја докажува својата улога во современото општество и неопходноста од нејзиното постоење. Покрај полицијата и војската, таа е најзначаен фактор во однос на обезбедувањето на стабилна безбедносна состојба како на национално, така и на меѓународно ниво.

Нејзината природа е специфична и динамична, а со самото тоа анализирањето на аспектите на овој сектор претставува доста сложена и тешка работа.

Со самата еволуција на индустријата наметната е потребата од константно следење на трендовите и надоградување на концептот на приватната безбедност, а со тоа  и воспоставување на норми и правни рамки кои би ја зајакнале позицијата на индустријата и би придонеле кон зголемување на одговорноста на

приватните актери, подобрување на транспарентноста а со тоа и стекнување на поголема доверба во општеството.

Од досегашните истражувања може да се заклучи дека прашањето за регулирањето на приватната безбедност е од огромно значење за безбедноста на државите. Постоењето на законски регулативи е исклучително неопходно, односно од огромна важност е потполно нормативно да се регулира работењето на приватните безбедносни агенции, да се воспостават соодветни стандарди и професионалност во работењето, бидејќи многу лесно може да преминат во сивата зона на работење.

Законското уредување на приватниот безбедносен сектор дава широка платформа дека односите и работите во овој сектор ќе се одвиваат по одреден ред. Накратко, целта на содржината на правната регулатива на приватниот безбедносен сектор е да се воспостават и изградат стандарди во оваа област, да се развие професионалната етика и работното однесување, да се зголеми нивото на услугите кои секторот ги нуди, како и подобрување на угледот на истиот.

Исто така, се смета дека регулирањето на приватниот безбедносен сектор ќе овозможи компаниите за обезбедување да ги извршуваат своите задачи во согласност со законските норми и прописи, со што би се спречило одредени личности да вршат самоволие при извршувањето на соодветните задачи.

Регионот на Југоисточна Европа најбрзо ја доживеал приватизацијата во периодот на минатите декади, движејќи се од речиси потполно отсуство на приватна безбедност кон крајот на 1980те, па се до точка каде приватната безбедносна индустрија претставува најголемиот вработувач и безбедносен провајдер. Додека во некои делови од регионот приватната безбедност е релативно неразвиена, во други делови пак, индустријата доживеала точка на ширење каде бројот на припадници вработени во приватниот безбедносен сектор значително го надминува бројот на државниот полициски персонал.

Постоењето на приватни агенции за обезбедување е присутно во сите држави од регионот, а е наметнато од економскиот развој на земјите. Во Југоисточна Европа, услугите кои ги даваат агенциите за приватно обезбедување се речиси исти кај сите држави. Тие меѓу другото се: физичко обезбедување во

голем број разновидни простории, места и области; транспорт на вредни работи и третман на готовина; мобилна патрола, мониторинг и интервенција по аларм; заштита на лица; инсталација и одржување на системи и опрема за обезбедување; приватни истраги; Заштита на лица и имот, физички и технички средства, како и одржување на редот и мирот на јавни собири, спортски настани и други места каде се собрани граѓаните, во делот кој не е во надлежност на Министерството за внатрешни работи безбедносни консултанти и инженери и многу други.

Делувањето на ваквите агенции е регулирано со соодветни законски рамки и прописи на национално ниво, а однос на приватната безбедносна индустрија се применуваат бројни меѓународни договори и начела. Дел од нив се: Меѓународниот код на однесување на приватните безбедносни провајдери, Montreux Документот, бројни препораки и акти на Советот од Европа, разни Конвенции и слично.

Во државите од Југоисточна Европа се разликуваат законските решенија во однос на определувањето на условите за вршење на работите и активностите на приватната безбедност. Истражувањата покажуваат дека иако повеќето земји од регионот одлучиле да ја регулираат приватната безбедносна индустрија на национално ниво, сепак постојат варијации во тој поглед - почнувајќи од земји кои немаат усвоено посебна законска регулатива која ја покрива оваа проблематика, па се до оние со најнапредни регулаторни системи.

Тоа се должи и на спецификите на секоја држава посебно, праксата е различна на пример кај државите-членки на ЕУ и оние што не се. Со оглед на тоа дека државите немаат еднаков историски развој, култура, како и правна традиција, нормално е дека има и одредени разлики во начинот на кој ја регулирале оваа проблематика.

Како што е напоменато погоре, приватната безбедносна инсдустрија во овој предел се појавува кон крајот на 80те и почетокот на 90те години, сепак развојот не е рамномерен кај сите држави. Како за пример, Србија 20 години немала закон кој ја регулирал приватната безбедност, додека во другите држави порано се донесени законски решенија (Бугарија, Романија). Разлики постојат и во поглед на

тоа дали одредена држава има донесено еден, два или повеќе закони кои ја регулираат оваа област, понатаму во однос на бројот и обемот на подзаконските регулативи, условите за вршење на работите на приватното обезбедување и слично.

Претежно агенциите за обезбедување се регулирани со исти одредби, имаат исти овластувања, а и во однос на услугите кои ги обезбедуваа нема некои големи разлики. Уште една заедничка карактеристика е што во повеќето од државите, надзор над активностите на приватните компании за обезбедување врши Министерството за внатрешни работи. Тоа исто така претставува главен орган за издавање на лиценци за работа во приватното обезбедување. Дополнително, и условите за добивање на лиценци не се разликуваат многу од држава во држава.

Во Република Македонија работењето на приватните безбедносни компании е регулирано во 1999 година, со донесувањето на Законот за обезбедување на лица и имот. Овој Закон создадава услови за легално вршење на дејноста обезбедување на лица и имот, се определуваат субјектите за вршење на дејноста и начините на кои истите доаѓаат до потребните документи.

Статистичките показатели од Централниот регистар за 2017 година упатуваат на фактите дека Министерството за внатрешни работи има издадено важечки дозволи на 148 субјекти, од кои само 51 агенција/компанија се усогласени според Законот за приватно обезбедување со број на вработени 3740, додека дејноста услуга за заштита со помош на сигурносни системи остваруваат 62 субјекти од кои само 42 компании се усоглсени со Законот за приватно обезбедување со вкупно 151 легитимација.

## Користена литература

1. Авант Д., Приватна безбедност, во Студии по безбедност: Вовед, (Вилијамс П.), Арс Ламина, Скопје, 2012
2. Avant D., Think again: Mercenaries, Foreign Policy, July/August 2004
3. Avant D., The market for force: The Consequences of Privatizing Security, Cambridge University Press, 2005
4. Avant D., Private Military Companies and the Future of War, (достапно на: http://www.fpri.org/articles/2006/04/private-military-companies)
5. Анђелковић С., Корпоративна безбедност као чинилац националне безбедности, докторска дисертација, Факултет за европске правно-политичке студије, Нови Сад, 2015
6. Ahić J., Harmonizacija zakonske regulative private sigurnosti u BiH u kontekst evropskih integracija, Naucni rad, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije Univerziteta u Sarajevu, 2015

7. Бакрески О., Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт Т.А., Скопје, 2012
8. Бакрески О., Безбедносни системи: Компаративна анализа, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје, 2018
9. Бакрески О., Триван Д., Митевски С., Корпорациски безбедносен систем, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Скопје 2012
10. Бакрески О., Триван Д., Муаремоска С., Правни основи за регулирање и контрола на приватниот безбедносен сектор - компаративна анализа, во Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје 2016
11. Бакрески О., Славески С., и Гацоски Ж., Безбедноста низ призмата на приватната безбедност, Комора на Република Македонија за приватно обезбедуање, Скопје 2018
12. Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., Приватна безбедност: теорија и концепт, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015
13. Бакрески О., Барџиева Л., Преглед на приватната безбедност низ призмата на компаративното законодавство на некои од земјите на Балканот, Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, год.5, бр.1, Филозофски факултет, Скопје 2014
14. Бакрески О., Јавната приватна дихотомија како варијабла која ги оцртува политичко - безбедносните релации, во Современа македонска одбрана, меѓународно научно списание, год.14, бр.27, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје 2014
15. Бакрески О., Приватните воени компании и безбедноста, во Безбедносни дијалози, Списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, год.5, бр.2, Филозофски факултет, Скопје 2014
16. Bakreski O., Miloshevska T., Comparative analysis of the legislature of the private security sector of certain countries of the European Union, Меѓународен годишник на Факултетот за безбедност, Скопје 2014

17. Бузан Б., Луѓе, држави и страв: Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи, Академски печат, Скопје 2010
18. Бејлис Џ., Вирц Џ., Греј К. и Коен Е., Стратегија во современиот свет, Нампрес, Скопје 2009
19. Born H., Caparini M., and Cole E., Regulating private security in Europe: Status and Prospects, Geneva center for democratic control of armed forces (DCAF), Policy paper no.20
20. Блер А., Безбедносни предизвици во Југоисточна Европа на преминот на милениумот, во Современа македонска одбрана, теоретско списание на министерството за одбрана на РМ, 2001
21. Branovic Z., The privatization of Security in Failing States: a quantitative assessment, Geneva Centre for Democratic Control od Armed Forces (DCAF), Occasional Paper No.24, Geneva, April 2011
22. Buckland B, and Winkler T., Javno-privatna saradnja: Izazovi I mogucnosti upravljavanja bezbednoscu, FBD, Forum za bezbednost I demokratija, Beograd, 2011
23. Ванковска Б., Политички систем, Бомат Графикс, Скопје, 2007
24. Ванковска Б., Меѓународна безбедност: критички пристап, Филозофски факултет, Скопје, 2011
25. Вилијамс П., Студии по безбедност - Вовед, Арс Ламина, Скопје, 2012
26. Георгиева Л, Европска безбедност: концепти, процеси и институции, Филозофски факултет, Скопје 2010
27. Георгиева Л, Творење на мирот: мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна, Филозофски факултет, Скопје 2007
28. Гергинова Т., The need for private security institutions, Меѓународен годишен зборник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2014
29. Герасимоски С., Приватната безбедност во услови на глокализација, Годишен зборник на Полициската академија, Полициска академија, Скопје, 2007/2008
30. Gerasimoski S.,Towards the new legislation on private security in Republic of Macedonia, Факултет за безбедност, Скопје

31. Gounev, P. (2006). “Bulgaria’s Private Security Industry”. In: Bryden, A. and M. Caparini, (eds.). Private Actors and Security Governance. Geneva:LIT & DCAF
32. Даничиќ М., и Пилиповиќ В., Систем заштите лица и објеката, Факултет за правне и пословне студије “р. Лазар Вркатиќ, Тампограф, Нови Сад 2011
33. Даничиќ М., и Пилиповиќ В., Приватна безбедност, Факултет за правне и пословне студије “др. Лазар Вркатиќ”, Тампограф, Нови Сад 2015
34. Дапчевиќ-Марковиќ Љ., Право приватне безбедности, Факултет за пословни менаџмент, Бар 2010
35. Del Prado J., The Privatization of War: Mercenaries, Private Military and Security Companies (PMSC): Beyond the Wikileaks Files, Center for research of globalization, November 2010.
36. Del Prado J., The Role of Private Military and Security Companies in Modern Warfare: Impacts on Human Rights, (достапно на: http://www.globalresearch.ca/the-role-of-private-military-and-security-companies-in-modern-warfare/32307)
37. Zorić D., Privatna bezbednost razvijenih I zemalja u tranziciji, Fakutet za bezbednost I zastitu, Banja Luka
38. Joksić I., Privatna bezbednost u svetlu nacrta zakona o privatnom obezbeđenju u Srbiji, Univerzitet Privredna akademija, Novi Sad: Pravni fakultet za privredu i pravosuđe,2011
39. Котовчевски М., Национална безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2011
40. Кузев С., Безбедноста, приватната безбедност и детективската дејност, во Годишен зборник на трудови, година 3, бр.3, Европски Универзитет на Република Македонија, Скопје, 2011
41. Krzalic A., Stanje privatne sigurnosti u Bosni I Hercegovini, Centar za sigurnosne studije BiH, 2009
42. Лабовиќ Д., Приватне војне компаније као фактор безбедноснти - предности и недостаци, Военобезбедносна агенција, Министарство одбране Републике Србије, мај 2015

43. Litavski J., Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku, Tromesečnik centra za evtoatlantske studije Novi vek, бр.2, Novembar 2012 (достапно на: http://ceas-serbia.org/root/tromesecnik/Novi-vek-broj-2-Jan-Litavski.pdf)
44. Микац Р., Приватни воени организации како неизбежна компонента на судирите во XXI век, во списанието Современа македонска одбрана, вол.XI,бр. 19
45. Милошевска Т., Бакрески О., Links between Private and Public Sectors in the Republic of Macedonia, достапно: http://www.fvv.um.si/varstvoslovje/Articles/VS_2009-2_Bakreski_Milosevska.pdf
46. Милошевска Т. и Мијалковиќ С.,: Кризата на традиционалниот концепт на внатрешна безбедност на државата, во Безбедносни дијалози, списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, бр.3, год. 2, Филозофски факултет, Скопје 2011
47. Милески Т., Македонија: Рубикова коцка на Балканот, Филозофски факултет, Скопје 2005
48. Милески Т., "Територијалниот императив - Фактор кој влијае на стабилноста во Југоисточна Европа" во Современа македонска одбрана, Меѓународно списание за одбрана, безбедност и мир, бр.23, година XII, Скопје, Декември 2012
49. Mijalkovic S., O nedrzavnom sektoru nacionalnog sistema bezbednosti - inostrana I domaca iskustva, Kriminalisticko-policijska akademija Beograd
50. Mathieu F. Dearden N, Corporate mercenaries: the threat of private military and security companies, November 2006 (www.waronwant.org/download.php?id=485)
51. Nikać Z., Ahić J., I dr., Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiju, Naucni rad, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije Univerziteta u Sarajevu, 2013
52. Петрески Б. и Димитровска А., Соработката помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување на лица и имот во функција на модерниот концепт за

безбедност на Република Македонија, Годишник на Факултет за Безбедност, Факултет за безбедност, Скопје, 2011
53. Percy S., Regulating the private security industry: a story of regulating the last war, International Review of the Red Cross, Volume 94 Number 887, 2012 (www.icrc,org/eng/resources/documents/article/review-2012/irrc-887-percy.htm)
54. Richards A., Smith H., Addressing the role of private security companies within security sector reform programmes, SAFERWORLD, 2011. (http:// www.ssronline.org/jofssm/issues/)
55. Dzekova R., Rusev A., Bulgarija in A force for good? Mapping the Private Security Landscape in Southeast Europe, Geneva Centre for Democratic Control of Armed Forces, Belgrade/Geneva 2015
56. Durmishi A., An outlook on the Albanian private security market since adoption of the law on Private Phisical Security Services in 2014, Discussion Paper, May 2017 (достапно на: http://idmalbania.org/wp-content/uploads/2017/05/Discussion-Paper_Albanian-PSC-after-2014-law-2014__May-2017.pdf)
57. Schreier F. and Caparini M., Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies, Geneva, DCAF, 2005
58. Skakavac Z., Privatni sektor bezbednosti u Republici Srbiji –u susret zakonskoj regulative, Fakultet za pravne i poslovne studije, Novi Sad (достапно на: http://www.civitas.rs/01/article/pdf/Civitas01_article12.pdf)
59. SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, Second editon, SEESAC, Belgrade 2005
60. Танасковски З., Превентива и заштита на иконите: Поглед кон состојбата во македонските цркви и манастири, Македоника литера, Скопје 2016
61. Tracol C., Is there an appropriate role for Private Military Companies (PMCs) in the contemporary security context?, Kingston University, London 2011,
62. Unijat J., Milošević M. i Petrović P., Privatne bezbednosne kompanije u Srbiju - prijatelj ili pretnja?, Centar za civilno-vojne odnose, Beograd 2008
63. Фишер J.P., Хелибозек Е. и Грин Г., Вовед во безбедноста, Арс Ламина, Скопје, 2009

64. Holmqvist C., Private Security Companies: The Case for Regulation, SIPRI Policy Paper No. 9,Stockholm: SIPRI, 2005
65. Private Security Services in Europe, Confederaton of European Security Services, CoESS Facts & Figures, Belgium, 2011
66. Компаративна анализа на ефектите од странските директни инвестиции во земјите од Југоисточна Европа, Магистерски труд, Универзитет Св.Климент Охридски Битола, Економски факултет, Прилеп 2012
67. Гацоски Ж., Влијанието на приватниот безбедносен сектор во зголемувањето на степенот на националната безбедност во република Македонија, Магистерски труд, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје 2009
68. Велкова М., Концептот на приватната безбедност во некои земји од Балканот-компаративна анализа, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир
69. Втора меѓународна конференција "Придонес кон глобалнаа безбедност и сугурност преку соработка и размена на искуства, пракса и знаење", Комора на РМ за обезбедување на лица и имот, Охрид 29-30.05.2008
70. The Parliamentary Assembly of the Council of Europe, „Recommendation 1858 (2009), Private military and security firms and erosion of the state monopoly on the use of force", Strasbourg, 2009
71. Zakon o privatnom obezbeĐenju (Sl. glasnik na RS br.104/13)
72. Закон за частната охранителна деиност ( достапен на: https://www.lex.bg/en/laws/ldoc/2137180492)
73. Zakon o agencijama za zastitu ljudi I imovine (Сл.весник ФБИХ, бр.50, 14.10.2002).
74. Zakon o agencijama za obezbezenje lica I imovine I privatnoj detektivskoj djelatnost RS (Сл.весник на РС бр.50/02)
75. Закон о заштити лица и имовине Црне Горе („Службени лист РЦГ», бр. 29/05)
76. Zakon br. 333 od 8.jula 2003. godine, "Zakon o zaštiti objekata, dobara, vrednosti i ljudi", Državni glasnik br. 525, 22.juli 2003

77. Закон за обезбедување имот и лица, Службен весник на РМ бр.80/99 и 66/07
78. Закон за детективска дејност, Службен весник на РМ бр.80/99
79. Закон за приватно обезбедување (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.166 од 26.12.2012 година)
80. Закон за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија, бр.28/04)
81. Zakona o privatnoj zaštiti („Narodne novine“, broj: 68/03, 31/10, 139/10)
82. Закон за служби за приватно физичко обезбедување на Република Албанија, Службен весник на Репубника Албанија бр. 75/2014 од 10.7.2014
83. Zakon o zastita lica I imovine Службен весник на РЦГ", број 29/2005
84. Law no.3707/2008

**Интернет линкови:**

- http://www.akademik.mk/privatizatsijata-na-bezbednosniot-sektor-4/
- https://www.ncjrs.gov/pdffiles1/bjs/grants/232781.pdf
- http://documents.tips/download/link/seminarski-rad-privatna-bezbjednost-u-rh
- http://www.danas.rs/danasrs/feljton/privatne_kompanije_van_zakonske_regulative.24.html?news_id=173474
- https://www.forbes.com/sites/niallmccarthy/2017/08/31/private-security-outnumbers-the-police-in-most-countries-worldwide-infographic/#219af810210f
- https://www.theguardian.com/inequality/2017/may/12/industry-of-inequality-why-world-is-obsessed-with-private-security
- http://www.dw.com/sr/blekvoter-privatna-vojska-iz-senke/a-6042113
- http://www.globalresearch.ca/the-big-money-world-of-mercenaries-and-private-security/5386453
- http://www.globalresearch.ca/the-role-of-private-military-and-security-companies-in-modern-warfare/32307

- http://www.globalresearch.ca/breaking-private-security-companies-in-syria-supporting-rebels-foreign-mercenaries-detained/31509
- http://www.globalresearch.ca/the-privatisation-of-war-private-security-companies-on-contract-with-un-humanitarian-and-peace-keeping-operations/5342155
- https://mk.wikipedia.org/wiki/Приватизација
- http://www.akademik.mk/privatizatsijata-na-bezbednosniot-sektor-4/
- http://balkananalytica.info
- https://www.forbes.com/sites/niallmccarthy/2017/08/31/private-security-outnumbers-the-police-in-most-countries-worldwide-infographic/#219af810210f
- https://www.theguardian.com/inequality/2017/may/12/industry-of-inequality-why-world-is-obsessed-with-private-security
- http://www.dcaf.ch/index.cfm
- https://icoca.ch/sites/all/themes/icoca/assets/icoc_english3.pdf
- https://www.icrc.org/en/doc/assets/files/other/icrc_002_0996.pdf
- https://www.eoa.com.gr/en/about-eoa/history
- https://www.parlament.al/wp-content/uploads/2015/11/rel_sig_fizike_17460_1.pdf